МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПОЛИЦИСКИТЕ КОДЕКСИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА, ДЕТЕРМИНАНТА ЗА УСПЕШНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА–КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

СТУДЕНТ: **ТОНИ СТОЈОСКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М187023**
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ИВАН ЕФРЕМОВСКИ**

Свети Николе, 2021

Користени кратенки

- EUPOL - Европска полиција
- EUROPOL - Европска агенција за полиција
- FPU - Формирани полициски единици
- IPO - Индивидуални полициски службеници
- UNPOL - Претставниците на полицијата на ООН
- ГРЕКО - Група од државите членки
- ДКСК - Државна комисија за спречување корупција
- ДЦАФ - Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили
- ЕКПЕ - Европскиот кодекс на полициска етика
- ЕКЧП - Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи
- ЕУ - Европска Унија
- ИНТЕРПОЛ - Меѓународна организација за криминалистичка полиција
- КЕДЖ - Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените
- КЕРД - Конвенција за елиминирање на расна дискриминација
- КПД - Конвенција за правата на детето
- КПМ - Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки
- МВР - Министерството за внатрешни работи
- МПГПП - Меѓународен пакт за граѓански и политички права
- МПЕСКП- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права
- ОБСЕ - Организацијата за безбедност и соработка во Европа
- ОВККИПС - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
- ОМБУДСМАН - Народниот правобранител
- ОН - Обединети Нации
- ООН - Организација на обединети нации
- РМ - Република Македонија
- РСМ - Република Северна Македонија
- УДПЧ - Универзална декларација за правата на човекот
- ЦЕПОЛ - Европската полициска академија

Список на табели и слики

1. Табела 1.....9

2. Слика 1.....39

3. Слика 2.....40

4. Слика 3.....41

5. Слика 4.....42

6. Слика 5.....43

7. Слика 6.....44

8. Слика 7.....90

Апстракт

Полициската етика е релативно млада теоретска дисциплина, која е од особено значење за функционирањето на едно демократско општество. Етиката претставува значајна компонента и составен дел од полициската професија. Целта на ова истражување е работата на полициските службеници и нивниот пристап кон граѓаните во извршувањето на работните задачи, почитувајќи ги човековите права и слободи, согласно одредбите од Уставот, законите и меѓународните договори, како и препораките и прописите од Европскиот кодекс на полициска етика, и компаративна анализа на полициските кодекси од балканските држави. Во овој труд е утврдено нивото на полициска етика и моралот на полициските службеници во извршувањето на работните задачи, системот на контрола на полициското работење, како и потребата од измени и дополнувања на постоечките правила и прописи, врз основа на одредбите од Европскиот кодекс на полициска етика, со единствена цел, да се зголеми довербата на граѓаните во полицијата, а со тоа да се обезбеди посигурен и побезбеден живот во државата.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: етика, полициските службеници, кодекс, граѓани, правила, анализа

ABSTRACT

Police ethics is a relatively new theoretical discipline which plays a huge role in one democratic society. The ethics is an important component and an integral part of the police profession. The purpose of this research is to give information about the work of the police officers and to provide access to the citizens in the performance of the tasks, respecting the human rights and freedoms in accordance with the Constitution, the laws and international contracts, as well as recommendations and regulations of the European Code of Police Ethics and Comparative Analysis of the police code of the Balkan countries. This paper determines the level of police ethics and moral of the police officers in performing their duties, the system of control of the police work, as well as the need to change or include something new to the already existing rules and regulations based on the provisions of the European Code of Police Ethics with one goal – to increase the citizens' trust in the police and to ensure a safer and more secure life in the country.

KEY WORDS: ethics, the police officers, code, citizens, rules, analysis

СОДРЖИНА

Преглед на кратенки

Список на табели и слики

Резиме - Апстракт

Вовед.....1

I. ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ КОН ЕТИКАТА-ПОЛИЦИСКАТА ЕТИКА

1.1. Основни размислувања кон поимот етика и етичко однесување.....7

1.2. За полицијата.....12

1.3. Полициска етика и човекови права - општо.....13

1.4. Полициско работење во Република Северна Македонија…….....…19

1.5. Организација на полицијата…….….....21

1.6. Овластувања на полицијата……...…….....23

1.7. Видови полициски овластувања…….....26

1.7.1. Проверка и утврдување идентитет на лица и предмети…….....…...26

1.7.2. Собирање на информации…….....…27

1.7.3. Повикување…….....…27

1.7.4. Приведување……...…28

1.7.5. Задржување……...…..28

1.7.6. Пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време……...…28

1.7.7. Употреба на средства за присилба……...…29

1.7.7.1. Употреба на физичка сила, гумена палка и средства за врзување 29

1.7.7.2. Употреба на уреди за присилно запирање на возила.....30

1.7.7.3. Употреба на хемиски средства, огнено оружје и други видови на експлозивни средства.....30

1.8.Човековите права и основните слободи во Република Северна Македонија усвоени со Уставот и меѓународните документи.....32

1.9. Контрола на работата на полицијата во Република Северна Македонија 35

1.9.1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС).....36

1.9.2. Народен правобранител (ОМБУДСМАН).....45

1.9.3. Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата.....50

1.9.4. Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК).....51

1.9.5. Здруженијата на граѓани во заштита на човекови права и слободи.....54

II. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОРГАНИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

2.1. Полицијата и нејзината функција во општеството……..….....56

2.2. Меѓународни полициски структури……...…...58

2.2.1. Полиција на ООН, (UNPOL)……...…...58

2.2.2. Полиција на ЕУ, (EUROPOL)…….…….....60

2.3. За човековите слободи и права…….….....….....61

2.4. Меѓународни документи за заштита на човековите слободи и права.……..….....66

2.4.1. Универзална декларација за правата на човекот (УДПЧ)……..….....67

2.4.2. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права……..…….69

2.4.3. Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП)……..……....70

2.4.3.1. Факултативен протокол од МПГПП (1976 година).….…….....71

2.4.3.2. Втор Факултативен протокол од МПГПП (1991 година) …….....72

2.4.4. Конвенција за елиминирање на расна дискриминација КЕРД……..…..72

2.4.5. Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените КЕДЖ (1979 година)…….....73

2.4.5.1. Факултативен протокол на КЕДЖ (2000 година) …..……...…..73

2.4.6. Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки КПМ (1987 година)……...….……...….73

2.4.6.1. Факултативен протокол кон Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки……...….....74

2.4.7. Конвенција за правата на детето КПД (1990 година)…….....……..75

2.4.7.1. Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија (2002 година) …….....……..…….…….....….76

2.4.7.2. Факултативен протокол за вклучување на деца во оружени конфликти.....76

2.4.8. Меѓународни механизми на заштита на човековите права……..….....77

2.4.8.1. Постапката (процедура) 1503 пред Комисијата за човекови права….....78

2.4.8.2. Прирачник за делотворна истрага и документирање на тортура и други нехумани и понижувачки постапки или казни (истанбулски протокол)…….....79

2.4.9. Европска конвенција за заштита на човековите права и слободи…….....80

III. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ЕТИЧКИ КОДЕКСИ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ И ЕВРОПСКИОТ КОДЕКС НА ПОЛИЦИСКА ЕТИКА

3.1. Полициска етика и човекови права (општо).....82

3.2. Кодекс на полициска етика (Македонија).....89

3.3. Кодекс на полициска етика (Србија).....93

3.4. Кодекс на полициска етика (Хрватска).....96

3.5. Кодекс на полициска етика (Словенија).....97

3.6. Кодекс на полициска етика (Црна Гора).....100

3.7. Кодекс на полициска етика (Босна и Херцеговина).....101

3.8. Европски кодекс на полициска етика (ЕКПЕ).....104

3.8.1. Примери за добра практика во Европа.....115

3.9. Европска перспектива во областа на полицијата.....117

4. Почитувањето на човековите права и јакнење на соработката меѓу полицијата и граѓаните.....118

Заклучок со препораки.....121

Користена литература.....126

Вовед

Како резултат на еволуцијата на човекот и неговата желба за создавање на хумано и праведно општество за сите, во кое тој како индивидуа ќе ги остварува своите лични и колективни права, се развива идејата и концептот за човековите права и слободи. Идејата произлегува од моралните права и обврски меѓу луѓето кои егзистираат во еден општествен систем, или меѓу институциите и политичките авторитети во тој систем. Таа идеја се развива до степен да биде прифатена како фундамент во најголем број државни уредувања и култури, како една цивилизациска придобивка од човековата еволуција. Во денешно време човековите слободи и права својата база и концепт ја имаат во меѓународното право, во форма на пишани документи, како правила, прописи и стандарди но и определени релевантни институции кои имаат задача да го контролираат и гарантираат нивното спроведување. Поимот човекови права и слободи како концепт и основа на демократските општества се појавува веднаш по завршување на Втората светска војна и создавањето на Организацијата на обединетите нации (ООН) во 1945 година и со донесувањето на Универзалната декларација за човекови права (УДПЧ) на 10.12.1948 година во дворецот Шајо во Париз.

„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви според достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и свест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството“[1]

Предмет на овој научен труд ќе биде работата на припадниците на полициските сили и нивниот пристап кон граѓаните во извршување на секојдневните обврски и задачи, согласно прописите од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и начинот на контрола на полицијата во Република Северна Македонија, и анализа на Кодексите на полициските служби на балканските држави произлезени од поранешната федерација, споредени со начелата од Европскиот кодекс на полициска етика, како и мислења и анализи за потребата од измени и надополнувања на постоечките правила и прописи. Предметот на трудов ќе биде разработен преку две работни претпоставки.

Првата претпоставка се однесува на улогата на полицијата и нејзината функција во извршување на секојдневните обврски и задачи и пристапот на полициските

[1] чл. 1, Универзална декларација за човекови права, Париз 1948 година

службеници во односите со граѓаните, во согласност со етичките морални вредности и принципи за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи.

Втората претпоставка е фокусирана на тенденциите за подобрување на постоечките правила во извршување на секојдневните обврски и задачи на полициските службеници и нивниот пристап во односите со граѓаните, согласно правилата пропишани во Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, споредено со кодексите на полициските сили во балканските држави и Европскиот полициски кодекс. Секако, при регулирањето на овие правила, и нормирање на оваа сензитивна правна регулатива, правото на живот мора да биде примарно. Работните претпоставки во трудот ќе бидат разработени преку следните методи:

- дедуктивниот метод е основата на трудот, кој ќе ни послужи постоечките правила и прописи на работниците во Министерството за внатрешни работи да бидат разработени од општото до поединечните детали,

- аналитичкиот метод, ќе го заземе централното место при елаборирањето на претпоставките во првиот и вториот дел од темата,

- компаративен метод, ќе се применува во комбинација со претходните два, а посебно ќе помогне во донесувањето на заклучоци, околу утврдување на досегашниот пристап во односот на полицијата со граѓаните и допрецизирање на етичкиот однос при извршување на работните задачи и правната регулатива, како и потребата од усовршување на начинот на едукација на полициските службеници и употребата на полициските овластувања во извршување на секојдневните задачи.

- статистичкиот метод**,** ќе послужи како помошен метод на компаративниот, со одредени факти кои треба да ги потврдат потребите од измени и дообјаснувања на постојната законска регулатива и етичкиот полициски кодекс, со цел да се подобри довербата кон полицијата заради зголемување на сигурноста и безбедноста на граѓаните.

Предметот и работните претпоставки во овој труд се разработени преку три дела и заклучок со одредени препораки.

Во првиот дел од овој научен труд е анализирана работата на полицијата при извршувањето на полициските работи и нејзиниот однос со граѓаните. Министерството за внатрешни работи својата функција ја остварува преку работата на полициските службеници во согласност со одредбите од Законот за полиција. Заштитата и почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија е основна функција на полицијата, согласно

законите и ратификуваните меѓународни договори. Исто така и заштитата на правниот поредок, спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, откривање на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир, со цел граѓаните да се чувствуваат безбедно и сигурно во својата држава. Напредок кон демократското полициско работење се постигнува кога постои промена „од пристап на контрола кон услужен пристап“[2], каде примарната грижа на полицијата останува насочена кон проактивното спречување на криминалот.[3] Основната цел на полицијата во секое демократско општество е заштита на правата и слободите на граѓаните и владеењето на правото, одржувањето на јавниот ред и мир, спречување во вршење на кривични дела и прекршоци, откривање на сторителите на тие дела и борбата против криминалот, сè со цел нормално и непречено функционирање на државните институции. Функцијата на полицијата може да се подели на два дела и тоа превентивна и репресивна:

Превентивната функција опфаќа спречување и откривање на инкриминирачки дејствија и одржување на јавниот ред и мир. Ова е од особено значење за успешно и непречено функционирање на државните институции. Откривањето на сторителите на кривични дела придонесува за напредокот, стабилноста и сигурноста на основните вредности во општетсвото, додека пак, одржувањето на јавниот ред и мир придонесува за непречено остварување и уживање на основните човекови права и слободи на граѓаните во секојдневното живеење и одржување на функциите на државата.

Полициските службеници при извршување на овие активности честопати се доведуваат во непријатни ситуации, каде доаѓа до најразлични конфликти со граѓаните кои понекогаш резултираат со злоупотреби и повреди од едната или од другата страна. Причина за ваквите злоупотреби може да биде или незаконско и непрофесионално постапување од страна на полициските службеници, или пак, недолично однесување (инкриминирачко) од страна на граѓаните во конкретната ситуација. Полициските службеници постапуваат само врз основа на закон и од законот ги добиваат и користат своите овластувања, и мора да ги вршат во согласност со универзално прифатените стандарди за човекови права и слободи. Тоа значи дека полициските службеници треба

[2] ОБСЕ, Улогата на полициското работење во заедницата при градењето доверба во малцинските заедници. Финален извештај (Виена 2002), стр. 4.

[3] Види Совет на Европа, Препорака бр. R (87) 19 за Организирање на превенција на криминалот (1987); Обединети нации, Упатство на комесарот за демократско полициско работење во Федерацијата Босна и Херцеговина, (цит.дел. забелешка бр. 5), Начело 5; Совет на Европа, Препорака 20 (2000) за улогата на навремена психолошка интервенција во превенција на криминалитетот (2000); Совет на Европа, Партнерства за превенција на криминал (цит.дел. забелешка 5); и Совет на Европа, Препорака 8 (2006) за помош на жртвите на криминал (2006).

да работат само врз основа на законот, без разлика на личните чувства и уверувања, почитувајќи ги основните слободи и права на граѓаните гарантирани со Уставот, законите и меѓународните акти, независно од тоа дали граѓаните се прекршители или извршители на некое кривично дело, поточно полициските службеници немаат право по слободна волја да даваат оценки дали дејствувањата на граѓаните се оправдани или неоправдани, морални или неморални, законски или незаконски, туку мора во постапка определена со закон да се утврди дали тоа конкретно дејствување на граѓанинот е кршење на законот или пак, е во рамките на законот.

Репресивната функција опфаќа активности на полициските службеници над граѓаните кога превентивната функција не дала резултати. Поради тоа, полициските службеници во извршување на своите работни задачи честопати длабоко навлегуваат во сферата на ограничување или одземање на основните слободи и права на граѓаните во согласност со законот, особено кога тоа е неопходно со цел да се реализира одредена активност, поточно да се разреши одредено прекршување или кривично дело.

Во репресивната улога на полицијата влегуваат и потешките форми на интервенции, каде репресивните мерки се максимални за извршување на задачите на полицијата, како на пример, борба со криминални банди, терористички групи или организации, потешки облици на нарушување на јавниот ред и мир, масовни протести, демонстрации, обиди за државен удар, тешки форми на насилства, убиства и сл. При преземање на овие полициски овластувања, полициските службеници строго под услови и на начин пропишани со закон и подзаконски акти, само кога тоа е неопходно потребно, може да употребат средства за присилба или огнено оружје заради постигнување на определена лигитимна цел. Поради тоа, од аспект на човековите права и слободи, се работи за овластувања кај кои полициските службеници имаат законска обврска да ги почитуваат достоинството, честа и угледот на граѓаните при спроведување на нивните активности. Во контекс на тоа, постојат мислења дека развојот и усовршувањето на полициската етика уште во текот на образовниот процес и понатаму во професионалната кариера е еден од столбовите за развој на Полицијата, која понатака придонесува за унапредување на демократските процеси во државата и стабилност и унапредување на општествениот систем.

Во вториот дел од трудот е опфатена улогата на полициските органи во спроведување на одредбите на меѓународните документи за заштита на човековите слободи и права. Професионалното постапување на полициските службеници и нивниот коректен однос со граѓаните, почитувајќи ги одредбите од меѓународно ратификуваните

договори, претставува најдобра заштита и гаранција против злоупотребите на основните човекови права и слободи во полициската постапка. Како основни извори од меѓународното право кои се однесуваат на начинот на работењето на јавните служби, а тоа значи и на полицијата како јавна служба, и имаат најголемо влијание во начинот на постапување со граѓаните, е Кодексот за однесување на службените лица одговорни за спроведување на законот, донесен во 1979 година на Генералното собрание на Обединетите нации и Европскиот кодекс на полициската етика усвоен на 19.9.2001 година од Комитетот на министрите на Советот на Европа, чиишто одредби се инкорпорирани во Кодексите на полициската етика на Балканските држави и ќе бидат разработени во третиот дел од трудот.

Полициските службеници се должни да ги почитуваат одредбите на Универзалната Декларација за човекови права, со која се предвидува основната рамка на заштита на човековите слободи и права. Според Универзалната декларација, особено значајни за полициското постапување се членот 3, со кој се утврдува дека секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста, член 5, кој предвидува дека никој нема да биде предмет на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или деградирачко постапување или казнување, како и член 7, кој предвидува дека сите се еднакви пред законот и имаат право, без каква било дискриминација, на еднаква заштита на законот.

Универзалната Декларација за човекови права е „обврска“ на сите држави членки на ОН, и многу меѓународни аналитичари на правото настојуваат да прикажат дека таа е дел од меѓународното обичајно право и како таква е моќна алатка за вршење на дипломатски и друг вид на притисок врз владите на државите кои го прекршуваат било кој член на декларацијата. Многу познати личности во сегашноста и во минатото и оддале признание на Универзалната Декларација за човекови права како на „Меѓународен документ од најголема важност“, како на пример, Папата Јован Павле II кој ја нарекол „Еден од најголемите изрази на човековата совест во нашето време“.[4] Постојат стотици обврзувачки документи во демоктратските држави кои во својата основа покрај сите други правни регулативи се темелат на основните принципи од Универзалната декларација за човекови права на ООН, односно најголемо значење во демократските држави се придава на заштитата и унапредувањето на човековите права и слободи како еден најбитен елемент за развој на општеството.

[4] Говор на Папата Јован Павле II одржан на 05.10.1995 година.

Во третиот дел од овој труд преку анализа и компарација ќе бидат разработени полициските кодекси од балканските држави односно од земјите од поранешната Југословенска федерација. Поточно, во споредбата ќе бидат опфатени пет држави и тоа: Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Кодексите на полициска етика од овие земји и Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи во Република Северна Македонија ќе се разработат преку споредбена анализа со Европскиот кодекс на полициска етика, усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа на 19.9.2001 година, кој претставува основа на полициското работење во демократските држави. Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи ги содржи насоките и принципите на кои се темели работата на полицијата и нејзините општи правила на управување. Самиот Кодекс претставува водич за тоа како полициските службеници треба да постапуваат и да се однесуваат за време на нивната должност и по неа. Кодексот пропишува како да се однесуваме најдобро што можеме и колку е важно една полициска служба да дејствува со интегритет.

На крајот од овој научен труд во заклучокот е произнесено моето лично видување за тоа што е потребно да се промени, а со тоа и подобри работата на полициските службеници, нивната едукација, нивото на професионалност и етичкиот однос со граѓаните заради зголемување на довербата во полицијата и подобрување на општата безбедност и сигурност. Целта на овој труд е да се утврдат применливите правила и стандарди од правото за време на употребата на полициските сили во извршување на секојдневните обврски и задачи и нивниот пристап во односите со граѓаните врз основа на моите лични искуства преку долгогодишна работа во Специјалните полициски сили во Република Северна Македонија. Се надевам дека овој магистерски труд ќе придонесе дополнително да ги операционализира веќе постоечките норми, стандарди, начела и ќе го подобри полициското работење и спроведување на правдата, а со тоа ќе се зголеми сигурноста и безбедноста во државата, како и довербата на граѓаните во полицијата.

I. ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ КОН ЕТИКАТА /ПОЛИЦИСКАТА ЕТИКА

„Можеби сите дојдовме со различни бродови, но сега сите сме во истиот брод.“

Без разлика од каде доаѓате и каде одите, мора да запомните дека државата во која моментално се наоѓате не ви припаѓа лично вам. Вие го делите ова парче земја со голем број луѓе и токму затоа треба да се стремите да живеете во мир со нив.

Мартин Лутер Кинг[5]

1.1. Основни размислувања кон поимот етика и етичко однесување

Етиката ги изучува оние морални размислувања кои се однесуваат на правилното или неправилното, доброто или злото, од гледна точка на моралните вредности. А што е правилно или неправилно, добро или зло, од морална гледна точка, се определува на база на определени критериуми. Такви се, на пример, етичките стандарди. Тие ги вклучуваат, како конкретните морални норми, така и општите етички принципи. Моралните норми се разгледуваат како стандарди на однесување (поведение) кои бараат, забрануваат или поттикнуваат определен тип на поведение. Етичките принципи се поопшти стандарди кои се користат за оценување, како на индивидуалното однесување, така и на функционирањето на јавните институции и односите во нив. Во едно од истражувањата посветени на етиката во јавните услуги во Европската Унија се предлагаат следните работни дефиниции за основните етички поими:

- етика: норми низ кои определени идеи и вредности се пренесуваат во секојдневната пракса;
- вредности: заедничко прифатливи принципи, низ кои се оценува што е добро или лошо;
- стандарди на поведение: потребните критериуми за оценување на практичните активности на вработените и администраторите (Сотирова, 2009).

Ако етиката е свет на филозофијата, јавната администрација е светот кој нè опкружува, таа се наоѓа околу нас и ние живееме со неа во едно општество. Ако етиката

Мартин Лутер Кинг Јуниор (15 јануари 1929 - 4 април 1968) — афроамерикански баптистички свештеник, борец за граѓански права и добитник на Нобеловата награда за мир. Тој е еден од најзначајните личности во поновата историја на САД и се смета за еден од најлијателните поборници на ненасилството, а многу луѓе ширум светот го почитуваат како херој, миротворец и маченик. Како признание на неговата истакната улога во американската историја, во прв ред поради неговата улога за здобивањето на афроамериканците со основните човекови и граѓански права, во 1986, во негова чест, беше прогласен државен празник во САД, наречен Ден на Мартин Лутер Кинг, кој се празнува третиот понеделник во јануари секоја година.

е свет на вредности, овие вредности се душата на јавната администрација и филозофија на управувањето. Ако етиката е светот на моралот, моралот во јавната администрација се има преобразено во важен аспект на доброто управување, но тоа што значи добро управување во нашиот морален живот, најдобро е претставено преку следната реченица: „Ние обично се судираме со два проблема во нашиот морален живот: да одлучиме што е правилната работа за да ја направиме и да имаме морална сила тоа да го направиме“ (Sullivan, 1986).

Несомнено, многубројните дискусии за етиката во јавниот сектор го одразуваат зголемениот општествен интерес и загриженоста во врска со моралот и етиката во целина. Етиката во државната администрација не може да биде одделена од анализата за етичкото поведение. Неетичкото поведение како никогаш до сега не било со толкав фокус на внимание. Само добро функционална етичка инфраструктура придонесува за високиот квалитет на животната средина во јавниот сектор, а нешто што мотивира се високите стандарди на однесување. Реформите со кои се соочува администрацијата, глобализацијата, технолошкиот напредок, проширувањето на демократските правила, финансиската криза, се надворешните сили кои дејствуваат на директен начин на функционирањето и добрата работа на државните организации и доведуваат до поместување на улогата на државните и јавните организации во справување со етички прашања и намалувањето на етичките стандарди во работата. Како резултат на овие околности, јавната власт има потреба од трансформација која ќе одговори на овие проблеми со примена на нови противречни улоги, како што е потребата од изградба на ефективна структура од вредности и насочување на култура за приложување на етички стандарди и етичко поведение. Иако дефиницијата „етичка култура“ звучи мистериозно и езотерично, сепак тоа е една неопходна реалност, која сите вработени е потребно да се обидат да ја осознаат.

Секој човек носи во себе модели на размислување, чувства, дејствување што ги научил во текот на животот. Овие „умствени програми“ (Hoffstede, 2001) на секој човек т.е. изворите на умствените програми се наоѓат во социјалната средина во која поединецот израснал и го има натрупано животното искуство. Програмирањето започнува во семејството, продолжува во соседството, училиштето, младинската средина, работното место и заедницата во која живее индивидуата. Однесувањето (поведението) на едно лице е само делумно условено од неговите умствени програми: тој располага со основната способност да отстапува од нив и да реагира на новите, креативни, деструктивни или неочекувани дејства. Етиката и моралот на секој човек се

составен дел од овие умствени (или ментални) програми. Етичките размислувања секогаш го одразуваат зададениот социјален, културен, политички и економски контекст. Чувството за одговорност и етичко однесување на државните службеници е комплексна мешавина од многу основни елементи: неговата човечка природа (сопствената личност); вредностите на неговата заедница (семејни вредности, училиште, пријатели, локален идентитет); неговата професионална социјализација (на пример, организација, сектор, етика на јавната администрација); неговата лична филозофија (религија, вера, симболи, итн.) (Босаер, Демке, 2005).

Но, што е тоа етика во државната служба? – Посебната (специјалната) етика е етиката на државната администрација. И покрај тоа што државните службеници не работат во вакуум, тие се опкружени со мрежа на вредности и норми. Во оваа смисла, можеме да направиме разлика помеѓу: демократските вредности (слобода на мислење, одговорност на министри, итн.), административни вредности (добра администрација, отвореност, транспарентност итн.), правни вредности и норми (човекови права, итн.), професионални вредности (квалитет, иновации, итн.), индивидуалните и човечки вредности (чесност, лојалност, итн.). На крајот, вредностите се разликуваат и се менуваат според надворешниот и внатрешниот контекст на јавните организации[6].

Табела 1: Надворешни и внатрешни фактори

Фактори	Вредностите во контекст на:
Надворешни	Организацијата и нејзината средина (еднаквост, правен принцип, општо добро, одржливост) Организацијата и другите организации (конкурентност, солидарност)

[6] Повеќе за тоа: Во истражувањето правиме разлика помеѓу два вида етика: општа етика [која се состои од вредности и норми кои се однесуваат до сите луѓе и сите општества (не лажи, не убивај)] и специјална етика [која се однесува до инструкциите за луѓето со конкретни професии и сфера на дејност: како етика на науката, етика на политиката и др.]. Во: Босаер, Д., Демке, К. (2005) *Предизвикателства към морално-етичните норми на поведение в държавите членки на Европейския съюз*. Превод од англиски Bossaert, D., Demmke, C. (2005) Mein Challenges in the Field of Ethics and Integrity in the EU Member States. European Institute of Public Administration. Mastricht.

	Организацијата и општеството (ориентација кон клиентите, квалитет, сигурност, транспарентност итн.)
Внатрешни	Организацијата и нејзините службеници (чесност, лидерство) Вработениот и организацијата (одговорност, компетентност, отвореност, несебичност, итн.) Службеникот и другите вработени (колегијалност, лојалност, екипност, солидарност итн.) Службеникот (самоиницијатива, самостојност, итн.)

Меѓународната организација (OECD) дефинира осум карактеристични вредности за сите јавни администрации во земјите на OECD: непристрасност; законитост; интегритет; транспарентност; ефикасност; еднаквост; одговорност и стабилност.

Во делото на Босаер и Демке (2005), а во согласност и со истражувањето и заклучоците на Хуберт, Колтоф, Ван ден Хувер, се претставува една табела со рејтингот на вредностите за државните службеници, со која се воведени следните вредности: компетентност, коректност кон законот, посветеност, сервисна ориентација, посветеност кон целта, чесност, интегритет, колегијалност, почит, независност, отвореност, полезност. Истите автори понатаму истакнуваат еден интересен наслов: „Децентрализација и индивидуализација, усогласени ли се со општите етички барања“? – тие го искажуваат нивното сопствено мислење што е интересно и актуелно, „парадоксално е дека ние се занимаваме со вредностите на државните службеници, но ние знаеме многу малку за нив“.

Дали земјите членки на ЕУ редовно ги следат односите и вредностите на нивните државни службеници, и кои се вредностите на владините службеници?

На прашањето: „Што ги одредува вредностите и однесувањето на државните службеници?“, ги набројуваат следниве вредности: сопствена филозофија; вредностите на организацијата; очекувањата на раководителот; желбата на граѓанинот; промени на вредностите во општеството; внимание на медиумите; информации; случувањата во работата (работна атмосфера, лидерство, итн.).

Во овој контекст можеби соодветен одговор можеме да побараме од Липовецки (2008), кој истакнува дека во време на транзиција од една кон друга индустриско-технолошка револуција, во која стануваме производ на технологијата, во која „сопствената реализација се гради околу два основни пола - материјалниот и афективен живот“, создаваме масовна „конкретна микроутопија“ или „утопија на личниот живот“,

каде во мудроста се открива последната илузија, и време во кое се поставуваат прашањата:

„Постојат ли перспективи и вредности? Се врши ли варварство над етиката, моралот и естетиката“ - Не, вредностите не се починати, идеалите за доброто и злото не се изгубени, етичката област одново се покажува облечена во достоинство, издигната и активирана.... Сето тоа се толкува како белег на автономија на моралната сфера како знак на плуралистичко општество, во кое вредностите и нивното општествено изразување се ослободени од моќта на црквата и нејзината идеологија.

Во такво општество поединецот сам одредува што треба да прави, како да создава правила за сопственото однесување. Но, луѓето се повеќе склони да поставуваат широки филозофски прашања, како што се вредностите, довербата, дијалогот, недовербата, моралот, еднаквоста, демократијата и други. Така стигнуваме да ги бараме одговорите во филозофијата, која според Денхарт е „важна, не само за државната администрација“, туку и за сите други науки, зашто сите други науки започнуваат од таму каде завршува филозофијата. Таа е основа на секоја наука, таа е мајка на науките.

Филозофијата и етиката се во основата на јавната администрација. Кога мислиме за филозофијата, мислиме за „љубов кон мудроста“, зашто мудроста е знаење за сите нешта. Кога мислиме за етиката или „филозофија на моралот“, мислиме за правилното постапување на некој човек, правилното поведение и добриот живот.

Катрин Г. Денхарт (2001, 270), автор на „Етиката на државните службеници“ напишала дека „да владееш со етиката означува не само да составуваш изјави во кои се содржани конкретен збир на вредности, и не само да избираш вработени со добар морал. Да ја владееш етиката значи да ја анализираш темелно културата на организацијата, да работиш за изградба на културна средина која ја цени високо етиката и моралот, да развиваш методи, процедури и системи кои ќе им помагаат на членовите на организацијата да дејствуваат етички и морално“.

Авторите од теоријата на управувањето, развиваат и препорачуваат одредени пристапи кон воспоставување на позитивна етичка клима во работата на вработените во организацијата, од кои некои се:

- етиката да стане дел од ориентацијата на вработените и програмите за обука;
- етиката да се вклучи како критериум за вкупната оценка на работата и да се осигура редовна обртна врска со вработените;
- да се популаризираат етичките дилеми и организациските погледи за нив;

- да се разгледува искуството во управувањето на различни делови од организацијата, за да се помогне во идентификување на постојните и потенцијалните проблеми од етички карактер;
- да се создаде етички кодекс;
- да се изгради етичка средина, активностите на раководството да одговараат на барањата на однесувањето кои тие го упатуваат кон вработените (Бончек во Денхарт, 2001, 271–272).

Предизвиците пред државните организации се, како менаџерски, така и политички. Државните службеници и лидерите имаат три причини да се чувствуваат слободни и да го изразат сопственото несогласување со одлуката или дејството на организацијата:

Прво, етичка обврска – да ги изразат своите ставови: тие осознаваат дека искуството што го стекнале во текот на годините, може да го подобри квалитетот на донесените јавни одлуки. Тие се обврзани гласно да ги искажат своите грижи.

Второ, многумина се чувствуваат непријатно кога ги изработуваат програмите за кои знаат дека ќе им наштетат на своите клиенти.

Трето, и тоа само во ретки случаи, некои раководители чувствуваат дека се повеќе информирани во разбирањето на државниот интерес од некои политички лидери (Хенеси во Денхарт, 2001, 280–281). Во основата на секое дејствување на државните службеници и раководителите е тоа без разлика дали во формирањето, или при спроведувањето на одредена политика, секогаш има морално и етичко прашање.

1.2. За полицијата (општо)

Полицијата е служба на јавната администрација на која од страна на државната власт ѝ е доверено чувањето на јавниот ред и мир и сигурноста и безбедноста на граѓаните. Полицијата им обезбедува на граѓаните заштита на основните права и слободи кои им се гарантирани со законите и со меѓународните договори. Првите полициски сили биле организирани во Париз 1667 година, додека првиот модел на модерното полициско работење е воспоставен во Англија, во Лондон 1829 година. Законот за метрополитен полиција кој е донесен во 1941 година е составен од дванаесет правила, засновани врз принципите на познатиот англиски политичар Сер Роберт Пил,

но и во денешно време се основа за ефективно и ефикасно полициско работење и прифатени се во голем број држави.

- *Ова се тие дванаесет правила:*

- полицијата мора да биде стабилна, ефикасна и организирана според воената структура,

- полицијата мора да биде под контрола на владата,

- отсуството на криминал е најдобар доказ за ефикасноста на полицијата,

- дистрибуцијата на информации за криминалот е од суштинско значење,

- распоредувањето на полициски сили и во време и во простор е исклучително важно,

- најважната одлика на полицаецот е совршената смиреност,

- убавиот изглед на полицајците влева почит,

- сигурноста и обуката на вистинските луѓе е коренот на ефикасноста,

- условите за јавна безбедност налагаат секој полицаец да добие бројка,

- поради достапност полициската администрација ќе биде централизирана,

- се ангажираат полициски службеници врз основа на резултатите од пробниот период,

- полициските извештаи се важни затоа што доброто распоредување на полициските сили зависи од нив.

Од своето постоење па сè до денес, полицијата е предмет на бројни дискусии, дебати, студии и спорови за нејзината работа и воопшто за оправданоста за нејзиното постоење. Многу претставници на разни идеолошки и други ориентации мислат дека полицијата воопшто не е потребна, но примерите во светски рамки покажуваат дека без присуството на полицијата насилствата, грабежите и хаосот би биле секојдневна слика во општеството. Поради тоа, не само на национално ниво, туку и во поширок меѓународни рамки, се организираат и функционираат полициски служби, пред сè за помош и поддршка на националните полиции, следење на комуникациите и борба со транснационалниот криминал и терористичките активности, кои во последните децении се во постојан пораст и претставуваат глобална закана за човештвото.

1.3. Полициска етика и човекови права

Заштитата на човековите слободи и права е еден од најбитните сегменти во полициското постапување и претставува обврска и одговорност на полицијата кон

нејзините граѓани. Затоа државата мора да има изградено систем на норми и правила кои ќе овозможат целосно имплементирање и почитување на слободите и правата на човекот, но и систем на превенција и санкционирање во услови на нивно непочитување. Како што е познато, основната цел на полицијата во демократските општества и во општествата во развој е владеење и почитување на правото и правниот поредок во државата, одржување поволен јавен ред и мир и борба со криминалот. Заради обезбедување на вакви услови воопшто не се мали овластувањата кои ги има полицијата и токму затоа полициските службеници треба да бидат многу внимателни со граѓаните при постапувањето и спроведување на овластувањата. Помеѓу работата на полицијата и барањата и потребите на граѓаните постои двонасочен однос во кој клучна улога има почитувањето на човековите права.

Професионалниот однос на полицијата и почитувањето на законите и другите регулативи претставуваат најдобра заштита и гаранција против злоупотребите на слободите и правата на луѓето во полициската постапка.

„Во вршењето на своите должности лицата одговорни за примена на законот ќе ги почитуваат и штитат човечкото достоинство и ќе ги бранат човековите права на сите лица“. [7]

Полициските службеници во најголем број се луѓе со морални идеали и мотивации во животот. Најчеста причина за нивно приклучување во полицијата е да придонесат за подобар и побезбеден живот во заедницата. Голем дел од нив се премногу посветени на својата работа и честопати го ризикуваат сопствениот живот за интересите на граѓаните и државата. Сите тие имаат висок личен интегритет и етички вредности. Етиката претставува низа на вредности кои се општоприфатени во општеството или професијата, како и вредности на личност со висок интегритет, додека пак интегритетот претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Според Прирачникот за спроведување обука за полициски интегритет, издаден од ДЦАФ (Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили) во 2015 година, постојат неколку клучни принципи за демократско полициско работење, а тоа се:

- **Придржување кон владеење на законот:** Во демократските општества сите луѓе се подеднакво заштитени и подеднакво обврзани со законот, вклучувајќи ги и оние кои припаѓаат на законодавната, извршната или судската власт, без разлика на вера,

[7] Кодекс за однесување на службениците одговорни за примена на законот - ООН, 1979

религија, социјален статус, боја на кожа, верување, пол и припадност. Тоа значи дека секој, па и полицијата мора да одлучува и да работи согласно постоечките закони, притоа штитејќи ги слободите и правата на другите.

- **Служење на јавноста:** Од полициска гледна точка, служењето на јавноста претставува обврска на полицијата да излезе во пресрет и да одговори на сите барања и потреби на граѓаните и да ја осигура безбедноста во заедницата.
- **Интегритет:** Од организациска гледна точка работење со интегритет значи дека полициската организација во своето работење ги втемелила и дејствува согласно етичките вредности, како што се: еднаквост, праведност, правичност, чесност и почитување на човековите права, додека од индивидуална гледна точка значи дека полицискиот службеник се придржува кон принципот на интегритет кога ќе го усогласи своето однесување со етичките вредности кои ги има утврдено неговата организација.
- **Отчетност:** Под принципот на отчетност се подразбира дека полицијата носи одговорност и дава отчет за своите постапки и одлуки, односно полициските службеници се под лупа како на јавноста така и пред органите и телата на Министерството кои ја следат работата на полицијата, но и пред независни тела надвор од рамките на Министерството како што се народниот правобранител, парламентарните тела за надзор и мониторинг на работата на полицијата и слично.
- **Транспарентност:** Овој принцип ја покажува отвореноста на полицијата кон јавноста, односно сите политики, буџет, закони и информации се лесно достапни за граѓаните. Единствено потребно е тука информациите да бидат точни и навремени и само тогаш граѓаните ќе добијат јасна слика и перцепција за работата на полицијата и да донесат оценка за постапувањето на полициските службеници. Овде е потребно да се спомене дека заради специфичноста на полициското работење и постапување, мора да постои и одредена тајност во информациите кои се пренесуваат во јавноста за да не дојде до попречување или предвремено откривање на полициската активност.
- **Застапување (репрезентативност):** Кадровата застапеност во полицијата го отсликува социјалниот статус и општественото уредување во државата. Пристапот до сите професии, па и до професијата полициски службеник, мора да е достапен за сите граѓани кои ги исполнуваат минимум предвидените норми за тоа. Секогаш државата треба да прави напори колку што може повеќе да има застапеност во полициските организации на граѓани припадници на различни етникуми, со различна социјална положба и почитување на родовата застапеност во структурата на полицијата, и сите да

имаат подеднакви права и во образовниот процес за полициски службеник и во натамошното градење на личниот развој.

- **Ефективност и ефикасност -** Ефективноста во полициската работа се гледа кога полицијата има услови и потребни материјално-технички средства за реализација на своите активности, додека ефикасноста се гледа преку оптимално искористување на средствата кои ѝ стојат на располагање на полицијата и постигнување на целта за минимум потребно време. Но, притоа внимавајќи основните принципи на демократското полициско работење, како што се: интегритетот, владеење на законот одговорноста и почитувањето на правата, да не бидат доведени во прашање.

Секој полициски службеник во своето работење треба да има индивидуална одговорност. Едни од основните критериуми при полициското постапување се **законитост,** што подразбира дека секое постапување на полицискиот службеник мора да се темели исклучиво врз основа на законските одредби, **сразмерност**, односно секогаш употребените средства треба да се онолку доволни колку што е потребно да се постигне целта и, **недискриминација**, значи дека личните постапки на полицискиот службеник не смеат во никаков облик да вклучуваат дисктиминаторски активности кон граѓаните.[8]

Меѓу најзначајните документи за однесувањето на полицијата кон граѓаните се Декларацијата за полицијата[9] и Европската полициска повелба, во кои се вградени начелата, според кои треба да постапува полицијата во вршење на работните задачи. Во Декларацијата е нагласено етичкото постапување на полицијата за време на војна и други вонредни ситуации, додека со Европската полициска повелба е регулирана материјата при работењето на полицијата во заедницата, помош и начин на однесување на полицијата со граѓаните, отфрлање на секаква форма на дискриминација, самоволие и корупција.

„Со цел да ги спроведе своите функции, полицијата има посебни овластувања, имено, апсење, приведување и употреба на сила. Токму овој монопол врз употребата на сила, овластувањето за апсење и приведување ја доведуваат полицијата во уникатна и чувствителна позиција во рамките на демократската држава, па затоа се потребни соодветни контролни механизми со цел да се осигури дека овие овластувања доследно се користат во интерес на јавноста. Како и секоја друга јавна служба, полицијата

[8] Милосављевиќ, Б. (2004). Људска права и полиција. Београд: Центар за антиратну акцију.
[9] Декларација за полиција - Резолуција 690/1979 Совет на Европа

мора да работи непристрасно. Тоа што полицијата се опишува како силна рака на државата, го одразува нејзиното овластување да ги спроведува законите и политиките одредени од државните институции. Во некои земји ова доведува до обиди на државни претставници да влијаат врз полицијата да служи во нивен интерес, наместо во интерес на јавноста (познато како политичко мешање). Токму затоа, други земји гледаат на полицијата како служба која работи во интерес на јавноста, ставајќи акцент на барањето таа да одговори на потребите на народот, со оглед на тоа дека таа ги спроведува своите функции во негово име. Со други зборови, доброто полициско работење е полициско работење кое истовремено е и ефективно и праведно. Полиција која не е ефективна, нелегитимна или неправедна, при обидот да ја заштити јавноста од криминал, ќе ја загуби довербата од јавноста. Доброто полициско работење е полициско работење со легитимитет кој се темели на добивање согласност од јавноста, а не на репресија. Стекнувањето доверба на јавноста е од клучно значење за ефективното полициско работење каде што полициските функции може да се спроведат врз основа на легитимитет, а не врз основа на сила. Доброто полициско работење бара соработка со јавноста. Припадниците на јавноста може да бидат сведоци или жртви на криминал, па оттука може да ја снабдат полицијата со релевантни информации. Сепак, само доколку народот ѝ верува на полицијата и ја смета за легитимна ќе сака да ѝ помогне (на пример, давајќи ѝ информации) и да постапува согласно нејзините инструкции овозможувајќи ѝ на полицијата успешно да ги спроведе нејзините основни функции – одржување на јавниот ред, спречување и откривање на криминалот. Со зголемувањето на полициската отчетност и интегритет примарно се воспоставува, обновува или зголемува довербата на јавноста и (одново), се гради легитимитетот што е предуслов за ефективно полициско работење. Прифаќањето на надворешен, граѓански надзор е одлика на демократска полициска сила, односно, полиција која е отчетна и одговара на потребите на јавноста." [10]

Односот на полицијата со граѓаните во сите држави е регулиран со внатрешните закони, подзаконски акти и регулативи, како и со етички кодекси за однесувањето и постапувањето на полициските службеници со граѓаните. Одредбите во овие кодекси се засноваат на принципите од Европскиот кодекс на полициска етика и меѓународните

[10] УНОДК. „Прирачник за полициска отчетност, надзор и интегритет" Виена: Обединети нации, 2011 година: 5-8.

стандарди за почитување на слободите и правата на луѓето. Ваквата дефиниција е содржана и во преамбулата на Европскиот Кодекс на полициска етика. Според одредбите од овој Кодекс, примената на сила може да се употреби само врз основ на легитимен акт, и ниедна друга арбитрерна сила не може да биде прифатена.[11] Исто така, се дава големо значење на одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, со што се создава право кое гради стандарди кои при примена на сила полицијата мора да ги почитува. Општа дефиниција за етичките кодекси за однесувањето не постои, но сепак истите можеме да ги идентификуваме преку три заеднички фактори:

1. Етички кодекс за однесување претставува формален и пишан документ.

2. Содржината на ваквиот документ се заснова на морално ориентирани политики кои можат да бидат презентирани во форма на основни вредности, морални стандарди, принципи или општи ставови за етичката ориентација на организацијата.

3. Ваквата политика е формализирана со цел регулирање на однесувањето на вработените или организацијата во целост.

Етичкиот кодекс за однесувањето на работниците потребно е да се заснова преку четири основни вредности кои го нагласуваат етичкото однесување на индивидуата, а тие се ***интегритет***, ***искреност***, ***компетентност*** *и* ***корисност***. Основна цел на етичкиот кодекс е влијанието врз етичкото однесување на вработените, кое е формално регулирано, и истовремено влијае и на етичката клима во една организација. Од една страна, кодексот е потребно да влијае на разбирањето и перцепцијата на вработените за важноста на етиката во однесувањата и етичката клима, додека, од друга страна, етичките кодекси имаат ограничена моќ поради немањето можност секое соодветно, односно несоодветно однесување во различни можни ситуации да биде дефинирано. Повеќе познати експерти во оваа област (П. Шахаф; Фарел и Кобин; Фројлих; Франкел) разликуваат три типа на етички кодекси, односно истите разликуваат и посочуваат дека станува збор за ***инспиративни***, ***регулаторни и едукативни***:

а) Инспиративни етички кодекси

Да се охрабрат вработените да бидат етички е една од основните цели на инспиративните етички кодекси. Овие кодекси се состојат од вредности на основата врз која вработените треба да постапуваат при донесување етички одлуки. Ваквите вредности претставуваат идеал, што се смета за етички прифатлив во секоја организација. Авторите на ваквите инспиративни кодекси посочуваат дека вработените

[11] Европски кодекс на полициска етика (2001)

се природно склони да ги применуваат етичките стандарди што ги опфаќаат само изјавите за вредност и обезбедуваат средина во која поединците можат слободно да донесуваат етички одлуки, без да им се укаже на вработените како треба да се однесуваат.

б) Регулаторни етички кодекси

Овој тип на етички кодекси обезбедуваат детален список на правила за етичко однесување. Во нив конкретно се опишува потребното однесување под одредени околности и употребата на специфични филозофии на морал (утилитарни, индивидуалистички, морални права и сл.) сè со цел утврдување на посакуваните вредности. Правилата во регулаторните етички кодекси се решенија за етичките дилеми. Во овие кодекси во споредба со инспиративните кодекси, работниците не донесуваат свои етички одлуки, односно мора да ги следат претходно утврдените правила.

в) Едукативни кодекси на етика

Овој вид на кодекс е едукативен и истиот може да вклучува инспиративни и регулаторни елементи, притоа истите да се конкретно објаснети и преку практични примери. На овој начин се обидуваат да ги поддржат основните упатства со коментари и толкувања.

Доколку не ги земеме предвид дефинициите, потребно е да разбереме дека постоење на етички правила не е доволно, туку мора да се размислува етички и да се живее и работи според правилата на етичкиот кодекс. Но исто така не е доволно само да има пишани правила. Битно е да се разбере зошто овие правила постојат, и не е доволно само да се почитуваат, посебно внимание треба да се посвети кон вработените службеници истите да ги интерперсонализираат и да практикуваат, односно да живеат според нив. Етиката не е само она што треба да го направиме, важно да се признае и начинот на кој го правиме и причината за нашите постапки. Одговорот на ова прашање и препознавањето на корисноста на одговорите се предуслови за правилен став кон етиката и за прифаќање на секакви етички дискусии, обуки, образование, етички кодекси, итн.

1.4. Полициското работење во Република Северна Македонија

На полициското работење може да се гледа низ призмата на филозофските идеи и сфаќања. Во изминатите 30 години начинот на работа на полициските службеници е

драстично променет во светски рамки. Разликите се очигледни, особено во напуштањето на оној таканаречен традиционален и класичен начин на работа на полицијата кој се карактеризира со централизирано и бирократско организирање. Овој начин на работа на полицијата едноставно не може да се соочи со предизвиците на денешното современо демократско општествено уредување на државите каде што довербата на граѓаните во полицијата е намалена.[12] Како променет концепт на работа добива многу поголема релевантност кај истражувачите бидејќи го напушта традиционалниот затворен, централизиран и бирократски модел и се префрла кон децентрализиран и отворен модел. Истражувачите сметаат дека новиот модел на полициско работење е „филозофија, а не специфична тактика“, проактивен, децентрализиран пристап, замислен да го намали криминалот, нередот и стравот од криминал, преку вклучување на истиот полициски службеник во одредена заедница на подолг временски рок“.[13] Како нов модел на работа во истражувачките и научните кругови се смета дека како готов производ е преземен од Западот, но сепак признаваат дека само базичниот елемент на моделот е преземен бидејќи секоја држава има свои специфики во обичаите, културата, верувањата, социјалниот статус на граѓаните, и согласно тоа, го прилагодува новиот концепт на полициското работење, запазувајќи ги основните постулати на демократските вредности.

Овој концепт како реформски процес во голема мера станува составен дел од работата на меѓународните организации како ООН, ЕУ, ОБСЕ и други. Ваквиот начин на промена на полициското работење е особено видлив во земјите на Централна и Источна Европа и на Афричкиот континент. Во Република Северна Македонија ваквиот концепт на полициско работење во заедницата беше воведен од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), по завршувањето на вооруженият конфликт во 2001 година. Начинот на работа на полициските служби е од особено значење во транзициските и посконфликтни општества, каде полицијата како служба се наоѓа во ситуација на големи промени со цел да стане попристапна за потребите и барањата на граѓаните. Демократското полициско работење е темел на стабилноста и безбедноста кои се неопходни за стабилна демократија и создавање на услови за економски развој на општеството.[14]

[12] Лиу, Кутсај Том, и Еуген Г. Савиџ. „Перцепција на граѓаните околу влијанието на полициското работење во заедницата“. Квартален извештај на Јавна Администрација Вол. 20, Бр. 2 (1996): 163
[13] Тројановиц Роберт К. и Д. Картер (1998). „Филозофијата и улогата на полициското работење во заедницата“. Источен Лансинг, МИ: Прес на Државен Универзитет на Мичиген.
[14] Мајк Брогден, Преети Нијхар (2013). Полициско работење во заедницата, национални и

Во Република Северна Македонија по кризната од 2001 година и максималното залагање на меѓународниот фактор, а со цел полицијата да ја врати довербата и почитувањето на граѓаните, се направи еден голем потфат со сеопфатни реформи кои вклучуваа мешани полициски патроли, особено во деловите кои беа зафатени со кризата. Со начинот на работењето на патролите од мешан полициски состав се увиде дека има големо влијание во подобрување на меѓуетничките односи кои придонесуваат за зголемена доверба меѓу граѓаните и полицијата од една страна, а од друга страна овозможување непречена работа на институциите на локалната самоуправа за воспоставување нормални услови за живот и работа на населението. Покрај ова, со ваквиот начин на дејствување на полицијата се воспостави систем за рано предупредување, кој резултираше со поголем број откриени случаи на криминално дејствување на поединци или групи. Исто така, постепеното вклучување на граѓаните како поединци или како групи и здруженија во превентивни кампањи и проекти на полицијата придонесе за зголемување на севкупната безбедност. Понатаму, постепената децентрализација на полициските надлежности на локално ниво исто така имаше големо влијание во зголемувањето на довербата на граѓаните во полицијата.

Работењето на полицијата е регулирано во Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и други законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја. Во делот на соработката помеѓу полицијата и граѓаните направени се крупни чекори во изминатите години, постигнат е евидентен напредок во воспоставување на потребните човечки, институционални и организациски капацитети, но и покрај тоа потребни се уште напори за надминување на традиционалниот концепт на работењето на полицијата и имплементација на современиот демократски модел.

1.5. Организација на полицијата

Полицијата во Република Северна Македонија е орган под директна надлежност на Министерството за внатрешни работи (МВР). МВР како тело на Владата своите активности ги реализира преку работата на полицијата, а се однесуваат на:

меѓународни модели и пристапи

- Остварување на системот на државната и јавна безбедност;

- Пријавување на живеалиште и престојувалиште;

- Државјанство и патни исправи за премин на државната граница;

- Движење и престој во граничниот појас;

- Контрола на преминувањето на државната граница, како и определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата;

- Престојот и движењето на странците;

- Производството, прометот, складирањето и заштитата од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали;

-Укажување помош при елементарни непогоди и епидемии;

- Набавувањето, поседувањето, носењето и контролата на обележувањето на оружјето и муницијата;

- Надзорот од негова надлежност и,

- Врши други работи утврдени со закон.

Полициските работи во Министерството за внатрешни работи ги извршува Бирото за јавна безбедност како орган во состав на Министерството. Неговата организација и надлежност е уредена со Законот за полиција. Во надлежност на Бирото за јавна безбедност е концептуалното планирање, следење и анализирање на безбедносната состојба и причините за појава на криминалитетот и загрозување на јавната безбедност, генерален и стручен надзор и контрола над работата на организационите единици на полицијата, обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со закон, спроведување на ратификувани меѓународни договори за полициска соработка и други меѓународни акти за кои е надлежна полицијата, грижа за подготвеноста на полицијата за дејствување и работа во услови на сложена безбедносна состојба и други работи утврдени со закон.[15] Со Бирото раководи директор, кој на предлог на министерот за внатрешни работи го именува и разрешува Владата за период од четири години. За вршење на полициските работи од надлежност на Бирото формирани се следниве организациски единици:

[15] член 15 од Закон за полиција/ III Организација на полицијата/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година

- ***Сектори за полициски работи од општа и посебна надлежност***, а на територијата на Република Северна Македонија постојат осум Сектори за внатрешни работи, одговорни за секојдневното полициско работење од областа на јавниот ред и мир, превенцијата, како и за полициските активности кои се однесуваат на сложени безбедносни состојби.

- ***Сектор за сообраќајни работи***, кој е одговорен за секојдневното полициско работење од областа на сообраќајот и сообраќајната превенција, проверка на начинот на спроведување на возачкиот испит и испитот за проверка на стручност на возач-инструктор, учествува во постапката за издавање и одземање на лиценцата на возач-инструктор и други работи од областа на сообраќајот.

- ***Сектор за криминалистичка полиција,*** ги координира мерките и активностите во соработка со организациските единици надлежни за криминалистички работи и регионалните центри за гранични работи, во насока на идентично постапување на оперативните полициски служби на терен.

- ***Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа,*** работи на собирање, обработка и анализа на податоци и информации по претходно утврдени методологии и стандарди за обработка, изготвува аналитички продукти и извештаи и врши нивна дисеминација до организационите единици во Бирото за јавна безбедност.

- ***Сектор за гранични работи и миграции,*** кој е одговорен за секојдневното полициско работење од областа на граничните работи, полициските активности кои се однесуваат на прекуграничниот криминал и миграции, како и на работите кои се однесуваат на странците и реадмисија.

- ***Сектор за заеднички работи и управување со човечки ресурси,*** кој е надлежен за вршење на определени стручни работи за потребите на Бирото за јавна безбедност во областа на управувањето со човечките ресурси, правните и финансиските работи, заштитата на личните податоци и развој на персоналот и застапеност на заедниците и се грижи за еднаквост на половите.

Во рамки на Бирото за јавна безбедност формиран е **Регистер за соработка со НАТО и безбедност на класифицирани информации,** кој ги врши работите што се однесуваат на имплементацијата на активностите во согласност со Акциониот план за членство на Република Северна Македонија во НАТО и во ЕУ.

1.6. Овластувања на полицијата

Својата функција Полицијата ја остварува преку работата на полициските службеници кои своите работни задачи и обврски ги спроведуваат како полициски активности во рамки на полициските постапки. При постапувањето во извршување на полициските активности, полициските службеници многу често се наоѓаат во најразлични конфликтни ситуации со граѓаните, од причина или поради непрофесионалното постапување на полициските службеници или поради инкриминирачкото однесување на граѓаните. Полициската работа се заснова исклучиво врз основа на законски пропишани норми, без разлика на личните уверувања или чувства. Затоа при постапувањето полициските службеници секогаш мора да ја имаат предвид заштитата и почитувањето на основните слободи и права на човекот заштитени со Уставот и со меѓународните правни документи. Токму поради ваквата голема одговорност на полициските службеници во одржувањето на редот и мирот, како и во спречувањето во вршење на кривични дела, статусот на полицискиот службеник во државата е особено специфичен. Понекогаш ако не се навлезе подлабоко во сферата на ограничување на човековите права и слободи, некои полициски активности тешко може да се реализираат и затоа треба со особено внимание да се приоѓа во решавањето на проблеми каде ќе се ограничат или одземат некои од правата на човекот и тоа мора да се направи исклучиво во согласност со законски пропишаните норми. Токму поради суптилноста на полициското постапување, работите кои ги преземаат полициските службеници се предвидени во Законот за полиција, [16] а се однесуваат на:

- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, загарантирани со уставот на Република Северна Македонија, со законите и со ратификуваните меѓународни договори;
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- одржување на јавниот ред и мир;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- контрола на движење и престој на странци;
- обезбедување на државната граница, контрола и преминување на државната граница;

[16] член 5 од Закон за полиција/ II Полициски работи/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година

- укажување и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
- обезбедување на определени личности и објекти и
- други работи утврдени со закон.

Карактерот на полициските овластувања е таков што им овозможува на полициските службеници при извршување на полициските задачи длабоко да навлезат во сферата на човековите слободи и права со нивно ограничување или одземање.

Поради тоа, за успешно извршување на активностите кои ги преземаат полициските службеници, полициските овластувања се утврдени со законски и подзаконски акти[17] и тие се:

- проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети,
- собирање на информации,
- повикување,
- приведување,
- задржување,
- потрага по лица и предмети,
- пренасочување, насочување и ограничување на движење на лица и превозни средства на определен простор за определено нужно време,
- предупредување и наредување,
- привремено одземање на предмети,
- преглед или претрес на определени простории и објекти на државни органи, институции што вршат јавни овлстувања и други правни лица и увид во нивната документација,
- сопирање, преглед или претрес на лица, багаж или превозни средства,
- обезбедување и преглед на местото на настанот,
- примање на пријави,
- јавно распишување награди,
- снимање на јавни места,
- собирање, обработка, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин во согласност со законот,

[17] член 28 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година
[17]Правилник за вршење на полициските работи (Службен весник на РМ бр.149 од 10.12.2007 год.)

- примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци,
- заштита на лица опфатени во согласност со прописите за заштита на сведоци.

Работниците во Министерството за внатрешни работи при вршење на работите и работните задачи ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори, подзаконските прописи и интерните акти на Министерството.[18]

Работниците при извршување на работите и работните задачи постапуваат објективно и непристрасно и обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани.[19]

При преземањето на полициските овластувања, полициските службеници имаат законска можност да употребат средства за присилба и огнено оружје само во случаи кога тоа е апсолутно неопходно заради реализација на активноста и тоа со строго утврдени законски рамки. Поради специфичниот карактер на овластувањата кои ги има полицијата, многу е битно полициските службеници секогаш со должно внимание и почит да пристапуваат кон граѓаните при реализирање на нивните активности заради тоа што многу лесно може да дојде до злоупотреба на овластувањата. Токму затоа при нивното преземање полициските службеници имаат законска обврска да се однесуваат исклучително професионално со должна почит кон честа и угледот на лицата спрема кои ги применуваат овластувањата, притоа внимавајќи непотребно да не ги загрозат основните слободи и права на граѓаните. При преземањето на полициските овластувања полициските службеници се должни да се легитимираат, освен во случаи кога со легитимирањето ќе се наруши или успори ефикасноста на полициското постапување. Покрај ова, законска обврска на полицискиот службеник е да го запознае лицето со причините поради кои ги презема овластувањата против него, како и со правата кои лицето ги има на располагање во моментот. Полициските службеници мора да постапуваат само врз основа на законските одредби и од нив ги добиваат и користат своите овластувања, кои мора да ги вршат во „согласност со универзално прифатените стандарди за човекови права и граѓанските и политичките права“.[20] Подолу

[18] член 5 од Етичкиот Кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи
[19] член 6 од Етичкиот Кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи
[20] Прирачник за демократско полициско работење од Вишиот советник на генералниот секретар на ОБСЕ (2008) Полициска етика и човекови права, ст.12

во трудот ќе бидат објаснети дел од полициските овластувања кои се дел од секојдневното полициско работење, а кои навлегуваат во сферата на ограничувањето или одземање на човековите слободи и права.

1.7. Видови полициски овластувања

1.7.1. Проверка и утврдување идентитет на лица и предмети

Проверката за утврдување на идентитетот на некое лице полициският службеник ја врши со увид во личната карта или некоја друга јавна исправа на која има фотографија од лицето. По утврдување на идентитетот, на лицето му се враќаат документите. Идентитетот може да биде потврден и врз основа на исказ од друго лице доколку идентитетот на тоа лице му е познат на полициският службеник. Ако лицето одбива или не е во можност да даде податоци за себе, може да биде задржано додека му се утврди идентитетот, но не подолго од три часа. Идентитет на некое лице се утврдува кога лицето не поседува соодветен документ за идентификација или кога постои основано сомневање во веродостојноста на неговите документи. Доколку не може да се утврди идентитетот на лицето од документи или по даден исказ, тогаш се применуваат специјални методи на криминалистичката тактика и техника, а во краен случај министерството е овластено јавно да објави фотографија, снимка, цртеж или фоторобот на лицето.

1.7.2. Собирање на информации

Со ова овластување, кое го имаат полициските службеници, можат да прибираат соодветни информации кои им се потребни за успешно реализирање на задачите и истите можат да ги обезбедат во непосредна комуникација со граѓаните или со претставници на државните органи или други правни субјекти. Лицата од кои се бараат одредени информации од полициските службеници, немаат обврска да ги дадат доколку не сакаат да соработуваат.

1.7.3. Повикување

Ова овластување им овозможува на полициските службеници писмено со покана да повикуваат граѓани заради прибирање на информации кои се потребни за успешно реализирање на полициските задачи. Писмената покана треба да ги содржи информациите за личните податоци на лицето кое се повикува, адреса на полициската единица, каде лицето треба да се јави со точно време и час, причините за неговото повикување, како и поука за правото на бранител и последиците доколку не се јави на поканата. Доколку писмената покана ги содржи сите потребни информации и истата е уредно доставена, а лицето не се јави на поканата или не го оправда своето отсуство, може да биде присилно донесено, но само со претходно издадена судска наредба за тоа. Полицијата е овластени и може и усно да повика некое лице.[21] За повикувањето и извршениот разговор со лицето полицискиот службеник изготвува службен материјал.

1.7.4. Приведување

Приведувањето е овластување кое полициските службеници го применуваат со претходно изготвена судска наредба. Приведувањето се врши до местото предвидено со наредбата, во периодот од 06.00 до 22.00 часот. Кога полициската работа не може да трпи одлагање, може да се приведе лице и надвор од предвиденото време. Постојат и исклучоци за приведување на лице и без судска наредба и тоа:

- заради утврдување на идентитет на лице;
- заради приведување на лице за кое е распишана потерница;
- за лице затекнато во извршување на кривично дело и
- за лице затекнато во извршување на прекршок со елементи на насилство.

Не се приведува лице кај кое со приведувањето ќе се предизвика нарушување на неговото здравје и лице кое извршува работни задачи кои не смеат да се прекинат се додека не се обезбеди соодветна замена.

1.7.5. Задржување

Задржувањето како полициско овластување им овозможува на полициските службеници подлабоко да навлезат во сферата на ограничувањето или одземањето на

[21] член 45 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година

слободите и правата на граѓаните. Ова овластување се применува под услови предвидени со посебен закон врз лице за кое постои основано сомневање дека е сторител на некое кривично дело кое се гони по службена должност и не смее да трае подолго од 24 часа. Полициските служби имаат овластување да задржат и лице кое има сторено прекршок под услови пропишани со посебен закон, како и лице кое го нарушува или загрозува јавниот ред и мир и поредокот во општеството доколку отстранувањето на тоа загрозување не може да се постигне на друг начин. Задржувањето на лица под дејство на алкохол или други психоактивни супстанци може да трае најмногу до 8 часа, а за лице кое го испорачала странска служба максимум 24 часа.

1.7.6. Пренасочување, насочување или ограничување на движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време

Овој вид на овластување полициските службеници го преземаат заради повеќе причини исклучиво согласно законските и подзаконски акти[22]. Овластувањето трае сè додека траат причините поради кои е донесено. За реализирање на овластувањето полициските службеници користат посебни криминалистичко-тактички методи и активности, како што се: преглед на одредени објекти, простор, лица и превозни средства, заседа, рација и блокада на определени објекти, патишта и друг простор.

1.7.7. Употреба на средства за присилба

Под прислилба се смета употребата на легитимен, соодветен и пропорционален физички или механички притисок, со примена на средства и на начин пропишан со закон, насочен спрема одредено лице од страна на полициискиот службеник, само во случај кога полициските работи на друг начин не можат да бидат извршени.[23]

Под средства за присилба кои ги имаат на располагање полициските службеници и кои можат да ги употребат согласно законските процедури се: физичка сила, гумена палка, средства за врзување на лица, уред за присило запирање на возила, службено куче, хемиски средства, огнено оружје и експлозивни средства. Кога легитимната цел на полицијата не може да биде остварена на друг начин, само тогаш е дозволена употребата

[22] член 52 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 октомври 2006 година
[23] член 80 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 октомври 2006 година

на средствата за присилба, и тоа мора да се употребат оние средства кои се минимално потребни да се постигне целта.

Секогаш кога средствата за присилба ќе бидат употребени во граници на полициските овластувања одговорноста кај полициските службеници ќе биде исклучена, како и на одговорниот раководен полициски службеник. Основаноста и оправданоста на употребата на средствата за присилба кога ќе биде предизвикана тешка телесна повреда или со нивната употреба се предизвикаат смртни последици, ја оценува организациската единица на Министерството, надлежна за внатрешна контрола и професионални стандарди.

17.7.1. Употреба на физичка сила, гумена палка и средства за врзување на лица

Овие три полициски овластувања најчесто се надополнуваат едно со друго, и се исто така едни од посложените овластувања кои законските одредби и ги дозволуваат на полицијата, а кои длабоко навлегуваат во сферата на ограничувањето или одземањето на човековите слободи и права. Поради тоа, при преземање на овие овластувања полициските службеници треба максимално професионално да пристапуваат кон лицата кон кои ги превземаат ваквите мерки. Под физичка сила се мисли на примената на одредени зафати, боречки вештини или други слични постапки со кои се оневозможува бегство на лицето или се одбива напад од тоа лице, додека гумената палка се употребува кога со поблаги мерки полициските работи не можат да бидат завршени во целост. Средствата за врзување лица се употребуваат за:[24]

- Спречување на отпор на лица или одбивање на напад, насочен спрема полицискиот службеник;
- Спречување на бегство на лица;
- Оневозможување самоповредување или повреда на други лица.

Вообичаено полицискиот службеник на лицето кон кое го применува ова овластување му ги врзува рацете зад неговиот грб.

1.7.7.2. Употреба на уреди за присилно запирање на возила

[24] член 85 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година

Уредите за присилно запирање на возила со кои располагаат полициските службеници се исто така дел од средствата, кои се предвидени согласно законските полициски овластувања, а се употребуваат во исклучителни ситуации, кога има неопходна потреба да се спречи бегство на лице сторител на кривично дело, лице кое е лишено од слобода, или по кое има распишано потерница, или пак, за незаконско преминување на државната граница, или за други случаи предвидени со закон. Овие уреди за присилно запирање на возила, како и специјалните возила на Министерството кои се користат за спречување на нарушен јавен ред и мир може да се употребат само со одобрение на директорот на Бирото за јавна безбедност или од него овластен работник.

1.7.7.3. Употреба на хемиски средства, огнено оружје и други видови на експлозивни средства

Овие три овластувања кои ги имаат на располагање полициските службеници се најчувствителни и најконтроверзни овластувања кои ги користи полицијата, односно најдлабоко навлегуваат во заштитата и безбедноста на правата и слободите на граѓаните. Со примената на овие овластувања, полициските службеници имаат можност да го загрозат здравјето и животот на лицата спрема кои ги употребуваат. Токму поради тоа, примената на овие средства е дозволена само кога тоа е апсолутно неопходо и кога се исцрпени сите поблаги мерки и средства за решавање на ситуацијата. Во согласност со членот 89 став 2 од Законот за полиција „полицискиот службеник е овластен да употреби огнено оружје кога на друг начин и со употреба на другите средства за присилба не може:

1) да го заштити својот живот или животот на другите луѓе;

2) да спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор во траење најмалку од четири години;

3) да спречи бегство на лице затекнато во извршување на кривично дело, за кое може да се изрече казна затвор од десет години или потешка казна, или лице за кое е распишана потерница заради извршено такво кривично дело;

4) да се спречи бегство на лице лишено од слобода заради извршено кривично дело од точката 3 на овој став, или лице за кое е распишана потерница заради бегство од издржување на казна затвор за такви кривични дела, и

5) да се спречи напад врз објект или личност што се обезбедува.

Кога огненото оружје заради заплашување, помош, или пукање во животни кога е загрозен животот на луѓето, тогаш тоа не се смета за употреба на огнено оружје, додека пак неговата употреба не е дозволена ако се доведува во опасност животот на други лица, освен во ситуација кога тоа е единствено средство за одбрана од посреден напад и заштита од напад врз животот на други лица. [25]

Во најголем дел од својата работа, полициските службеници своите овластувања ги користат при постапувањето во полициските интервенции во случаи кога постојат основи на сомнение дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Таквите полициските интервенции мора да бидат објективни и праведни, и при нивното преземање мора да биде изразено чувството за почитување и принципот на презумпција на невиност, како и да се имаат предвид специфичните потреби на таканаречените ранливи категории на лица, како што се: децата, малолетници, жени, стари и изнемоштени лица или лица со посебни потреби. Најголем дел од одредбите за употребата на сила и огнено оружје се застапени во документот на ООН „Основни принципи за употреба на сила и огнено оружје од страна на овластени службени лица кои го применуваат законот“, донесен во 1990 година. Согласно овој документ, како општи начела за употреба на сила и огнено оружје се издвојуваат начелото на законитост, неопходност, сразмерност и воздржаност.

Начелото на законитост ја обврзува полицијата сите мерки кои ги презема во извршувањето на поставените задачи да бидат согласно законските акти, во спротивно секое поинакво постапување ќе се смета за прекумерна употреба на сила.

Начелото на неопходност значи дека полицијата може да употреби сила единствено кога со ненасилни методи не е во можност да ја оствари законската цел. Силата треба да претставува „ultima ratiп“, т.е. крајно средство кое ќе го примени полицијата.[26]

Начелото на срамерност им налага на полициските службеници примената на сила да биде пропорционална на легитимната цел и во толкава мера колку што е доволно за успешна реализација на задачата.[27]

---

[25] член 89 и 90 од Закон за Полиција/ IV Полициски овластувања/ Бр.07-3954/1 од 30 Октомври 2006 година

[26] Полицијата може да примени сила само кога е тоа нужно потребно и само во онаа мера која е неопходна за постигнување на легитимната цел-член 37 од Европскиот кодекс.

[27] Службениците задолжени за примена на законот во вршењето на своите должности треба да применуваат ненасилни средства додека е тоа можно пред да се одлучат да применат сила или огнено оружје. Употребата на сила може да се примени само доколку со други средства не се постигне резултат или ако со употребата на други средства нема гаранција дека ќе се постигне посакуваниот резултат – основни принципи за употреба на сила, принцип бр.4

Начелото на воздржаност бара употребата на сила да биде колку што е можно помала и притоа максимално да се внимава за да се избегнат ситуации каде здравјето и животот на луѓето би се довел во опасност.

1.8. Човековите права и основните слободи во Република Северна Македонија усвоени со Уставот и Меѓународните документи

Во Уставот на Република Северна Македонија, кој е највисок правен акт во правниот систем на државата, почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот се пропишани како основни темелни вредности на уставниот поредок на државата.[28] Понатаму, во Уставот се содржани одредби кои ги определуваат основните човекови права и слободи поделени на одредби кои ги определуваат граѓанските и политички права, и одредби во кои се содржани социјалните, економските и културните права. Граѓанските и политички права кои пак најчесто се предмет на полициска злоупотреба како уставни категории се опфатени од член 9 до 30 и тоа:

- **Правото на живот** е содржано во член 20 од Уставот, каде се вели дека животот на човекот е неприкосновен. Истото ова право е содржано во член 3 од Универзалната декларација за човековите права и во член 6 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, каде се вели дека правото на живот е заштитено со закон и на никого не може да му биде одземено. И во Европската декларација за човековите права е дефинирано во член 2 дека правото на живот на човекот е со закон загарантирано, освен во случаи на судска пресуда со која некој е прогласен за виновен за сторено дело за кое е пропишана смртна казна.
- **Право на слобода и сигурност** е право кое е содржано во член 12 од Уставот, каде се вели дека слободата на човекот е неприкосновена и само со судска одлука и во случаи и постапка утврдена со закон таа може да биде ограничена или одземена. Ова право е од исклучително значење за работата на полицијата, особено во случаите кога со извршување на своите надлежности ги прекршуваат законските прописи. Тука се содржани повеќе права:

- правото на лицето кое е повикано, задржано или лишено од слобода веднаш да биде запознаено за причините за неговото повикување,

[28] Член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија

- правото на лицето да биде запознаено за неговите права,

- правото на бранител во полициска и судска постапка,

Секое лице лишено од слобода има право, на јазикот што го разбира, да биде запознаено со причините за лишување, и во разумен рок да биде изведено пред судија и да му биде судено или со барање да биде пуштено на слобода во текот на постапката, со гаранција дека ќе се појави на судењето по барање на судот. Правото на слобода и сигурност е содржано и во Универзалната декларација за човековите права во членот 9, како и во Европската конвенција за човековите права во членот 5, во кој се вели дека никој нема право да биде лишен од слобода, освен во законска постапка.

- **Правото на еднаквост и слобода од дискриминацијата** е право кое е содржано во член 10 од Уставот и прокламира еднаквост на граѓаните во слободите и правата без разлика на пол, раса, боја, социјално потекло, политичко и верско убедување, имотна и општествена состојба. Дискриминацијата е забранета и според член 14 од Европската конвенција за човековите права според која уживањето на слободите и правата содржани во Конвенцијата мора да се обезбедат за сите без дискриминација на никаква основа. Исто така, во членот 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права се содржани одредбите за слобода од дискриминација во кој се вели дека сите се еднакви пред законот и имаат право на подеднаква заштита, без каква било дискриминација. Одредбите за слобода од дискриминацијата во овие документи кореспондираат со член 2 од Универзалната декларација за правата на човекот каде ова право е усвоено како едно од базичните права.

- **Тортурата или мачењето, нечовечко или понижувачко однесување или казнување,** се одредби кои се најстрого забранети во членот 11 од Уставот, како и присилната работа во секој облик и форма. Забраната за тортура или суров и понижувачки третман се исто така одредби кои се забранети и согласно Универзалната декларација за човекови права во членот 5, и во членот 7 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, како и во одредбите од Конвенцијата против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки. Во Меѓународниот правен систем тортурата се класифицира како понижувачко постапување со некое лице од позиција на сила заради изнудување на некаква информација или признание за дело кое лицето го сторило или има сомневање дека го сторило, или за друго лице со цел да се заплаши или казни, а притоа со таквиот чин на постапување му се предизвикува голема физичка или душевна болка.

- **Презумцијата на невиност** е исто така одредба во Уставот содржана во членот 13[29], со која се гарантира правото на секое лице да биде невино сè до моментот на правосилна судска одлука, со која се докажува неговата вина. Во Европската конвенција за човековите права презумцијата на невиност е содржана во членот 6 став 2, додека во Универзалната декларација за правата на човекот е содржана во членот 11 став 1, и во член 14 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Ваквото право кое е исклучително чувствително многу често како кај нас така и во останатите држави се злоупотребува, а најчесто од полицијата или судските органи кога за одредено лице или лица кои се осомничени за сторување на некое кривично дело се даваат изјави во медиумите и со тоа се добива погрешна слика во јавноста за лицето или лицата кои уште од самиот почеток на постапката се веќе осудени од јавноста иако вината не е докажана со правосилна судска одлука што е спротивно со одредбите од Уставот и со меѓународните правни акти.
- **Слободата и неповредливоста на писмата и другите облици на комуникација** е одредба во Уставот во членот 17 кој е заменет со амандманот XIX. Ова право на човекот само со судска одлука и во законска постапка може да биде повредено и тоа само во случаи заради откривање или спречување во вршење на кривични дела, или кога се работи за безбедноста на државата. Најчесто овој вид на слободи и права на човекот се повредени при таканаречената тајно следење при гонење на сериозен и организиран криминал, кога се во прашање терористички активности или во други случаи кога е загрозена општата сигурност и безбедност на граѓаните и државата. Само во вакви случаи постапката за повреда на ова право е оправдана. Поради сензитивноста на повредата на правата кои се загарантирани со Уставот, бидејќи со ваквата постапка се допира во личниот и семеен живот на граѓанинот и се повредуваат достоинството и угледот. При преземањето на вакви полициски интервенции, мора да постои строга контрола поставена на јасни и прецизни законски правила заради спречување на секаква можност од злоупотреба на информациите. Во Универзалната декларација за човековите права овие права се загарантирани во членот 12, како и во членот 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, додека во Европската конвенција за човековите права ова право е инкорпорирано во членот 8 како Право на почитување на приватниот и семејниот живот, домот и преписката.

[29] Овој член се дополнува со амандманот XX, во кој се вели дека казна за сторен прекршок може да изрече и орган на државната управа, организација или орган што врши јавни овластувања, а против таквата конечна одлука се гарантира судска заштита под услови и постапка утврдени со закон.

- **Правото на заштита на личниот и семејниот живот и на достоинството и угледот како и правото на неповредливост на домот** се исто така права кои се гарантирани со Уставот во членовите 25 и 26, во делот на заштита на граѓанските и политички права, и не смеат да бидат прекршени освен со законска судска одлука. Почитувањето на овие права е исклучително важно, и од особено значење при полициското постапување е применувањето на правилата и препораките содржани во Кодексот на полициска етика, кој е показател на професионалната зрелост на полицијата. Затоа при преземањето на полициските овластувања, мора да се внимава сите применети мерки да бидат во рамки на законот без да се нарушат основните права на човекот кои му се гарантирани согласно Уставот, почитувајќи го угледот и достоинството на секое лице. Одредбите за заштитата на граѓанските и политички права во Уставот на Република Северна Македонија се инкорпорирани во одредбите од член 9 до член 29, додека пак одредбите за заштитата на економските, социјалните и културните права од член 30 до 49.

1.9. Контрола на работата на полицијата во Република Северна Македонија

Како што спомнавме повеќе пати во овој труд, заштитата на правата и слободите на човекот претставуваат најсуштествен елемент во сите меѓународни документи, како што се: резолуции, конвенции, протоколи и други уредби, и како такви претставуваат обврска на сите држави особено на државите членки на меѓународните организации да посветат максимално внимание на домашната законска регулатива за имплементација на овие права која ќе биде спроведлива во практичниот живот во општеството. Исто така, државите мора да обезбедат и механизми кои ќе ја гарантираат спроведливоста на овие права на човекот и поради тоа треба да формираат одредени институции кои ќе ја контролираат работата на државните служби и ќе имаат законска можност за санкционирање на прекршителите на овие права. Правата се однесуваат на сите сегменти во општествениот живот и поради тоа секоја институција во владите на државите ги имплементира во своето работење со донесување на законски одредби или со подзаконски акти, правилници, упатства, кодекси и сл.

Во Република Северна Македонија ваквата контрола на злоупотребата или прекршувањето на основните слободи и права на граѓаните е поделена во два сегменти, кои меѓусебно се надополнуваат заради обезбедување на овие права кои се заедничката цел и приоритет на државата.

Во првиот сегмент влегуваат одредени органи кои ги формираат самите институции во рамки на внатрешното уредување и систематизацијата на работните места, а согласно потребите за контрола на работењето на своите вработени и почитувањето на мерките за заштита на слободите и правата на човекот, и ова претставува систем на внатрешна контрола на институциите. Од аспект на полициското работење, во нашата држава ваков орган кој е формиран во рамки на Министерството за внатрешни работи е Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Вториот сегмент се однесува на надворешната контрола на работењето на институциите како целина и на луѓето вработени во нив. Овде во овој сегмент се опфатени повеќе институции и тела на државата и на граѓанското општество како што се: Народниот правобранител, Јавното обвинителство и Судовите, Постојаната анкетна комисија за човековите права во Собранието, разни форми на граѓански здруженија за заштита на правата и слободите, невладини организации и сл.

1.9.1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е контролниот механизам на Министерството за внатрешни работи врз работата на полицијата и Министерството, поради што и надлежностите на Одделот опфаќаат широк спектар на мерки и активности, кои се преземаат и се насочени кон утврдување на непрофесионалното, незаконито и неетичко постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи, како и преземање на низа мерки и активности за нивно спречување од превентивен и репресивен аспект. Согласно Законот за внатрешни работи, Одделот за внатрешна контрола, криминалистичи истраги и професионални стандарди е посебна и независна организациска единица на Министерството за внатрешни работи која остварува внатрешна контрола за потребите на Министерството и спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на вработените во МВР. Граѓаните имаат право да поднесат претставка до Министерството, односно до Одделот заради заштита и остварување на своите права

и кога сметаат дека со постапувањето на работникот во Министерството се повредени нивните слободи и права. За извршената проверка на наводите во претставката, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката, во писмена форма треба да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки. Антикорупциската борба во Министерството и полицијата во континуитет е насочена кон одржување на веќе постигнатите резултати и подигање на нивото на ефикасност. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со својата проактивна борба против корупцијата презема мерки и активности со кои го стеснува просторот на коруптивното однесување на вработените во Министерството и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај на незаконито и непрофесионално постапување на вработените во Министерството. Акцент на работата на Одделот е даден на доследно почитување на корпусот на човекови слободи и права согласно Уставот на Република Северна Македонија и ратификуваните Меѓународни договори од страна на Министерството и Полицијата. Имајќи ја предвид определбата за целосно остварување на превентивната функција, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врши континуирани контроли во организациски единици на Министерството заради доследно применување на законските прописи, постапување согласно правила и прописите со цел заштита на човековите слободи и права и воспоставување на партнерски однос со граѓаните, а сè со цел функцијата на полицијата да се рефлектира како сервис на граѓаните.

Врз основа на прибраните податоци, информации и сознанија до кои ќе дојде Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се преземаат плански и организирани мерки и активности со цел документирање и докажување на незаконското, непрофесионално и коруптивно постапување на вработените во Министерството. Кога полициските службеници во своето работење постапуваат спротивно на правилата и прописите на Министерството и при постапувањето ги прекршуваат со закон загарантираните слободи и права на некое лице, граѓанинот има право да поднесе претставка до Министерството за внатрешни работи, односно до ОВККИПС. Претставката може да биде поднесена писмено, телефонски или во директна комуникација со претставник на Одделот. Претставката треба да содржи информации за подносителот (но може да биде и анонимна доколку подносителот не сака да ги сподели своите податоци), податоци или информации за утврдување на

идентитетот на службеното лице и информации за видот и начинот на прекршувањето на некое право на граѓанинот.

Доколку постојат услови на подносителот му се издава потврда за време и место на поднесување на претставката. Во претставката подносителот треба да ги појасни местото, времето, околностите и под кои услови е прекршено некое право од страна на службеното лице, а може да даде и сопствено видување на прекршувањето со приложување на одредени законски мерки или релевантни правни стандарди од домашното и меѓународното право. Овие информации нема да влијаат и не се обврзувачки за конечната одлука на Одделот. По завршувањето со својата работа по конкретната претставка и наводите во неа, раководителот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди го известува подносителот на претставката за резултатите од работата на Одделот. Во одговорот се содржани податоците за:

1. Утврдената фактичка состојба;
2. Заклучоците по однос на наводите во претставката кои можат да гласат:

- **основано**, кога наводите од претставката се потврдуваат дека полицискиот работник во своето работење ги повредил основните слободи и права на кои се повикува подносителот во претставката;

- **без доволно докази**, кога поради немање доволно докази не може да се утврди дали постои или не постои повреда во работата на полицискиот работник;

- **ослободувачки**, кога се потврдува дека полицискиот работник е одговорен за настапените последици и повреди на коишто укажува подносителот, меѓутоа постојат законски околности кои го ослободуваат од одговорност;

- **неосновано**, кога наводите од претставката не се потврдуваат, односно полицискиот работник работел во согласност со позитивно правните прописи.

3. Предложените мерки против полицискиот службеник, доколку е констатирана повреда.

Со тоа, по добиениот одговор од раководителот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапката на Одделот во однос на поднесувачот на претставката завршува без можност од евентуален правен лек на одлуката. Подолу ќе видиме неколку извештаи од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за спроведени активности од неговата надлежност за неколку години наназад, како и планирани работни задачи за тековната 2021 година.



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Одделение за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4.-450/ 4
16.04.2021 година
Скопје

ИЗВЕШТАЈ
за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2020 година

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016 и 21/2018), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластувања и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи. Одделот континуирано работи на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на вработените во МВР, постапувајќи како по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги прибира, така и по добиени известувања, анонимни доставки, претставки од граѓани и вработени во МВР, невладини организации и правни лица, барања од јавните обвинителства и други субјекти.

Во текот на 2020 година целосно дојде до израз комплетираната законската рамка на воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и функционирањето на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Изврените измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови, веќе претставуваат алатка за ефикасна,

1

30

Слика 1: Извештај за работата на Одделот на внатрешна контрола

[30] Сликите и делот со планирани активности за 2021 година се преземени од официјалната страна на Министерството за внатрешни работи *www.mvr.org.gov*

објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР. Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните извештаи и Антикорупциската програма. Планот за интегритет на вработените во МВР е во фаза на работна верзија, а донесен е Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР.

Воедно, извршена е интервенција во актот за систематизација на работните места во ОВККИПС, во Секторот за професионално работење – интегритет и превенција, Одделение за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, во насока на утврдување на работни места за управување со ризици од корупција и доверливост.

Вработени од Одделот се членови во работните групи формирани за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, како и измени и дополнувања на Уредбата се организација на работата во Министерството за внатрешни работи и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството.

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ: Табеларен преглед

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Дејан Андонов

11

31

Слика 2: Извештај за работата на Одделот на внатрешна контрола

[31] исто

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

I. Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

	Вкупно предмети по кои е постапено	Кривично пријавени лица	Поведув. дисц. постапка	Укажување со предупре-дување	Постап. за надоместок на матер. штета	Оддалечување од работното место
2015 г.	1524	26	205	200	39	2
2016г.	1391	10	244	149	21	5
2017г.	1200	17	355	153	18	48
2018г.	1382	19	338	174	25	22
2019г.	1371	10	334	163	27	20
2020г.	1409	29	388	185	21	24

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

	вкупно поднесоци	основани	неосновани	нема докази	делумно основани
2015 г.	62	3	35	24	/
2016г.	60	3	31	26	/
2017г.	38	1	14	23	/
2018г.	64	5	15	44	/
2019г.	67	3	26	38	/
2020г.	65	6	27	30	2

32

Слика 3: Табеларен преглед на податоци од Одделот на внатрешна контрола

[32] исто

III. Поднесоци од Народниот правобранител

	Вкупно поднесоци	одговорени
2015 г.	27	27
2016г.	24	24
2017г.	25	25
2018г.	32	31
2019г.	49	48
2020г.	30	30


IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

	примени	одговорени
Хелсиншки комитет	16	16
Коалиција за сексуални и здравствени права на Маргини	1	1
Здружението ХОПС- Опции за здрав живот	1	1
Европски центар за права на ромите	1	1
Вкупно	19	19

[33]

Слика 4: Поднесови од народен правобранител и невладини организации

[33] исто



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Ев.бр. 14.4-95/1
12.01.2021 година
Скопје

Основната правна рамка со која се регулира делокругот на работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како внатрешен контролен механизам на работата на Министерството за внатрешни работи се Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за постапување по претставки и предлози, Законот за Јавното обвинителство, Законот за Народен правобранител и Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Во контекст на Стратешкиот план на МВР и споменатата правна рамка, Одделот ја донесува следната

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

I.Општи напомени

Активностите содржани во програмата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се проектирани во насока на јакнење на капацитетите за ефикасно и ефективно справување со предизвиците кои ги диктира неселективната борба против незаконското и непрофесионалното постапување на припадници на Министерството, во случаи на нивна инволвираност во кривични дејствија, непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, департизација, отчетност и транспарентност во работата, со цел остварување на утврдените приоритети и цели, за што од вработените се очекува високо ниво на професионалност, одговорност, посветеност, личен ангажман и тимска работа.

[34]

Слика 5: Програма за работа на Одделот за внатрешна контрола

[34] исто

-остварување на работни средби со раководниот кадар во полициските станици и други организациски единици кои ги применуваат полициските овластувања;

-организирање на работилници со полицискиот состав со цел потсетување на неопходноста од почитување на човековите права при постапувањето;

-континуирана и специјализирана обука на вработените во Одделот;

-висока професионалност при обавување на разговори со полициските службеници и со граѓаните кои пријавуваат непрофесионално о неетичко постапување на полициските службеници;

-преземање мерки и активности за анимирање на полициските службеници за доследно почитување на законските и подзаконските прописи и да им биде укажано за можните последици од нивното незаконско и непрофесионално постапување и сл.

3.2. Очекувани резултати:

- Подигање на свеста кај полициските службеници од потребата за доследно почитување на професионалните стандарди во постапувањето,

- висок степен на професионален интегритет во работењето,

- почитување на авторитетот на претпоставените и јакнење на сопствениот авторитет,

- етичко постапување при контактите со граѓаните,

- еднаков и недискриминирачки однос кон сите граѓани,

- доследно почитување на издадените наредби и инструкции,

- почитување на начелото на доверливост во работењето, дискреција и одговорност,

- висок степен на почитување на човековите права од страна на полицијата,

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Дејан Лидонов

[35]

Слика 6: Програма за работа на Одделот за внатрешна контрола

[35] исто

Програмски активности за работата на ОВККИПС во 2021 година:

1. *Јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи, процена на ризик на интегритет и мерки за негово надминување;*
2. *Измени и дополнувања во законската регулатива и подзаконските акти со цел добивање на законска рамка за проверка на професионалниот интегритет на вработените во Министерството;*
3. *Доследно спроведување на принципот на професионализам во Министерството за внатрешни работи со строго почитување на законската и подзаконската регулатива;*
4. *Персонално пополнување на работните места, зајакнување на капацитетите и материјално техничко доопремување на Одделот;*
5. *Континуирана и специјализирана обука на вработените во Одделот;*
6. *Јакнење на институционална и меѓуинституционална соработка на Одделот;*
7. *Интензивирање на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор;*
8. *Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;*
9. *Отчетност и транспарентност во работењето на Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди;*
10. *Спроведување на мерки и активности во врска со претстојните локални избори.* [36]

1.9.2. Народен правобранител – Омбудсман

Зборот потекнува од старонорвешкиот збор umbodsmadr, што значи претставник. За првпат е употребен во Шведска. Од 1552 година како термин е во употреба и во другите скандинавски јазици како во Исланд (umbodsmadur), Норвешка (ombudsman) и во Данска (ombudsmand). Современата употреба започнува во Шведскиот Парламент со воведување на терминот Омбудсман, востановен во 1809

[36] исто

година, со задача да ги штити правата на граѓаните преку основање на супервизорска агенција независна од извршната власт.

Народниот правобранител или ОМБУДСМАН во Република Северна Македонија е посебен, специфичен и независен орган, којшто има определени овластувања во делот на заштитата на човековите слободи и права. Тој како орган не е предвидено да има извршна или уште помалку судска власт и токму во тоа е специфичноста на неговата функција, односно има улога на советодавно тело. Тој дава насоки, предлози, сугестии и информации до јавноста и медиумите, како и до законодавната и извршната власт за некое прекршување на правата на човекот. Неговата функција пред сè е транспарентна, а неговата канцеларија е достапна секогаш за кој било граѓанин на државата. Покрај другото, во делот на неговите надлежности се и преземање мерки за заштита на принципот на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во државната администрација, во единиците на локалната самоуправа и во јавните институции и агенции.

Народниот правобранител го избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови и од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во државата. Тој има мандат од осум години, со право на уште еден избор. Народниот правобранител ги штити правата на граѓаните загарантирани со законите и Уставот во случаите кога тие се повредени од органите на државната управа и од други органи што имаат јавни овластувања. Во извршувањето на работите од негова надлежност му помагаат заменици избрани од Собранието. Работите од својата надлежност Народниот правобранител ги врши врз основа на Уставот и Законот, како и меѓународните правни акти за човековите слободи и права.

Организациска поставеност на Народниот правобранител:

- Одделение за недискриминација и соодветна правична застапеност;
- Одделение за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби;
- Национален превентивен механизам;

Во склоп на работата на Народниот правобранител постојат неколку организациски единици и подрачни канцеларии:

- Организациска единица за стручно-аналитички работи;
- Организациска единица за меѓународна соработка и односи со јавност;

- Организациска единица за човечки ресурси и финансиско работење;

- Организациска единица за координација на работата на Народниот правобранител и

- Канцеларии на Народниот правобранител во Тетово, Куманово, Кичево, Битола, Штип и во Струмица,

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени правата на подносителот на преставката, согласно член 2 од Законот за Народниот правобранител може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди ***(препорака*** *дава кога со сигурност е утврдено дека станува збор за повреда на правата со конкретен акт или дејствие,* ***мислење*** *дава кога ќе оцени дека е потребна измена или дополнување на некој акт на организацијата, додека* ***укажувањата*** *се упатуваат во случај кога од фактичката состојба произлегува дека со продолжувањето на одредено однесување на организацијата би се повредиле правата на подносителот на претставката);*

- да предложи повторно спроведување определена постапка во согласност со закон, ако се исполнети законските услови за повторување на постапката по барање на подносителот на преставката или ако има основ за промена на управниот акт по службена должност;

- да покрене иницијатива за поведување дисциплинска постапка против службено или одговорно лице, ако оцени дека со неговото постапување, односно непостапување има основ за сомнение дека ја прекршило работната или службената должност;

- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за утврдување на одговорност доколку оцени дека постои основано сомение за сторен прекршок или кривично дело предвидени со закон;

- да побара времено одложување на извршувањето на управниот акт до одлуката на второстепениот орган или до донесување одлука од надлежен суд, ако констатира повреда на правата, а извршувањето на управниот акт би предизвикало ненадоместлива штета за некоја од странките во спорот.

Народниот правобранител, кога е тоа можно, во текот на постапката може да побара спогодбено решавање на предметот. Со спогодбеното решавање на предметот постапката по предметот се смета за завршена. Спогодувањето мора да биде во согласност со Уставот и со законите. Во текот на постапката Народниот правобранител може да се повика и на начелото на правичност кога од објективни и субјективни

околности и постојното позитивно право произлегува дека со примена на законските одредби би дошло до очигледна неправичност. При следење на состојбите за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, Народниот правобранител постапува: по поднесени претставки, по сопствена иницијатива ако на кој било начин дојде до сознанија дека не се почитуваат овие начела, врз основа на извршени непосредни увиди во органите или организациите, со следење на огласите за прием на нови работници во органите или организациите што се должни да ги почитуваат наведените уставни начела. Заради обезбедување и почитување на уставните и законските права и начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, Народниот правобранител може по сопствена иницијатива да упатува препораки, мислења и критики до органите пред кои е надлежен да постапува доколку оцени дека со одделни општи или поединечни акти, со преземање или непреземање одредени активности на наведените органи или организации не се почитуваат правата на граѓаните и за остварување на наведените начела во однос на припадниците на заедниците. По добивање на претставката од кој било граѓанин, Народниот правобранител може да одлучи да не покрене постапка или да не ја земе во разгледување претставката ако е анонимна, не е поднесена во определениот рок или ако претставува злоупотреба на правото на жалба, но е должен во што пократок рок да го извести подносителот, да му ги објасни причините за тоа и по можност да го упати на кој начин да го оствари правото.

Народниот правобранител ќе ја отфрли претставката ако:

- од податоците што му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот;

- претставката не е комплетна и ако подносителот по претходно укажување од народниот правобранител не ја дополнил и

- по предметот на претставката во тек е судска постапка.

Народниот правобранител не покренува постапка ако од дејството или од последната одлука на органот, односно организацијата изминало повеќе од една година, освен ако оцени дека иницијаторот рокот го пропуштил од оправдани причини. Ако народниот правобранител одлучи да покрене постапка за тоа го известува подносителот на претставката и органот или организацијата на која се однесува претставката. Органите и организациите се должни да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање да му ги обезбедат сите податоци и информации, без оглед на степенот

на доверливост, и да му овозможат спроведување на постапката. Доверливите документи и податоци го обврзуваат Народниот правобранител. Органите и организациите се должни да постапат по предлозите, мислењата и препораките на Народниот правобранител и во рок не подолг од 30 дена да го известат за преземените мерки и активности по неговите барања. Доколку не постапат и не го известат Народниот правобранител за спроведување на неговите предлози и препораки, или пак, истите само делумно ги прифатат, Народниот правобранител за тоа може да го извести непосредно повисокиот орган, надлежното Министерство, Владата, а со посебен извештај да го извести и Собранието или предметот јавно да го објави.

Повредите на уставните и законските права може да бидат од разни области извршени на разни начини и форми: намерно и ненамерно, бирократско, самоволно, недолично и нехумано однесување, непостапување по барање на граѓанин, недонесување акт, решение, заклучок, неиздавање уверение, потврда, мислење и сл., оддолжување на постапка, нееднаков третман на граѓани, акт заснован на погрешна и непотполно утврдена фактичка состојба, акт заснован на погрешен материјален закон, повредена постапка и сите други намерни и ненамерни постапувања со кои се повредуваат правата и слободите на граѓаните загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните Меѓународни договори.

Дел од областите кои ги покрива Народниот правобранител, а кои се поврзани со овој труд, се:

работни односи - повреди на постапките за прераспоредување од работните места на вработените во органите на државната управа и во органите и организациите што имаат јавни овластувања, повреда на постапката при избор и вработување во овие органи, изигрување на прописите во постапките, неплаќање придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други повреди на правата што произлегуваат од работниот однос.

полициски постапки - повреди во постапките за стекнување и престанување на државјанството на Република Северна Македонија, злоупотреба и пречекорување на службените овластувања на полицијата при водење на полициските постапки, повреди во постапките за времено одземени предмети, повреди на постапките при издавање лични и патни документи, непостапување по кривични пријави поднесени од граѓаните, повреда и одолжување на постапката за регистрација на моторни возила, повреди на правата на осудените и притворените лица во казнено-поправните установи.

недискриминација и соодветна правична застапеност - заштита на правата на граѓаните и следење на примената на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците за локална самоуправа и јавните установи и служби.

социјални права - повреда на правото за остварување на постојана или еднократна помош, право за паричен надоместок за туѓа помош и нега, повреда на правото на надоместок на плата за скратено работно време и право на домување на социјално загрозени лица - станбено необезбедени, повреди во постапките за поставување старател, сместување лица со пречки во развојот, деца и младинци со воспитно-социјални проблеми, сместување стари лица во соодветни установи, право на паричен надоместок поради невработеност и сл.

други права - постапување по претставки од правни субјекти или од граѓани кога правото им е повредено од правно лице при што поради ненадлежноста на НП на подносителите им се дава правен совет за заштита на правата.

1.9.3. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата

На 6 јули 2011 година Собранието на Република Северна Македонија со одлука основа постојани работни тела за разгледување на предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието, за следење на извршувањето на донесените акти на Собранието, како и проучување на други прашања од негова надлежност. Претседателите на овие работни тела, како и нивни заменици и членови исто така ги избира Собранието од редот на пратениците. Покрај другите тела, како постојано работно тело е избрана и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните. Со одлуката на Собранието, оваа Комисија има претседател, осум члена и нивни заменици, а подоцна таа е проширена на четиринаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

- следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;
- соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот и
- други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

1.9.4. Државна комисија за спречување корупција (ДКСК)

Државната комисија за спречување корупција е самостојна и независна антикорупциска институција, чиишто надлежности се поврзани со процесот на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи заради спречување на корупцијата. Оваа комисија е основана на 12 ноември 2002 година, врз основа на Законот за спречување корупција, донесен во 2002 година, каде што Државната комисија за спречување корупција се дефинира како самостојна и независна институција, која има за цел да спречува и да превенира корупција преку надлежностите што им се утврдени во самиот текст на тогашниот закон. Во наредните години законот претрпува и неколку измени, кои ќе бидат од значење за функционирањето на ова тело, нејзините надлежности како и положбата и составот на ДКСК.

Државната комисија ги има следниве надлежности:

- донесува државна програма за превенција и репресија на корупцијата и акционен план за нејзино остварување;
- донесува годишни програми и планови за работа на Државната комисија;
- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;
- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатите и здруженијата на граѓани и фондации;

- покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон;
- ја евидентира и следи имотната состојба и промените на имотната состојба и на избраните и именуваните функционери и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, на начин утврден со Законот за спречување на корупцијата;
- донесува Деловник за работа;
- поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Северна Македонија, а го доставува до претседателот на Републиката, Владата и средствата за јавно информирање;
- соработува со други државни органи за спречување на корупцијата;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата;
- презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал;
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот и
- врши и други работи определени со закон.

Со цел да се утврдат перформансите на ДКСК, во изминатите години се спроведоа низа истражувања, кои имаа за цел да се утврди колку оваа Комисија ги исполнува своите надлежности и каква е перцепцијата на граѓаните за ова тело. Иако резултатите од различни испитувања на јавното мислење покажуваа дека граѓаните ја препознаваат оваа институција како главна антикорупциска државна институција, сепак нејзината улога не им е во целост позната, а довербата на граѓаните во неа е намалена.[37] Од истражувањата, спроведени во 2016 и 2017 година од невладиниот сектор, половина од граѓаните знаеле дека постои ДКСК, запознаени се со нејзините надлежности и ја

[37] Нурединоска Е., Саздевски М., Ѓузелов Б. (2014). Извештај за проценка на корупцијата во Македонија.

препознаваат како една од трите институции што најмногу придонесуваат во борбата против корупцијата и секој трет граѓанин би пријавил корупција во ДКСК. И покрај овој податок, вреди да се напомене дека перцепцијата на граѓаните била дека ДКСК го штити поединечниот, а не јавниот интерес. Во 2017 година по доставен редовен годишен извештај на ДКСК за работата за 2016 година Собранието врз основа на член 82 од Деловникот на Собранието[38] донесе препораки за ДКСК и тоа:

- Поголема проактивност на ДКСК во спроведувањето антикорупциска проверка на легислативата;

- Да се подготви и да се поднесе посебен извештај за можни злоупотреби на средства за време на локалните избори одржани во октомври 2017 година;

- Редизајнирање на Регистарот на избрани и именувани лица и механизам за следење на неисполнетите обврски на институциите;

- ДКСК да ги интензивира активностите за инсталирање на системот за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица со историски приказ;

- ДКСК да биде поактивна во следење и примена на Законот за заштита на укажувачите;

- ДКСК својата работа да ја темели на соработка со граѓанскиот сектор и со организираниот приватен сектор:

- Да ја зголеми информираноста на јавноста за сите свои активности.

На почетокот на јануари 2019 година, Собранието го донесе новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси[39], според кој ДКСК има зголемени надлежности, како и истражни функции. На овој начин и се дава зголемена моќ да ја „лови“ корупцијата и полесно да ја утврди фактичката состојба. Голема новост што ја предвиде овој закон е начинот на кој ќе се избираат новите антикорупционери. Транспарентноста што се утврди беше преку формирање Комисија за селекција во состав на Комисијата за избори и именување, во чиј состав има претставници од граѓанските организации и Народниот правобранител. Интервјуата на кандидатите се јавни. Право на учество имаат и претставници на граѓански здруженија со поставување прашања на кандидатите. Целиот овој процес се пренесува и на националната телевизија. Овој исчекор беше од големо значење кон транспарентноста и непартизираноста на процесот за избор на новата ДКСК. Се овозможи да се чуе и да се

[38] Чл. 82 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија: Собранието претресот по секоја точка од дневниот ред може да го заврши со: донесување акт, донесување заклучок или прост премин.
[39] Закон за спречување корупција и судир на интереси – „Службен весник“ на РСМ 12/2019

процени ставот и размислувањата на секој кандидат и секој член од Комисијата за селекција непристрасно да ги оцени сите барани параметри од кандидатите и врз основ на тоа да се донесе најтранспарентна одлука при изборот на членови на ДКСК.

1.9.5. Здруженијата на граѓани во заштитата на човековите права и слободи

Здруженијата на граѓани или популарно наречено граѓанско општество се битна алка во општественото уредување на државата, како добар заштитен механизам во одбраната на нарушените слободи и права на граѓаните, или прекршување на законските и уставни одлуки на некој орган на државната администрација, носителите на јавни функции и други организации во државата. Овој систем на дејствување на граѓаните е пред сè заради остварување на конкретни граѓански потреби и права. Ваквиот тип на организирање е во голем подем и има широка популарност во светски рамки кај сите развиени држави кои го преферираат демократскиот систем на вредности. Граѓанското општество според Лондонската школа за економија[40] се дефинира како арена на колективната нација за заеднички интереси, вредности и цели.

Здруженијата на граѓани се основен облик на организација на граѓанското општество. Овие организации, согласно интернационалната терминологија, исто така се нарекуваат невладини организации. Во ваквиот облик на организирање вклучени се и други групи на заедници како синдикати, професионални здруженија или асоцијации, религиозни групи или некакви други форми на здружување и дејствување и во најголем дел се заради заштита на слободите и правата. Како во другите држави, така и кај нас има голем број на вакви организации, односно здруженија, како и групи за застапување или лобирање.

Во Уставот на Република Северна Македонија овие права на граѓаните за здружување и основање на здруженија за заштита на определени права се предвидени во членот 20. Согласно тоа, граѓаните можат слободно да формираат, пристапуваат и истапуваат од здруженија заради промоција и остварување заштита на нивните политички, социјални, економски или културни права и уверувања, но програмските активности на здруженијата не смеат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на државата или кон поттикнување на национална, верска или расна омраза и нетрпеливост или кон повикување на воена агресија. Исто така, забрането е

[40] http://www.lse.ac.uk

формирање на полувоени или воени здруженија што не припаѓаат на вооружените сили на Република Северна Македонија. Начинот, условите и постапката на формирање и регистрација, како и имотот, надзорот над нивната работа и промени во статусот се уредуваат согласно законот за здруженија и фондации.

Кај нас постојат поголем број на здруженија и фондации кои работат на промоција и заштита на човековите права утврдени со Уставот и Меѓународните договори, и нивното делување претежно е насочено кон остварување на правата од областа на граѓанските, политичките и социјалните права. Во делот на економските и работните права најголемата улога ја имаат синдикатите. Бидејќи законот за здруженија и фондации дозволува формирање на сојузи, исто така постојат и сојузи за заштита на правата на жените, коалиции за заштита од дискриминација, за заштита на правата на маргинализираните групи граѓани и сл.

Заради подобра комуникација помеѓу граѓанските здруженија и извршната власт, на 1 ноември 2004 година на седница на Владата, а со заклучок на Генералниот секретаријат, формирано е работно тело, односно одделение за соработка со невладини организации и на тој начин Владата оформи една непосредна и блиска институционална соработка со граѓанскиот сектор во државата. На тој начин се создаде рамка за современо граѓанско општество во државата, кое овозможи модернизација на демократските сегменти во општеството.

Ова одделение е во состав на Секторот за анализа на политики и координација во Генералниот секретаријат на Владата и има задача за воспоставување доверба и соработка помеѓу Владата и невладините организации заради развој на граѓанскиот сектор. Досега во неколку наврати постои интензивна соработка со граѓанскиот сектор во делот на носење на политиките на Владата, особено во делот за носење на неколку национални стратегии.

Во однос на сите погоре споменати тела, битно е да кажеме дека Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди работи исклучиво за надзор и контрола на работниците во Министерството за внатрешни работи, како и санкционирање на прекршителите при повреда на некое право или непочитување на правилата и прописите на Министерството, додека работата на останатите тела за заштита на правата и слободите на граѓаните се однесува на сите граѓани во државата.

Покрај овие тела, во Република Северна Македонија постојат уште многу вакви органи како на централно ниво, така и во локалната власт, но и голем број други

здруженија во граѓанскиот сектор кои имаат исти или слични активности како гореспоменатите, но сите тие во нивниот делокруг на работни задачи и активности имаат иста цел, односно заштита и почитување на основните слободи и права на човекот, како и Уставно загарантираните права во државата, законите и преземените обврски на државата со ратификација на Меѓународните договори.

II. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОРГАНИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

„Промената не е неизбежна, туку се остварува преку непрекината борба.“

Борбата за човекови права никогаш не завршува. Денес сè уште се соочуваме со расна, полова и сексуална дискриминација и сите мора да придонесеме кон борбата против нееднаквоста.

Мартин Лутер Кинг

2.1. Полицијата и нејзината функција во општеството

Основна функција на полицијата во едно демократско општество е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. Како дел од безбедносниот систем, полицијата својата функција ја остварува преку работата на полициските службеници.

Главните задачи на полицијата се почитување и спроведување на законите, обезбедување на поредокот во државата, одржување на јавната безбедност и сигурност, заштита на фундаменталните права и слободи на поединецот, спречување и откривање на кривични дела, намалување на стравот, и пружање помош и услуги на граѓаните[41].

[41] Види Обединети нации, Универзална декларација за човекови права (1949), Чл. 19 и 20; Обединети нации, Меѓународен договор за граѓански и политички права (1966), Чл. 19, 21 и 22; Совет на Европа, Декларација за полиција (1979), Дел А 1; Обединети нации, Кодекс на однесување за овластени службени лица (1979), Чл. 1 и 2; КБСЕ, Париска повелба (1990), стр. 3; Меѓународна полициска оперативна група на Обединетите нации, Упатство на комесарот за демократско полициско работење во Федерацијата Босна и Херцеговина (Сараево, 1996), Начело 5; Совет на Европа, Препорака (2001), 10 Европски кодекс на

Напредок на едно демократското полициско работење се постигнува кога постои промена од пристап на контрола кон услужен пристап, каде основната грижа на полицијата останува насочена кон проактивното спречување на криминалот. Демократската полиција ги развива и имплементира нејзините активности согласно потребите на граѓаните и државата, а посебно им помага на оние членови на заедницата кои имаат потреба од непосредна помош[42]. Полициските службеници имаат за задача да одговорат на потребите на целокупната заедница и да се стремат кон навремено услужување на еднаков и непристрасен начин. Преку нивните активности, полициските службеници треба да бидат дел од општеството кое се стреми кон промовирање на правна заштита и чувство на безбедност кај граѓаните. По барање, полицијата им помага односно асистира и на други јавни институции во извршувањето на нивните услуги кога тоа е законски пропишано. При интервенирањето во конфликти, полицијата мора да се раководи според начелото дека „секој ќе биде предмет на такви ограничувања какви што одредува законот, со цел обезбедување на соодветно признание и почитување на правата и слободите на другите, како и исполнување на правичните барања за моралност, јавен ред и општа добросостојба во едно демократско општество“[43]. Затоа полицијата може да се смета за чувар на еднаквоста, интеграцијата и кохезијата[44], во време на брзи промени на составот на населението во повеќето главни градови[45].

Добрата организациска поставеност на полицијата во демократските општества придонесува за зајакната комуникација и практична соработка помеѓу полицијата и граѓаните, а од ваквиот однос корист имаат сите страни. Граѓаните имаат корист од квалитетната работа на полицијата бидејќи со таквиот пристап полицијата секогаш има предвид за сите прашања на граѓаните и одговара на нивните потреби и пристап до

полициска етика (2001), 1 и 12; Обединети нации, „Упатства за превенција на криминал“, Анекс: Постапка за промовирање на ефективно спречување на криминал (2002); Совет на Европа, Препорака (2003) 21 во врска со Партнерствата за превенција на криминалот (2003); Обединети нации, Спречување на урбан криминал (2004); Дејвид Брус/Рејчел Нилд 2005, Полиција каква што сакаме, Прирачник за надзор на полицијата во Јужна Африка (Центар за изучување на насилство и помирување, ДС Принт Медија, Јоханесбург, 2005), стр. 33; и Иницијатива на Комонвелтот за човекови права, Полициска отчетност. Премногу значајна за да се запостави, премногу итна за да се одложи (Њу Делхи, 2005), стр. 18 и 31.

[42] Види Совет на Европа, Резолуција 690 (1979) на Декларацијата за полиција (1979), дел Б, 1; Обединети нации, Кодекс на однесување за овластени службени лица (цит.дел., забелешка 5), Член 1 (в)); и Совет на Европа, Европски кодекс на полициска етика (цит.дел., забелешка 5), 44, 49 и 51.

[43] Обединети нации, Универзална декларација за човекови права (цит. дел., забелешка 5), Чл. 29 (2).

[44] Види Фондација, Полициско работење за мултиетничко општество, Ротердамска повелба: Полициско работење за мултиетничко општество (Ротердам, 1996), Чл. 1.4; и Висок комесар за национални малцинства (ХЦНМ), Препораки за полициско работење во мултиетнички општества (Хаг, 1994), Препорака 1, точка 7.

[45] Види Фондација, Полициско работење за мултиетничко општество, Ротердамска повелба (белешка 13), Чл. 2.1

правдата, додека пак полицијата има корист бидејќи добрата соработка и комуникација се клучен фактор за квалитено полициско работење во заедницата. Државата пак, од сето ова има корист заради зајакнување на вкупната безбедност и мир во општеството.

„Еден од главните услови за членство во Европската Унија е доследното спроведување на законите во областа на полициското работење и почитувањето на човековите права и слободи. Контролата и надзорот над работата на полицијата, мониторингот над транспарентноста и отчетноста во нејзиното работење, како и одговорното извршување на полициските работни задачи и спроведување на полициските овластувања се особено значајни, заради зголемување на довербата кај јавноста“. [46]

2.2. Меѓународни полициски структури

2.2.1. Полиција на ООН (UNPOL)

Заради подобрување на меѓународниот мир и безбедност во светот во 60-тите години од минатиот век во мисиите на ООН преку поддршка на земјте членки се вклучени полициски служби кои му служат и го штитат населението. На самите почетоци полициските задачи биле, пред сè, ограничени на следење, набљудување и известување, но во раните 90-ти години сè повеќе полициските мисии се користат за советување, менторирање и обуки на релевантните државни служби во постконфликтниот период и опоравувањето на државите, но и во мирновременски услови во држави во развој кои се стремат да ги прифатат продемократските вредности на развиените држави.

Полицијата на ООН (UNPOL), која за своите активности е овластена од Советот за безбедност на Обединетите нации,[47] според владеењето на правото и меѓународните човекови права, треба да го одржува јавниот ред и мир, да го штити животот и имотот на луѓето како целосна или делумна замена на полициските сили на земјата во која престојуваат.[48]

[46] Види: Одговорно полициско работење, ризици од корупција во Министерство за внатрешни работи, стр 4
[47] United Nations Security Council - www.un.org
[48] The mission of UN police / United Nations Police - police.un.org

Полицијата на ООН се состои од формирани полициски единици (FPU),[49] индивидуални полициски службеници (IPO),[50] и специјализирани тимови и цивилни експерти кои извршуваат полициски пристапи ориентирани кон заедницата со прибирање на разузнавачки информации и преземање активности во насока на заштитата на цивилите и човековите права и слободи. Покрај овие работи, исто така се стремат кон препознавање на причините кои водат кон сексуално и родово насилство, сериозен и организиран криминал, спроведување на истраги, специјални операции и обезбедување на државни избори. Полицијата на ООН обезбедува сеопфатни и менторски услуги во 18 мировни мисии на глобално ниво. Полицијата на ООН може да се распоредува заедно со воениот персонал или самостојно.

Должностите и улогите, кои ги имаат претставниците на полицијата на ООН (UNPOL), во мировните операции или во специјални политички мисии варираат, во зависност од потребите и можат да се менуваат. Политичките институции на државите домаќини на мисијата, најчесто се одговорни за врската помеѓу владата и безбедносните прашања на мисијата.[51] Затоа, UNPOL игра важна улога во градењето на капацитетите на полициските институции на државите домаќини на мисијата и на другите агенции за спроведување на законот, особено во конфликтни и постконфликтни ситуации, вклучувајќи техничка помош и програми за обука и менторство. Во суштина постојат три различни категории за работата на полицијата на ООН и тоа:

- Како индивидуален полициски службеник (IPO) - IPO е привремено испратено индивидуално лице кое работи во рамки на Обединетите нации и го споделува своето знаење со полициските институции на земјата домаќин. За ваквите мисии Обединетите нации планираат високо обучени и специјализирани офицери кои имаат најмалку 5-годишно полициско работно искуство.
- Како дел од Формираната полициска единица (FPU) - Улогите на FPU вклучуваат контрола на толпа и заштита на имотите на ООН. FPU функционира како единица пред да биде распоредена во мировна мисија.[52]
- Како стручен кадар за повисоките категории на службеници - за овој вид на категории со кои секој човек може да започне кариера во Обединетите нации организацијата бара завршено високо образование или магистерски студии бидејќи се

[49] Formerd police units(FPUs) / United Nations Police - police.un.org
[50] Individual Police Officers / United Nations Police - police.un.org
[51] United Nations Official Document - www.un.org
[52] FPU assessment – FPU exam/ Be a peacekeeper - www.beapeacekeeper.com

работи за позиции кои се високи полициски советници или полициски началници во Обединетите нации.

Покрај другото, UNPOL може да се употребува и за:

- Развој на политика и насочување, односно креирање политики и дефинирање на параметрите на меѓународното полициско миротворство;

- Стратешко планирање, поточно зајакнување на капацитетите и способноста на полицијата за спроведување стратегија на пократок и подолг рок;

- Процеси за избор и регрутирање, подобрување на напорите за регрутирање, избор, распоредување и ротирање на високо квалификуван персонал во мисиите, како и напори за зголемување на бројот на жени офицери во мисиите на ООН;

- Оперативна поддршка на мисиите преку постојан полициски капацитет, поточно зголемување на ефикасноста и ефективноста на оперативната поддршка обезбедена од постојаниот полициски капацитет на Организацијата;

- Реагирање кон сексуалното и родовото насилство – зајакнување на капацитетите за реакција кон сексуалното и родовото насилство и создавање насоки за полесна примена на прописите од страна на полицијата;

- Глобално водство, партнерство и регионална соработка – зајакнување на капацитетите во областа на меѓународното полициско работење и развој на партнерства за поефикасна реализација на предметите.

2.2.2. Европска агенција за полиција (EUROPOL), Европска полиција (EUPOL)

Европската агенција за полицијата или скратено EUROPOL, е криминалистичко разузнавачка агенција на Европската Унија која е основана на 1 октомври 1998 година, а со својата работа започна на 1 јули 1999 година. Основањето на Европската полиција е договорено уште 1992 година на Договорот од Мастрикт, кој стапи на сила во 1993 година. Агенцијата започна со ограничени опрации да дејствува уште во 1994 година, како одделение на EUROPOL за дрога. Конвенцијата за EUROPOL ја имаат потпишано сите држави членки на Унијата. Европската полиција располага со околу 410 запослени и 90 EUROPOL офицери од седиштето на полицијата кое е сместено во Хаг.

Големината на EUROPOL е во согласност со фактот што тој е во постојана комуникација и за неговата работа секогаш има поединци или групи во државите членки кои му помагаат во работата. Од 2007 година Европската полиција ги покрива сите земји членки на Европската Унија. Задачите на Европската полиција се да ја зголеми

ефикасноста и соработката помеѓу полициските органи на државите членки, пред се преку собирање и размена на разузнавачки податоци за превенција и борба со меѓународниот организиран криминал. EUROPOL нема извршни овластувања, туку само поддршка на полициските служби на државите членки на Унијата. Тоа само по себе кажува дека службениците на EUROPOL не се овластени да вршат истрага во државите членки, ниту да апсат осомничени лица или лица сторители на кривични дела. Со своите активности, разузнавачки информации, анализа, експертиза и обука, EUROPOL може само да придонесе во зајакнување на мерките кои ги спроведуваат релевантните државни органи.

EUROPOL е мултидисциплинарна агенција која не е сочинета само од полициски службеници, туку и од службеници од различни служби од областа на безбедноста: Царина, Имигрициони служби, Погранична и Финансиска полиција и сл. Од друга страна, EUROPOL помага да се надминат јазичните бариери, така што секој службеник на безбедносниот сектор може на својот мајчин јазик да се обрати на националното одделение на EUROPOL во својата држава и одговорот да го добие исто така на јазикот што го разбира. Постојат три типа на соработка помеѓу EUROPOL и државите членки на Унијата, прво е техничка соработка или обука, второ стратешка соработка насочена кон пратење на организираниот криминал и како највисок степен на соработка е размената на лични податоци која бара исклучително внимание, согласно стандардите на ЕУРОПОЛ.

2 .3. За човековите слободи и права

За човековите права можеме да кажеме дека, од една страна, се занимаваат со развојот на човекот и со тоа колку луѓето се способни да го остварат нивниот целосен потенцијал во врските со нивните сограѓани, додека, од друга страна, човековите права конкретно ги дефинираат одговорностите на граѓаните насочени кон поединците. Основен критериум, преку кој се отсликува улогата на граѓанинот и човекот во едно општество, се правата и слободите на граѓаните, а истовремено тие претставуваат и најјасен показател за карактерот на едно општество, односно карактерот на власта, обратнопропорционално влијаат на можноста од злоупотребата на истите од страна на

власта, односно колку човековите слободи и права се понапредни толку се намалува можноста на власта истите да ги злоупотреби.

Голем чекор кон развојот на правата и слободите на човекот и граѓанинот, во вистинска смисла на зборот - човековата историја се чини со право ја смета „Големата Повелба за Правата“ (латински: *Magna Carta Libertatum*) од 1215 година, кога англиските феудалци стекнале за себе одредени привилегии од тогашниот крал. Ова било зачеток за подоцнежно проширување на корпусот на правата и слободите на човекот. На повисоко ниво за правата на човекот била Франција, со Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот (француски: *Declaration des droits de l'home et du citoyen*) во 1789 година. Оваа Декларација ја објавила слободата, рамноправноста, приватната сопственост и отпорот против насилството како природни и неотуѓиви права. Од особено значење во оваа тематска целина има Универзалната декларација за човековите права (англиски: *Universal Declaration of Human Rights*), која ја усвоило Генералното собрание на Обединетите нации на своето заседание во Париз на 10 декември 1948 година, тргнувајќи од начелото дека „*сите луѓе се раѓаат слободни и рамноправни во достоинството и во правата*“.[53] Човековите права, традиционално, се поделени во категории и тука влегуваат: граѓанските, политичките, социјалните, економските и културолошките права.

Во однос на областа на која се однесуваат човековите права и слободи, или како развојни стадиуми во историјата на правата и слободите, во научно-теоретската мисла се зборува за три генерации на права, и тоа:

- Граѓански и политички права, кои се сметаат за „прва генерација“, кои во суштина треба да овозможат ослободување на човекот од притисокот на државата во смисла на нејзино самоволие, потиснување на неограничената власт за сметка на активно вклучување и влијание на граѓанинот во нејзиното управување со практицирање во власта и контрола врз неа. Овде спаѓаат: Правото на живот, слобода од тортура и друг понижувачки и нехуман третман; Слобода од ропство и присилна работа; Право на слобода и сигурност; Право на хуман третман на затворените лица; Слобода од должнички затвор; Слобода на движење и избор на живеалиште; Право на фер судење; Право на ефикасен правен лек; Право на користење на правен лек пред надлежна власт; Право на судска заштита; Право на извршност; Право на неретроактивност на казненото право; Право да се биде субјект пред правото; Право на приватност; Слобода на мисла,

[53] https://mk.wikipedia.org/wiki/Човекови права

совест и вероисповест; Слобода на мислење и изразување; Забрана на пропагирање војна и поттикнување на национална, расна или верска омраза; Право на мирно собирање; Слобода на здружување; Право на брак и формирање семејство; Право на детето; Политички права; Право на еднаквост пред законот; Слобода на странците од арбитрерно протерување; Забрана за дискриминација; Права на малцинствата и, како колективно право, Правото на самоопределување на народите.

- Како следни се јавуваат социјалните и економските права, како „втора генерација“. Овие права произлегуваат од вредностите на човековото живеење во заедница со другите луѓе и се ориентирани кон обврска на државата за нивно исполнување и заштита на човекот, и тоа преку владеењето на правото, механизмите и инструментите со кои се обезбедуват и гарантират овие права. Во овие права влегуваат: Право на еднаквост меѓу половите; Право на сопственост; Право на работа; Право на правични и поволни услови за работа; Право на синдикално здружување; Право на штрајк; Право на социјална заштита и социјално осигурување; Право на специјална заштита на семејството, на мајчинството и на децата; Право на дом и место на живеење; Право на соодветен стандард на живеење и право на заштита од глад; Право на физичко и ментално здравје;
- И културолошките права, или развојните права, кои се сметаат за „трета генерација“, во кои може да ги набројиме: Право на образование и право на образование за правата на човекот; Право на авторски права; Право на учество во културата и право на користење на научниот прогрес; Право на слобода за научно истражување и други креативни истражувања. Исто така препознаваме и Солидарни права, односно колективни права кои се повеќе декларативни права и кои сè уште го немаат „авторитетот“ на претходните во позитивно-правна смисла, поради недоволно изградени соодветни механизми и инструменти за нивна правна заштита, и имаат повеќе политички отколку правен карактер. Овде влегуваат: Правото на економско, политичко, социјално и културно самоопределување; Правото на економски и социјален развиток; Правото да се учествува во користењето на заедничкото цивилизациско наследство и други информации и развиток; Правото на мир; Правото на здрава околина и Правото на хуманитарна помош.

Но и покрај вредноста на категоризирањето на правата, „Повелбата за образование за демократско граѓанство“[54] и образованието за човекови права бараат да

[54] www.living-democracy.mk

се промовира едно интегрирано сфаќање за човековите права, во кое се дава еднаков акцент на сите категории без разлика за кои права станува збор: граѓански, политички, социјални, економски и културолошки. Потребен е баланс, но и тенденцијата од укинување на практиката од минатото кога некои права се сметаа за позначајни за разлика од другите.

Човековите права имаат три елементи: носител на правата, содржина на правото и носител на должност. Должностите, најчесто, се адресираат на три нивоа:

- Да се почитува, значи воздржување од директно или индиректно одземање на правата на поединецот, вклучувајќи и воздржување од формирање на институционален систем кој би можел да им ги одзема правата на луѓето или давање поттик на другите да им ги одземаат правата на луѓето.
- Да се заштитува, значи да се поттикне почитувањето; да се спречат оние кои бараат одземање на туѓите права – без разлика дали се тие владини службеници, меѓународни институции, приватни корпорации, водачи во заедницата, членови на одбори, или членови на семејството – за да престанат да го прават тоа.
- Да се исполни, значи да се помогне на обесправените – вклучувајќи ги и оние кон кои поединецот има специјална одговорност, оние кои се обесправени, бидејќи постои неисполнување на должноста да се почитуваат и должноста да се заштитуваат нивните права, како и оние кои се жртви на природни катастрофи. Оваа помош вклучува законско, буџетско, судско и друго делување за да се обезбеди најдобрата можна политика во заедницата за заштита на правата“.[55]

„Слободите, заштитени како граѓански права, вклучуваат слобода на мислата, размислување и изразување, слобода за религиозно верување и практика, слобода на движење во рамките на една држава и право на мирно здружување и собирање. Останатите граѓански права ја заштитуваат приватноста на поединецот, семејниот живот и правото на еднаквост пред законот.“[56]

Во денешно време човековите права својата правна основа и концепт ја имаат во меѓународното право, во форма на пишани правни норми и стандарди, како и релевантни институции кои ја гарантираат и контролираат нивната примена и почитување. Човековите права се инкорпорирани во националните правни системи на современите ентитети кои треба да го гарантираат и обезбедуваат нивното почитување во

[55] Засновано врз „Должности без граници. Човековите права и глобалната социјална правда“, Меѓународен Совет за политика на човекови права (2016).
[56] Исто.

секојдневното функционирање на своите граѓани. Одговорностите се логичка последица на човековите права. Основна цел е граѓаните да бидат заштитени, секое право носи и соодветна одговорност, како за граѓаните, така и за државата. Секој поединец има морална должност да не го нарушува личниот дигнитет на другите луѓе. Владите во современите ентитети, со потпишувањето на меѓународни спогодби и со обврзување во нивните устави, немаат само морална обврска, туку и законска должност.

Почитувањето на основните слободи и права се содржани и во Европската конвенција за човекови права која подразбира постоење и ограничување на полицијата во остварување на нејзините цели при работењето и извршувањето на своите задачи. Полициските службеници е потребно задолжително да го почитуваат правото на живот, како и да се однесуваат хумано со секое лице, без разлика дали тоа лице бара заштита од полицијата или пак тоа лице се јавува како лице кое го крши законот и е сторител на одредено кривично дело. Секој полициски службеник потребно е да има индивидуална одговорност за своите постапки во вршење на полициските задачи. Основен критериум за полициската постапка е законитост, сразмерност и недискриминација при вршење на службените задачи. Секоја преземена акција потребно е да се темели врз основа на закон, да е во сооднос со целта која сака да ја постигне и не смее да вклучува било каков облик на дискриминација на граѓаните.

Секоја една демократска полиција ги развива и имплементира нејзините активности согласно потребите на граѓаните и државата, а посебно им помага на оние членови на заедницата кои имаат потреба од непосредна помош. Полицијата треба да одговори на потребите на целокупната заедница и да се стреми кон навремено услужување на еднаков и непристрасен начин. Полицијата преку своите активности, треба да биде дел од заедничките напори на општеството за промовирање на правна заштита и чувство на безбедност на граѓаните. Односот на полицијата и граѓаните потребно е да биде регулиран со внатрешни закони, кодекси и пракси кои ќе се водат од принципите поставени во содржината на Европскиот кодекс на полициска етика и втемелувањето на меѓународните стандарди.

Делувањето на полицијата, односно постапувањето на полициските службеници во едно демократско општество при извршувањето на своите работни задачи треба да соодветствува со Декларацијата за полиција, која ја нагласува етиката на полициското постапување и делување за време на војна и во други вонредни состојби и Европската полициска повелба, која ја регулира материјата за односот на полицијата со заедницата, внимателниот начин на однесување спрема граѓаните, укажувањето помош на граѓаните

но иста така и отфрлањето на секоја форма на полициска злоупотреба, дискриминација, своеволие и корупција. Со оваа повелба е регулирано и правото на полициските службеници за здружување во синдикати. Европскиот кодекс на полициска етика (ЕКПЕ), претставува надградба на Декларацијата за полиција. Тој ги регулира полициската интервенција и употребата на сила при извршување на полициските работи. Според Кодексот, употребата на сила може да се примени само врз основа на лигитимен акт, односно само доколку има законски основ за истата. Во овој кодекс постојат и одредби кои се однесуваат на практичната обука на полициските службеници за употребата на сила, вклучувајќи ги начелата на Европската конвенција за човекови права, како и релевантните одлуки на Европскиот суд за човекови права во Стразбург, притоа давајќи големо значење на ставовите од судот за начинот на употребата на сила, а воедно и создавајќи право кое гради стандарди кои полициските службеници при примена на сила се обврзани да ги почитуваат.

Европскиот кодекс на полициска етика служи како пример и насока за креирање на прописи и правила за однесувањето и употребата на полициските сили во демократските општества, но исто така и како пример за државите во развој кои имаат амбиции да се развиваат продемократски и да ги почитуваат принципите и правилата за заштита на човековите права. Исто така, во овој Кодекс е утврдено дека полицијата треба да постапува со интегритет и почит кон јавноста и со посебна грижа за лицата кои припаѓаат на ранливите групи.

2.4. Меѓународни документи за заштита на човековите слободи и права

Степенот на цивилизацискиот развој на државите по Втората светска војна нагло почна да се зголемува, а поради нечовечкиот и нехуман пристап со цивилите и војниците во војната, се појави потреба од зголемена заштита на луѓето и нивните основни права од страна на релевантни меѓународни институции. Меѓународните човекови права се законски права содржани во меѓународните договори кои се договорени во меѓународните организации и се потпишани и ратификувани од страна на земјите членки. Многу од нив се, исто така, интегрирани во националните устави. Општоприфатено е приоритетното значење на меѓународното право над домашното законодавство и претставува непобитен дел од внатрешното право.

Кога зборуваме за изворите на правото на човековите права и слободи, тогаш се мисли на голем број меѓународни правни документи, меѓународни правни обичаи,

одлуки и препораки на релевантни организации и институции, како и на работата и делата на истакнати поединци кои имаат особен и признаен придонес за развојот на идејата и концептот за човековите права и слободи.

Меѓународната повелба на Обединетите Нации за човековите права е термин кој се употребува како колективна референца за трите најважни инструменти за човекови права и тоа:

1. Универзална декларација за правата на човекот (УДПЧ);
2. Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП); и неговите два протоколи:
   - Факултативен протокол од МПГПП – (1976)
   - Втор Факултативен протокол од МПГПП – (1991)
3. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП);

Покрај гореспоменатите, постојат уште многу меѓународни правни акти, документи, декларации, конвенции и протоколи усвоени и донесени со цел унапредување и зацврстување на човековите права и слободи.

2.4.1. Универзална декларација за правата на човекот (УДПЧ)

Универзалната декларација е најважен документ за човековите права, усвоена од Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации (ООН), на 10 декември 1948 година во дворецот Шајо во Париз. Таа претставува рамковен документ кој дава насоки и интерпретација на одредбите за човековите права, како и обврските содржани во Повелбата на Обединетите нации. Целта на донесувањето на оваа Декларација првично не била истата да биде правно обврзувачки документ, туку како што е прокламирано во Преамбулата од Декларацијата: „Заеднички стандард на достигнување за сите народи и нации“[57]. Декларацијата претставува првото глобално изразување за правата на кои, по својата природа имаат право сите човечки суштества.

Оваа декларација е составена 30 члена, што заедно со преамбулата, која е составена од седум ставови, се основен извор на правото кои понатака се преточуваат и надоградуваат со други меѓународни правни акти и норми кои ги гарантираат овие права како највисока цивилизациска придобивка на човекот. Универзалната Декларација е основен, суштински документ на Обединетите нации. Таа служи како основа за два

[57] Univerzal Declaration of Human Rights

обврзувачки пакта за човековите права на Обединетите нации, а тоа се Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Правата и слободите на човекот наведени во Декларацијата им припаѓаат на сите луѓе, без разлика на раса, пол, боја, јазик, национално потекло, религија, политичко и верско убедување или друг статус. Постојат многу други меѓународни документи кои се однесуваат на човековите слободи и права и нивна заштита, кои при донесувањето биле од формален или советодавен карактер и не биле правно обврзувачки, но постепено, со тек на време сè повеќе биле прифаќани и имплементирани во државите, и на тој начин се актуелизирале до тој степен што добиле карактер на обичајно право[58].

Иако не е правно обврзувачки документ, Декларацијата се смета за универзално обврзувачка бидејќи има статус на обичајно право, односно ги запазува генералните принципи на меѓународното право и на Повелбата на Обединетите нации. Таа се состои од триесет члена, коишто се елаборирани во меѓународните договори, регионални инструменти за човекови права, закони и национални устави. Преамбулата и триесетте члена опфаќаат широк спектар на права во кои се содржани: Право на еднаквост во достоинство на правата; Ослободување од дискриминација во поглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичко или друго мислење, национално и општествено потекло, имотна состојба, раѓање или кои било други услови; Право на живот, слобода и безбедност на личноста; Ослободување од ропство и трговија со робови; Ослободување од тортура и нечовечки третман; Право на третман како личност пред законот; Право на еднаквост пред законот; Право на правен лек пред надлежен суд и заштита од кршење на основните права; Ослободување од произволно апсење и протерување; Право на праведно и јавно судење пред непристрасен суд; Право да се биде невин се додека не се докаже вината; Право на заштита на приватност, дом и преписка; Право на слободно движење и избор на престојувалиште во државата; Право на азил; Право на државјанство и слобода да го промени; Право на брак и семејство; Право на сопственост; Слобода на мислата, совеста и вероисповедта; Слобода на

[58]Примери на такви декларации се:
- Декларација за правото на развој (1986)
- Декларација за правата на лица кои им припаѓаат на национални, етнички или јазични малцинства (1992)
- Декларација за елиминирање на насилство врз жени(1994)
- Декларација за елиминирање на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз верска основа или верување (1981)
- Декларација за заштита на сите луѓе од принудени исчезнувања (1992)
- Декларација за правата на хендикепираните лица (1975)

мислење и изразување; Право на слобода и мирно собирање и здружување; Право да учествува во власта и слободни избори; Право на социјална осигурување; Право на работа, слободен избор при вработување и здружување во синдикати; Право на одмор и слободно време; Право на соодветен стандард на живеење кој му обезбедува здравје и благосостојба на поединецот; Право на образование; Право на учество во културниот живот на заедницата; Право на општествен и меѓународен поредок во кој овие права ќе се реализираат; Суштинска должност кон заедницата за слободен и целосен развој; Право на остварување на одредбите од Декларацијата без спречување од страна на држави, групи или поединци.

Универзалната декларација за правата на човекот претставува извор од чии одредби произлегуваат двата меѓународни пакта, кои патем претставуваат договори (правно обврзувачки документи) и тоа Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Во 1966 година Генералното собрание ги донесе двата детални пакта коишто ја комплетираат Меѓународната повелба за човекови права и откако во 1976 година беа ратификувани од доволен број поединечни држави Повелбата стана меѓународен закон.

На меѓународната конференција за човекови права која се одржа во 1986 година во Техеран донесен е заклучок дека Универзалната Декларација за човекови права претставува обврска за сите членови на меѓународната заедница, и истата заедно со Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права со неговите два Факултативни протоколи ја формираат Меѓународната повелба за човекови права.

2.4.2. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП)

Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права е усвоен од страна на Генералното собрание на ООН во 1966 година исто како Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Преку овие два пакта, идеалите втемелени во Универзалната декларација се претворија во конкретни позитивни норми. Овој Пакт го препознава вродената достоинство на секоја индивидуа и промовира создавање услови во секоја држава со цел уживање на сите права.

Составен е од 31 член, кои се пропишани во пет дела кои содржат одредби кои се однесуваат на правото на самоопределување, право на меѓународна помош и соработка, особено на економско и техничко поле, забрана за дискриминација заснована врз раса, пол, јазик, вера, политичко мислење или некое друго мислење, национално или

социјално потекло, раѓање или некоја друга околност, еднакви права на жените и мажите за користење на сите економски, социјални и културни права, право на држава, групација или поединец да врши некоја дејност, право на работа, праведни и поволни услови за работа, награда за работниците, хигиенско-техничка заштита при работа, одмор, разонода и разумно ограничување на работното време и повремени платени отсуства, како и надомест за празнични денови, слобода на здружување и синдикални права, право на штрајк, законски ограничувања на оружените сили, полицијата и државната управа, социјално осигурување, заштита и помош на семејството, посебна заштита на мајките, заштита на децата и младите, соодветен животен стандард, највисок достапен стандард и здравје, образование, задолжително бесплатно основно образование, учество во културниот живот, користи од напредокот на науката, права на интелектуална сопственост и јакнење на развитокот на меѓународната соработка и врските на полето на науката и културата.

Во четвртиот дел од овој Пакт е регулирано основање на Економско-социјален совет, неговите обврски и обврските на државите членки на Пактот, кои се обврзани да поднесат извештаи за мерките што ќе ги усвојат, како и за напредокот постигнат со цел да се обезбеди почитување на правата признати во Пактот. Државите странки и заинтересираните специјализирани установи можат да му поднесат на Економско-социјалниот совет забелешка за секоја препорака од општ карактер, а Советот одвреме-навреме, може да му поднесе на Генералното собрание извештаи што содржат препораки од општ карактер и преглед на известувањата добиени од државите - страни во овој пакт и за преземените мерки или за постигнатиот напредок заради обезбедување на општо почитување на правата признати во овој пакт.

2.4.3. Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП)

Меѓународен пакт за граѓански и политички права е усвоен од Генералното собрание на ОН во 1966 година, а стапи на сила во 1976 година. Составен е од 53 члена поделени во пет дела, во кои се опишани обврските кои државите потписнички треба да ги преземат, користејќи ги своите сопствени извори за да постигнат потполно остварување на правата признати во овој пакт.

Одредбите од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права се однесуваат, помеѓу другите работи, и на тоа дека сите народи и права имаат право на самоопределување. Државите се обврзуваат да извршат корекции во домашните

законодавства, што ќе овозможат остварување на правата признати со овој пакт, еднакво право на мажите и жените, право на живот и дека никој не може да биде произволно лишен од животот, забрана за тортура и понижување на свиреп и нехуман начин, забрана за ропство и трговија со робје, право на слобода и безбедност на личноста, хумано и достоинствено почитување на секое лице лишено од слобода, право на слободно движење и слободен избор на место на живеење, еднаквост пред судовите на прадата, забрана за самоволни и незаконити мешања во приватниот живот, право на слобода на мисла, совест и вероисповест, право на слобода на изразувањето, забрана за поттикнување на национална, расна и верска омраза, право на мирно собирање, право на слободно здружување, основање и членување во синдикати, заштита на семејството од страна на државата, заштита на детето и право на семејство, да се гласа и да се биде кандидат на избори, еднаквост пред и еднаква заштита од законот, права на етнички, верски или јазични малцинства.

Во четвртиот дел е регулирано основањето на Комитетот за правата на човекот, неговите обврски и обврските на државите потписнички на Пактот. Тој е составен од 18 членови кои се избираат со тајно гласање на состанок свикан од страна на Генералното собрание на ООН, со апсолутно мнозинство на гласови од присутните држави членки со мандат од четири години, односно две години за девет од членовите кои се избрани со ждрепка.

Комитетот за човекови права е тело кое следи дали државите односно страни на договорот се придржуваат и ги почитуваат одредбите на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Секоја држава потписничка поднесува извештај до Комитетот една година по стапувањето на сила на Пактот, а во иднина секогаш на барање на Комитетот, додека комитетот за својата работа секоја година доставува извештај до Генералното собрание на ООН.

„Овој пакт, чии англиски, француски, руски, шпански и кинески текст се подеднакво веродостојни, се депонира во архивот на Организацијата на Обединетите нации“[59]

2.4.3.1. Факултативен протокол од МПГПП [60] (1976 година)

[59] Член 53 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права

[60] Усвоен и отворен за потпишување и ратификување или пристапување со Резолуција на Генералното собрание на ОН 2200 А (XXI) од 16 декември 1966 год. Стапи во сила на 23 март 1976 год., во согласност со членот 9 од Протоколот.

Преку факултативниот протокол на меѓународниот пакт за граѓански и политички права е утврден механизмот на жалби на кој било поединец на кого му е прекршено некое право кое му припаѓа според Пактот, а истиот ги има исцрпено сите правни лекови кои му стојат на располагање во сопствената држава. Ваквите барања во вид на известувања или преставки се поднесуваат до Комитетот за разгледување. Кога Комитетот ќе донесе одлука по определен предмет, истата не е правно обврзувачка за државата, како што се судските одлуки, но во секој случај државите ги почитуваат ваквите одлуки на Комитетот и најчесто постапуваат согласно препораките во одлуката. Нема казнени мерки или некаков друг вид на санкции за државата која не постапила согласно препораката. Овој протокол е неспоив во ратификацијата со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, односно државите членки на Пактот не мора да го ратификуваат за да бидат страна во Протоколот.

2.4.3.2. Втор Факултативен протокол од МПГПП [61] (1991 година)

Овој факултативен протокол донесен во 1989 година и има 11 члена со една единствена цел, а тоа е укинување на смртната казна. Сите држави потписнички на протоколот се обврзуваат да ги преземет сите неопходни мерки и промени во сопствените законски регулативи за укинување на смртната казна. Поточно, државите страни во протоколот не смеат да погубат никого кој е во нивна надлежност. Не се дозволени никакви резерви освен можноста смртната казна да е дозволена само за време на војна и тоа за најтешки форми на кривични дела од воена природа.

2.4.4. Конвенција за елиминирање на расна дискриминација КЕРД[62] (1969 год)

Оваа конвенција која е донесена во 1965 година и има за цел елиминирање на сите форми на расна дискриминација, како и осуда за сите организации кои пропагираат расна супериорност, одредби за државните политики кои ќе ги гарантираат правата содржани во Универзлната декларација за правата на човекот, заштита, правни лекови

[61] Усвоен од страна на Генералното собрание на ОН со Резолуција 44/128 на 15 декември 1989 год. Стапи на сила на 14 јули 1991 година.

[62] Усвоена и отворена за потпишување и ратификување или пристапување со Резолуција на Генералното собрание на ОН 2106 А (XX) од 21 декември 1965 год. Стапи во сила на 4 јануари 1969 год., во согласност со членот 19

во националните законодавства и мерки кои ќе придонесат за елиминирање на расната дискриминација во секој облик.

Формиран е Комитет за елиминирање на расната дискриминација, со цел контрола на државите страни во договорот и спроведување на мерките и препораките содржани во Конвенцијата. Овој Комитет првиот извештај го дава после првата година од формирањето, а потоа на секои две години. Исто така, државите страни во договорот ја признаваат надлежноста на комитетот за решавање на претставки и жалби од поединци или групи кои сметаат дека во сопствените држави одредени мерки од Конвенцијата не се почитуваат.

2.4.5. Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените КЕДЖ[63] (1979 година)

Оваа Конвенција, покрај другото, содржи одредби за намалување на сите форми на дискриминација на жената, ги обврзува државите потписнички да се заложат за комплетно имплементирање на жената во сите општествени сфери, се забранува секаков вид на супериорност на половите, елиминирање на сите форми на трговија со жени и нивно користење за проституција, се поттикнуваат државите да ги усогласат сопствените законодавства за максимално рамноправно учество на жената во јавниот живот, да може да гласа и да биде избрана, да може да учествува во работата на меѓународните организации, можност за образование, вработување, еднаквост со мажите пред законот, самостојно да одлучува за брак и семејство, како и максимална заштита на жената од страна на државните органи во законските постапки при семејно насилство или други видови злоупотреба.

2.4.5.1. Факултативен протокол на КЕДЖ[64] (2000 година)

[63] Усвоена и отворена за потпишување и ратификување или пристапување со Резолуција 34/180 на Генералното собрание на ОН на 18 декември 1979 год. Стапи во сила на 3 септември 1981 год., во согласност со членот 27 (1)

[64] Усвоен од Генералното собрание на ОН со Резолуција А/54/4 на 6 октомври 1999 год. и отворен за потпишување и ратификување или пристапување од 10 декември 1999 Стапи во сила на 22 декември 2000 год.

Со овој протокол е формиран Комитет за заштита на жената од расна дискриминација, со надлежност да разгледува барања од поедини жени или групи кои со правните механизми во сопствените држави не ги реализирале своите права, а ги исцрпиле сите правни лекови. Согласно Протоколот, Комитетот има право да спроведува сопствени истраги за повреди и непочитување на одлуките и препораките на Конвенцијата од страна на државите потписнички. Државите страни на Протоколот може да се повлечат од истражната постапка, но изрично им се забранети било какви попречувања на истражните активности од страна на Комитетот.

2.4.6. Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки КПМ[65] (1987)

Со оваа Конвенција им се наложува на државите потписнички на истата задолжително да преземат мерки на сопствената територија за да ги спречат сите акти на тортура, свирепо и нехумано однесување кон кое било лице од страна на службени лица, како и утврдување надлежност и процедури при појава на вакви случаи. Исто така, во Конвенцијата предвидени се мерки за обука на релевантни полициски сили заради спречување на секаков вид мачење, начини на испрашување, правна заштита, непостоење како доказ за изјава која е добиена на суров и нехуман начин со дегрдирачко однесување и казнување. Во членот еден од Конвенцијата е содржана дефиницијата за тортура која е универзална за државите потписнички и која гласи:

„Секој акт на службено или друго лице кое дејствува во службено својство и со кој намерно на едно лице му се нанесува силна болка или страдање, било физичко или ментално, со цел од него или од некое трето лице да се добие известување или признание, да се казни за некое дело кое тоа или некое трето лице го сторило, или има сомнение дека го сторило, да се заплаши или врз него да се изврши притисок, или некое трето лице да се заплаши или врз него да се изврши притисок или од кој било друг мотив, заснован врз секоја форма на дискриминација, кога таквата болка или страдање го нанесува некој агент на јавната служба или некое друго лице кое дејствува

[65] Усвоена и отворена за потпишување и ратификување или пристапување со Резолуција на Генералното собрание на ОН 39/46 од 10 декември 1984 год. Стапи во сила на 26 јуни 1987 год., во согласност со членот 27(1)

по службена должност, или врз основа на изричен налог или согласност од службено лице". [66]

Комитетот против тортура, кој е формиран и е тело на договорот, има за задача да биде контролен механизам во спроведувањето на одредбите од Конвенцијата од страна на државите потписнички на истата, и има право да спроведува сопствена независна истрага дури и на територијата на државата која ги има прекршено одредбите или не се придржува до мерките предвидени во Конвенцијата. Исто така, државите потписнички мора да изјават дека ја прифаќаат надлежноста на Комитетот против тортура.

2.4.6.1. Факултативен протокол кон Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки[67] (2002 година)

Целта на Протоколот е редовни посети на независни меѓународни органи и тела во државите каде што има лица лишени од слобода заради спречување на нехумано и понижувачко однесување и казнување. Затоа е формиран и Поткомитетот за тортура и друга суровост, нехумано и деградирачко однесување и казнување. Во одредбите од протоколот се бара и институционален механизам во државите, со функции и состав како оние на Поткомитетот. Исто така, од државите потписнички се бара на Поткомитетот да му обезбедат неограничен пристап до сите информации поврзани со бројот на лица лишени од слобода, сместувачките капацитети во затворите, информации за третманот со затворениците и условите во притворските одделенија како и нивната местоположба. Покрај ова, државите потписнички се должни на Поткомитетот да му овозможат контакт заради интервју со кое било лице на било кое место и без присуство на сведоци.

2.4.7. Конвенција за правата на детето КПД[68] (1990 година)

[66] Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки- член 1

[67] Усвоен на седница на Генералното собрание во 2002 год, (Резолуција 57/199)

[68] Усвоена со Резолуција 44/25 на Генералното собрание на ОН од 20 ноември 1980 год. Стапи во сила на 2 септември 1990 год., во согласност со членот 49

Основната цел за носење на Конвенцијата е опстанокот и развојот на децата. Согласно неа, „дете значи секое човечко битие помладо од 18 години, освен ако со закон, полонолетноста се стекнува порано“.

Одредбите од конвенцијата, меѓу другото, се однесуваат на правото на живот, пријавување при раѓање, заштита на идентитетот, одвојување од родителите, спојување со семејството, слобода на изразување, слобода на мисла, совест и вера, слобода за здружување и мирно собирање, право на приватност, одговорност на родителите, заштита од физичко или ментално насилство, заштита на деца со хендикеп, пристап кон здравствена заштита и образование, социјална безбедност, соодветен животен стандард, одмор и забава, заштита од економска експлоатација, заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба, спречување на киднапирање, продажба или трговија со деца, телесна казна, забрана на мачење или лошо третирање, вооружен конфликт и деца војници, опоравување и реинтеграција во општеството, судење на млади.

Конвенцијата има формирано Комитет за правата на децата кој се грижи сите препораки и мерки предвидени во Конвенцијата да се имплементираат од страна на државите потписнички. Секоја држава праќа прв извештај во рок од две години од стапување на сила на Конвенцијата, а потоа на секои пет години.

2.4.7.1. Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција, детска порнографија[69] (2002 година)

Овој протокол во својата содржина ги опфаќа сите области кои се занимаваат со правата на децата, економската експлоатација на децата, основното образование, здравјето, социјална заштита, трговијата со деца, сексуалното искористување на децата, се помалата заинтересираност за посвојување деца, да се препознаат и изолираат факторите кои придонесуваат за ширење на детска порнографија, важноста на традицијата и културата и сите вредности за општествен развој на децата. Исто така, Протоколот дава насоки на државите за поголеми права и додатоци на семејствата или поединците кои згрижуваат или посвојуваат деца, како и на домовите или здруженијата за детска заштита.

[69] Во мај 2002 Генералното собрание усвои Резолуција 54/263 која го вклучува текстот на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија

Обврска на секоја држава потписничка на протоколот е да овозможи граѓанска и административна одговорност за прекршителите на овие одредби, заемно помагање со другите држави во врска со истраги или други судски постапки, заштита на правата на децата во секоја фаза од постапката, соодветна правна и психолошка обука на лица кои ќе работат со децата во отворените постапки до конечно завршување на наведените дела, прогон и максимални казни за сите лица поврзани со вакви дела.

2.4.7.2. Факултативен протокол за вклучување на деца во оружени конфликти[70] (2002 година)

Обврските кои им ги наметнува овој протокол на државите се дека по никаков основ не смеат да вршат присилно регрутирање на лица помлади од 18 години во сопствените вооружени сили. Покрај ова, во Протоколот се наведува дека вооружени сили кои не се регуларни сили на некоја држава не смеат под ниеден услов да користат лица помлади од 18 години во вооружени дејства, а од државите членки се бара да ги преземат сите потребни мерки да ги спречат ваквите појави на сопствена територија. Покрај другите одредби, во Протоколот се бара и целокупната јавност во државите потписнички да биде запозната со содржината и препораките од истиот. Државите потписнички се должни да поднесат прв извештај во период од две години од неговото донесување, а потоа на секои пет години.

Освен погоре споменатите неколку Меѓународни договори, Конвенции и Протоколи, ООН има усвоено и многу други документи кои го надополнуваат меѓународното право за прашања кои се однесуваат на слободите и правата на човекот, геноцид, ропство, воени злосторства, бегалци, присилна работа и др. Голем дел од сите усвоени документи не се правно обврзувачки, но со тек на време се имплементирале во домашните законодавства и се актуелизираат до тој степен што добиле карактер на обичајно право[71].

[70] Во мај 2002 год. Генералното собрание усвои резолуција 52/263 која го вклучува текстот на факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на детето за вклучување на деца во оружени конфликти. Намерата на протколот е да ја подигне старосната граница за можна регрутација на лица во вооружените сили и нивното учество во оружени непријателства.

[71] Примери на такви декларации се:
-Декларација за правото на развој (1986)
-Декларација за правата на лица кои им припаѓаат на национални, етнички или јазични малцинства (1992)
-Декларација за елиминирање на насилство врз жени (1994)
-Декларација за елиминирање на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз верска основа или верување (1981)

2.4.8. Меѓународни механизми на заштита на човековите права и слободи

Постојат меѓународни документи кои по својот карактер се облигаторни, односно обврзувачки или правно обврзувачки за државите кои ги наследиле, или на кои им пристапиле или ратификувале. Тоа значи дека постојат механизми на заштита и контрола на спроведувањето и почитувањето на одребите и стандардите во вид на посебни тела, органи - како комитети или комисии, коишто се грижат за исполнување на обврзувачкиот карактер на меѓународните одредби од страна на државите кои ги прифатиле. Својата функција овие органи ја остваруваат врз база на мониторинг или набљудувачките мисии кои ги остваруваат, преку обврските на државите за поднесување извештаи, преку поплаките и претставките или жалбите од индивидуи или колективни жалби.

Но постојат и морално и политичко обврзувачки меѓународни документи, кои не се правно обврзувачки, и степенот или обврзувачкиот карактер не е на такво ниво и интензитет како претходните, наведени погоре. Таков карактер на меѓународни документи се декларациите кои најчесто претходат на правно обврзувачките документи, како и мислења и насоки во вид на забелешки, препораки, инструкции од страна на релевантни меѓународни органи или организации. Од друга страна, државите потписнички на договорите, покрај тоа што се обврзуваат дека ќе испраќаат извештаи до телата на договорите, независно дали се тоа Комисии или Комитети, или пак, други тела, со самото потпишување ја признаваат надлежноста на телото на договорот за сите обврски кои се предмет на истиот. Исто така, периодично и телата на договорите се произнесуваат со одредени препораки и коментари до државите потписнички, во зависност од тоа кој вид права и слободи ги промовираат.

Покрај препораките, телата од државите бараат сите законски и подзаконски акти кои ги донеле и на кои се обврзале со самото потпишување на договорите практично да ги спроведуваат и да се грижат истите да се почитуваат во сопствената земја, а не да останат само како парче хартија. Од тие причини, телата на договорите ја следат работата на владите во земјите членки дали државата практично ги реализира

-Декларација за заштита на сите луѓе од принудени исчезнувања (1992)
-Декларација за правата на хендикепираните лица (1975)

преземените обврски, дали Владата обезбедува транспарентност на извештајот во јавноста и кои мерки се спроведуваат за да се обезбеди широк публицитет во јавноста.

Само тогаш јавноста може да изврши притисок на владата за да не изготви извештај со искривена слика до меѓународната заедница во делот на реализирање на обврските и гарантирање на основните слободи и права на граѓаните.

Токму поради овие причини телата на договорите стимулираат поднесување на независни извештаи од субјекти или групи на граѓанското општество, здруженија на граѓани или невладини организации. Со тоа телата на договорите добиваат реална слика за почитување или кршење на слободите и правата на граѓаните во државите и преземаат соодветни мерки.

2.4.8.1. Постапката (процедура) 1503 пред Комисијата за човекови права

Еден од најстарите, но и најважен механизам на Организацијата на обединетите нации за заштита на човековите слободи и права е постапката 1503 на Комисијата за човекови права. Според оваа постака, која е надополнета во 2000 година заради овозможување полесен дијалог и поедноставување на жалбената процедура, Комисијата за човекови права има мандат да истражува какво било прекршување или непочитување на слободите и правата на човекот во која било земја во светот. Подносител може да биде лице или група на лица или невладини организации, како и граѓански здруженија кои се жртви во прекршувањето или непочитувањето на некое право, или пак, имаат сигурни докази за такви прекршувања. Жалбата не може да биде анонимна, значи мора да е потпишана и адресирана до Канцеларијата на високиот комесар за човекови права на Обединетите нации со детално образложение за прекршените права. Жалбата треба да се заснова на аргументирани и релевантни докази од кои што може на разумна основа да се констатира определено прекршување на некое право, а не да се заснова на информации од медиумски натписи или социјални мрежи.

За да биде прифатена жалбата, таа треба да биде поднесена во разумен рок[72] и тоа откако ќе завршат сите можни правни лекови во сопствената држава. Жалбата не смее да биде мотивирана од политички причини и треба да биде напишана без навредливи зборови, во согласност со принципите на Обединетите нации. Најпрво жалбата оди на увид пред Комесаријатот и претседателот на Работната група за комуникации која ги

[72] Најчесто 6 месеци од одлука по последниот правен лек

разгледува еднаш годишно. Ако биде прифатена од страна на работната група за комуникации, се изготвува извештај со кој се бара од државата против која е поднесена да се произнесе по наводите во жалбата. Кога жалбата ќе ја помине комплетната процедура во работната група за комуникации, во следна фаза жалбата ја презема работната група за ситуации. По констатираните повреди и неправилности од страна на оваа работна група и донесените заклучоци, во следна фаза на затворена седница се разгледуваат сите елементи од жалбата, како и извештаите од владата на државата пред Комисијата за човекови права.

На оваа затворена седница се повикуваат и претставници на Владата на државата да дадат одговори на наводите во жалбата и на прашањата на Комисијата. Постапката 1503 е од строго доверлив карактер и сите документи остануваат доверливи како и подносителот на жалбата доколку тој тоа го побара од Комисијата. Придобивката од оваа постапка е дека врз државата која е предмет во жалбата може да се изврши значаен притисок за промена на политиките кои ги спроведува, а ги загрозуваат основните слободи и права на човекот.

2.4.8.2. Прирачник за делотворна истрага и документирање на тортура и други свирепи, нехумани, понижувачки постапки или казни (Истанбулски протокол)

Првиот документ којшто е поднесен до Канцеларијата на високиот комесар за човекови права во Женева на 9.8.1999 година, а е плод на заедничка работа и тригодишно истражување и анализи на повеќе од 75 експерти по право, медицина и човекови права, кои се претставници на 40 невладини институции од 15 држави, е Прирачникот за делотворна истрага и документирање на тортура и други свирепи, нехумани, понижувачки постапки или казни.

Основната идеја на прирачникот е да послужи како меѓународен документ со стандардизирани правила и проценки за донесување релевантни одлуки по наводите во жалбите на поединци или групи дека им е вршена тортура или биле предмет на нехумано и понижувачко постапување. Во прирачникот се содржани принципи потребни за ефикасно истражување на тортурата, и во својата основа ги опишуваат минималните стандарди кои државите треба да ги усвојат и имплементираат во своите законодавства за ефикасно документирање на појавите на тортура. Тортурата во Прирачникот е дефинирана како дејствие со кое кај поединецот намерно се нанесува силна телесна и ментална болка и се предизвикувз страв и страдање со цел да се изнуди признание за

нешто што тој или некој друг го сторил, или постои сомневање дека го го сторил, или која било друга причина заснована на некој вид дискриминација од страна на јавен службеник или друго лице при вршење службена должност. Согласно Прирачникот основните принципи за правната истрага за случаи на тортура се непристрасност, независност, компетентност, темелност и навременост. На овие принципи треба да се темели секој правен систем на државите при спроведување истраги за случаи на тортура.

Покрај другото, во прирачникот дадени се насоки за формирање посебна независна истражна Комисија, критериумите за избор на членови на Комисијата, овластувањата кои таа ги има, начинот на водење на постапките, заштита на сведоци, почитување на правата на странките, извештај на Комисијата.[73] Како што е наведено во воведниот дел од Прирачникот, насоките и упатствата дадени во него не треба да се сфаќаат како мерки од протокол бидејќи се одредени минимални стандарди кои на секоја држава ѝ се на располагање и како такви треба да се применливи во пракса.

2.4.9. Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП)

Оваа Конвенција е усвоена од Советот на Европа во 1950 година, а која стапи на сила во 1953 година е основен базичен документ на Европскиот систем за заштита на човековите слободи и права. Составена е од 59 члена содржани во три дела и дополнителни протоколи на Конвенцијата. Првиот дел се однесува на слободите и правата, каде што влегуваат правото на живот, забрана за ропство и принудна работа, забраната за тортура, право на правично судење, право на слобода и сигурност, слобода на верување, слобода на изразување, право на брак и семејство, забрана за дискриминација и сл. Во вториот дел од Конвенцијата се објаснети одредбите од Европскиот суд за човековите права, неговото основање, број и избор на судии, времетрање на нивниот мандат, отповикување на судиите, Секретаријат, Пленарен суд, Комитети, Судски совети, Големиот судски совет, пренесување на надлежностите, пресуди и тн. Третиот дел ги опфаќа општите одредби кои ја регулираат примената, почитувањето на преземените обврски, потписот и ратификацијата од страна на државите членки.[74]

[73] Истанбулски протокол, точка 76

[74] Текстот на конвенцијата е изменет согласно на одредбите од Протоколот бр.3(ЕТСбр.45), кој стапи на сила 21 септември1970. Протоколот бр.5(ЕТСбр.55), кој стапи на сила 20 декември1971, и Протоколот

Заради обезбедување на колективната примена на одредени права и слободи, покрај оние кои се дадени во Конвенцијата во делот еден, државите членки на Советот на Европа ги имаат усвоено и следните протоколи со кои се комлетира Европскиот суд за човекови права:

- Протокол бр.1[75] се однесува на заштита на сопственоста, право на едукација, право на слободни избори;
- Протокол бр.4[76] се однесува на забрана на затвор поради долг, слобода на движење, забрана на протерување на свои државјани, забрана на колективно протерување на странци;
- Протокол бр.6[77] се однесува на забрана за смртна казна;
- Протокол бр.7[78] се однесува на процедурална заштита која се однесува на протерување на странци, право на жалба во кривични дела, компензација за неправедно осудување, право да не се биде суден или осуден двапати за исто дело, еднаквост меѓу сопружниците;
- Протокол бр.12[79] со кој се симнати ограничувањата присутни во членот 14 од Конвенцијата, кои само забранувааа дискриминација во користењето на едно или друго право од правата гарантирани во конвенцијата. Протоколот гарантира дека никој не смее да биде дискриминиран врз каква било основа од која било јавна власт и е наменет не само за борба против расизмот и нетолеранцијата и за подобрување на еднаквоста помеѓу мажите и жените, туку и да искорени секаква друга форма на нетолеранција (општа забрана на дискриминација);
- Протокол бр.13[80] со кој се укинува смртната казна во какви било околности (апсолутна забрана на смртната казна);
- Протокол бр.14[81] кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, со кој се менува и дополнува системот на контрола на конвенцијата.

бр.8(ЕТСбр.118), кој стапи на сила 1 јануари 1990, го содржи и текстот на протоколот бр.2(ЕТСбр.44), кој согласно член 5, став 3, претставува интегрален дел на Конвенцијата од нејзиното стапување на сила на 21 септември 1970. Сите одредби кои се изменети или додадени со овие протоколи се заменети со Протоколот бр.11(ЕТСбр.155), кој стапи на сила на 1 ноември1998. Од оваа дата, Протоколот бр.9 (ЕТС бр.140), кој стапи на сила на 1 октомври1994 престана да важи.

[75] Потпишан во Париз на 20.3.1952, стапи на сила во 1968

[76] Потпишан во Стразбур на 16.9.1963, стапи на сила во 1968

[77] Потпишан во Стразбур на 28.4.1983, стапи на сила во 1985

[78] Потпишан во Стразбур на 22.11.1984, стапи на сила во 1988

[79] Потпишан во Рим на 4. 11. 2000 год.

[80] Потпишан во Вилнус на 3. 5. 2002 год.

[81] Потпишан во Стразбур на 13. 5. 2004 год.

Овој Протокол е израз на потребата за измена и дополнување на одредени одредби од конвенцијата заради подобра ефикасност и подобрување на системот на контрола и заштита, особено поради зголемениот прилив на тужбените барања пред Европскиот суд за човекови права и Комитетот на министри на Советот на Европа.

Покрај Европската конвенција за човекови права, која претставува фундаментален инструмент во рамките на европската регулатива за правата и слободите на човекот, во рамките на европскиот систем се усвоени и други конвенции и спогодби.[82]

III. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ЕТИЧКИ КОДЕКСИ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ СО ЕВРОПСКИОТ КОДЕКС НА ПОЛИЦИСКА ЕТИКА

„Ако не можете да летате, трчајте, ако не можете да трчате, одете, ако не можете ни да одите тогаш ползете, но што и да правите никогаш не застанувајте.“

„Никогаш не престанувајте да се борите. Никогаш не престанувајте да поставувате прашања. Никогаш не застанувајте“

Мартин Лутер Кинг

[82] Европска социјална повелба (ревидирана во 1996) која ги промовира правата, заштитата на правата и слободите од сферата на социјалното и економското живеење. Во нејзини рамки е и опционот Протокол за колективни приговори (1998). Овој протокол има цел да ја подобри ефикасноста на контролта и заштитата на релевантните стандарди од повелбата
- Европска конвенција за правниот статус на работниците мигранти (1977)
- Европска конвенција за остварување на правата на децата (1996),

3.1. Полициска етика и човекови права

Заштитата на човековите слободи и права се еден од најбитните сегменти во полициското постапување и претставуваат обврска и одговорност на полицијата кон нејзините граѓани. Затоа државата мора да има изградено систем на норми и правила кои ќе овозможат целосно имплементирање и почитување на слободите и правата на човекот, но и систем на превенција и санкционирање во услови на нивно непочитување. Како што е познато, основната цел на полицијата во демократските општества и во општествата во развој е владеење и почитување на правото и правниот поредок во државата, одржување поволен јавен ред и мир и борба со криминалот. Заради обезбедување на вакви услови воопшто не се мали овластувањата кои ги има полицијата и токму затоа полициските службеници треба да бидат многу внимателни со граѓаните при постапувањето и спроведување на овластувањата. Помеѓу работата на полицијата и барањата и потребите на граѓаните постои двонасочен однос во кој клучна улога има почитувањето на човековите права.

Професионалниот однос на полицијата и почитувањето на законите и другите регулативи претставуваат најдобра заштита и гаранција против злоупотребите на слободите и правата на луѓето во полициската постапка.

„Во вршењето на своите должности лицата одговорни за примена на законот ќе ги почитуваат и штитат човечкото достоинство и ќе ги бранат човековите права на сите лица“. [83]

Полициските службеници во најголем број се луѓе со морални идеали и мотивации во животот. Најчеста причина за нивно приклучување во полицијата е да придонесат за подобар и побезбеден живот во заедницата. Голем дел од нив се премногу посветени на својата работа и честопати го ризикуваат сопствениот живот за интересите на граѓаните и државата. Сите тие имаат висок личен интегритет и етички вредности. Етиката претставува низа на вредности кои се општоприфатени во општеството или професијата, како и вредности на личност со висок интегритет, додека пак интегритетот претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Според Прирачникот за спроведување обука за полициски интегритет, издаден од ДЦАФ (Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили) во 2015 година постојат неколку клучни принципи за демократско полициско работење, а тоа се:

[83] Кодекс за однесување на службениците одговорни за примена на законот - ООН, 1979

- **Придржување кон владеење на законот:** Во демократските општества сите луѓе се подеднакво заштитени и подеднакво обврзани со законот, вклучувајќи ги и оние кои припаѓаат на законодавната, извршната или судската власт, без разлика на вера, религија, социјален статус, боја на кожа, верување, пол и припадност. Тоа значи дека секој, па и полицијата мора да одлучува и да работи согласно со постоечките закони, притоа штитејќи ги слободите и правата на другите.

- **Служење на јавноста:** Од полициска гледна точка служењето на јавноста претставува обврска на полицијата да излезе во пресрет и да одговори на сите барања и потреби на граѓаните и да ја осигура безбедноста во заедницата.

- **Интегритет:** Од организациска гледна точка, работење со интегритет значи дека полициската организација во своето работење ги втемелила и дејствува согласно етичките вредности, како што се: еднаквост, праведност, правичност, чесност и почитување на човековите права, додека од индивидуална гледна точка, значи дека полицискиот службеник се придржува кон принципот на интегритет кога ќе го усогласи своето однесување со етичките вредности кои ги има утврдено неговата организација.

- **Отчетност:** Под принципот на отчетност се подразбира дека полицијата носи одговорност и дава отчет за своите постапки и одлуки, односно полициските службеници се под лупа како на јавноста, така и пред органите и телата на Министерството кои ја следат работата на полицијата, но и пред независни тела надвор од рамките на Министерството како што се народниот правобранител, парламентарните тела за надзор и мониторинг на работата на полицијата и сл.

- **Транспарентност:** Овој принцип ја покажува отвореноста на полицијата кон јавноста, односно сите политики, буџет, закони и информации се лесно достапни за граѓаните. Единствено потребно тука е информациите да се точни и навремени и само тогаш граѓаните ќе добијат јасна слика и перцепција за работата на полицијата и да донесат оценка за постапувањето на полициските службеници. Овде е потребно да се спомене дека заради специфичноста на полициското работење и постапување мора да постои и одредена тајност во информациите кои се пренесуваат во јавноста за да не дојде до попречување или предвремено откривање на полициската активност.

- **Застапување (репрезентативност):** Кадровата застапеност во полицијата го отсликува социјалниот статус и општественото уредување во државата. Пристапот до сите професии, па и до професијата полициски службеник мора да е достапен за сите граѓани кои ги исполнуваат минимум предвидените норми за тоа. Секогаш државата треба да прави напори колку што може повеќе да има застапеност во полициските

организации на граѓани припадници на различни етникуми, со различна социјална положба и почитување на родовата застапеност во структурата на полицијата, и сите да имаат подеднакви права и во образовниот процес за полициски службеник и во натамошното градење на личниот развој.

- **Ефективност и ефикасност:** Ефективноста во полициската работа се гледа кога полицијата има услови и потребни материјално-технички средства за реализација на своите активности, додека ефикасноста се гледа преку оптимално искористување на средствата кои и стојат на располагање на полицијата и постигнување на целта за минимум потребно време. Но притоа внимавајќи основните принципи на демократското полициско работење, како што се: интегритетот, владеење на законот одговорноста и почитувањето на правата да не бидат доведени во прашање.

Секој полициски службеник во своето работење треба да има индивидуална одговорност. Едни од основните критериуми при полициското постапување се **законитост,** што подразбира дека секое постапување на полицискиот службеник мора да се темели исклучиво врз основа на законските одредби, **сразмерност**, односно секогаш употребените средства треба да се онолку доволни колку што е потребно да се постигне целта и, **недискриминација**, значи дека личните постапки на полицискиот службеник не смеат во никаков облик да вклучуваат дисктиминаторски активности кон граѓаните.[84]

Меѓу најзначајните документи за однесувањето на полицијата кон граѓаните се Декларацијата за полицијата[85] и Европската полициска Повелба, во кои се вградени начелата според кои треба да постапува полицијата во вршење на работните задачи. Во Декларацијата нагласено е етичкото постапување на полицијата за време на војна и други вонредни ситуации, додека со Европската полициска повелба, регулирана е материјата при работењето на полицијата во заедницата, помош и начин на однесување на полицијата со граѓаните, отфрлање на секаква форма на дискриминација, самоволие и корупција.

„Со цел да ги спроведе своите функции, полицијата има посебни овластувања, имено, апсење, приведување и употреба на сила. Токму овој монопол врз употребата на сила и овластувањето за апсење и приведување ја доведуваат полицијата во уникатна и чувствителна позиција во рамките на демократската држава, па затоа се потребни

[84] Богољуб Милосављевиќ, Људска права и полиција, издавач: Центар за антиратну акцију, Белград 2004
[85] Декларација за полиција - Резолуција 690/1979 Совет на Европа

соодветни контролни механизми со цел да се осигури дека овие овластувања доследно се користат во интерес на јавноста. Како и секоја друга јавна служба, полицијата мора да работи непристрасно. Тоа што полицијата се опишува како силна рака на државата го одразува нејзиното овластување да ги спроведува законите и политиките одредени од државните институции. Во некои земји ова доведува до обиди на државни претставници да влијаат врз полицијата да служи во нивен интерес наместо во интерес на јавноста (познато како политичко мешање). Токму затоа, други земји гледаат на полицијата како служба која работи во интерес на јавноста, ставајќи акцент на барањето таа да одговори на потребите на народот, со оглед на тоа дека таа ги спроведува своите функции во негово име. Со други зборови, доброто полициско работење е полициско работење кое истовремено е и ефективно и праведно. Полиција која не е ефективна, нелегитимна или неправедна, при обидот да ја заштити јавноста од криминал ќе ја загуби довербата од јавноста. Доброто полициско работење е полициско работење со легитимитет кој се темели на добивање согласност од јавноста, а не на репресија. Стекнувањето доверба на јавноста е од клучно значење за ефективното полициско работење каде што полициските функции може да се спроведат врз основа на легитимитет, а не врз основа на сила. Доброто полициско работење бара соработка со јавноста. Припадниците на јавноста може да бидат сведоци или жртви на криминал, па оттука може да ја снабдат полицијата со релевантни информации. Сепак, само доколку народот ѝ верува на полицијата и ја смета за легитимна ќе сака да ѝ помогне (на пример, давајќи ѝ информации) и да постапува согласно нејзините инструкции овозможувајќи ѝ на полицијата успешно да ги спроведе нејзините основни функции – одржување на јавниот ред, спречување и откривање на криминалот. Со зголемувањето на полициската отчетност и интегритет примарно се воспоставува, обновува или зголемува довербата на јавноста и (одново) се гради легитимитетот, што е предуслов за ефективно полициско работење. Прифаќањето на надворешен, граѓански надзор е одлика на демократска полициска сила, односно, полиција која е отчетна и одговара на потребите на јавноста.“ [86]

Односот на полицијата со граѓаните во сите држави е регулиран со внатрешните закони, подзаконски акти и регулативи, како и со етички кодекси за однесувањето и

[86] УНОДК. „Прирачник за полициска отчетност, надзор и интегритет“ Виена: Обединети нации, 2011 година:5-8.

постапувањето на полициските службеници со граѓаните. Одредбите во овие кодекси се засноваат на принципите од Европскиот Кодекс на полициска етика и меѓународните стандарди за почитување на слободите и правата на луѓето. Ваквата дефиниција е содржана и во преамбулата на Европскиот Кодекс на полициска етика. Според одредбите од овој Кодекс, примената на сила може да се употреби само врз основ на легитимен акт, и ниедна друга арбитрерна сила не може да биде прифатена.[87] Исто така, се дава големо значење на одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, со што се создава право кое гради стандарди кои при примена на сила полицијата мора да ги почитува. Општа дефиниција за етичките кодекси за однесувањето не постои, но сепак истите можеме да ги идентификуваме преку три заеднички фактори:

1. Етички кодекс за однесување претставува формален и пишан документ;
2. Содржината на ваквиот документ се заснова на морално ориентирани политики, коишто може да се презентирани во форма на основни вредности, морални стандарди, принципи или општи ставови за етичката ориентација на организацијата.
3. Ваквата политика е формализирана со цел регулирање на однесувањето на вработените или организацијата во целост.

Етичкиот кодекс за однесувањето на работниците потребно е да се заснова преку четири основни вредности, кои го нагласуваат етичкото однесување на индивидуата, а тие се ***интегритет***, ***искреност***, ***компетентност*** *и* ***корисност***. Основна цел на етичкиот кодекс е влијанието врз етичкото однесување на вработените, кое е формално регулирано, и истовремено влијае и на етичката клима во една организација. Од една страна, кодексот е потребно да влијае на разбирањето и перцепцијата на вработените за важноста на етиката во однесувањата и етичката клима, додека, од друга страна, етичките кодекси имаат ограничена моќ поради немањето можност секое соодветно, односно несоодветно однесување во различни можни ситуации да биде дефинирано. Повеќе познати експерти во оваа област (П. Шахаф; Фарел и Кобин; Фројлих; Франкел) разликуваат три типа на етички кодекси, односно, истите разликуваат и посочуваат дека станува збор за ***инспиративни***, ***регулаторни*** и ***едукативни кодекси***:

а) Инспиративни етички кодекси

Да се охрабрат вработените да бидат етички е една од основната цел на инспиративните етички кодекси. Овие кодекси се состојат од вредности на основата врз

[87] Европски кодекс на полициска етика (2001)

која вработените треба да постапуваат при донесување етички одлуки. Ваквите вредности претставуваат идеал што се смета за етички прифатлив во секоја организацијата. Автори на ваквите инспиративни кодекси посочуваат дека вработените се природно склони да ги применуваат етичките стандарди што ги опфаќаат само изјавите за вредност и обезбедуваат средина во која поединците можат слободно да донесуваат етички одлуки, без да им се укаже на вработените како треба да се однесуваат.

б) Регулаторни етички кодекси

Овој тип на етички кодекси обезбедуваат детален список на правила за етичко однесување. Во нив конкретно се опишува потребното однесување под одредени околности и употребата на специфични филозофии на морал (утилитарни, индивидуалистички, морални права и сл.) сè со цел утврдување на посакуваните вредности.

Правилата во регулаторните етички кодекси се решенија за етичките дилеми. Во овие кодекси во споредба со инспиративните кодекси, работниците не донесуваат свои етички одлуки, односно мора да ги следат претходно утврдените правила.

в) Едукативни кодекси на етика

Овој вид на кодекс е едукативен и истиот може да вклучува инспиративни и регулаторни елементи, притоа истите да се конкретно објаснети и преку практични примери. На овој начин се обидуваат да ги поддржат основните упатства со коментари и толкувања.

Доколку не ги земеме предвид дефинициите, потребно е да разбереме дека постоење на етички правила не е доволно, туку мора да се размислува етички и да се живее и работи според правилата на етичкиот кодекс. Но, исто така не е доволно само да има пишани правила. Битно е да се разбере зошто овие правила постојат, и не е доволно само да се почитуваат, посебно внимание треба да се посвети кон вработените службениците истите да ги интерперсонализаираат и да практикуваат односно да живеат според нив. Етиката не е само она што треба да го направиме, важно да се признае и начинот на кој го правиме и причината за нашите постапки. Одговорот на ова прашање и препознавањето на корисноста на одговорите се предуслови за правилен став кон етиката и за прифаќање на секакви етички дискусии, обуки, образование, етички кодекси, итн.


3.2. Кодекс на полициска етика (Македонија) – анализа

- Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија

Најновиот Кодекс на полициска етика, во кој се утврдени начинот на однесување и работење на работниците во Министерството за внатрешни работи, е донесен од страна на министерот за внатрешни работи на 19.11.2020 година, врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и истиот влегува во сила наредниот ден од денот на неговото потпишување. Етичкиот Кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македоније е составен од 5 поглавја и 34 члена и е значително намален во однос на претходниот кој содржеше 12 поглавја и 66 члена. Овој Кодекс влегува во категоријата на регулаторни кодекси и е напишан во трето лице множина. Истиот претставува збир на правила за етичко однесување на работниците во Министерството, кој иако не е пропишано во содржината, односно општите одредби на самиот Кодекс, тој го поддржува владеењето на правото и е во согласност со Европскиот кодекс на полициска етика и другите меѓународни акти. Битно е да напоменеме дека овој Етички кодекс не се однесува само на полициските службеници и полициските организации во државата, како што беше во претходниот „Кодекс на полициска етика“, туку на сите работници во Министерството за внатрешни работи (за разлика од другите Кодекси обработени во овој труд кои се однесуваат конкретно на полициските службеници и полициските организации во нивните држави). Во општите одредби на Кодексот е утврден начинот на постапување и однесување на работниците во Министерството со цел да се обезбеди законитост, висок морал и стандарди, ефикасност и ефективност, посветеност, зголемена одговорност, како и професионалност и личен интегритет при извршувањето на работните задачи, притоа зајакнувајќи го интегритетот на Министерството во целина, а со тоа и почитување и заштита на човековите права преку еднаков третман и недискриминација, без повластувања и без никаков личен интерес, почитувајќи ги туѓите права и достоинството. Како новина во овој Кодекс е тоа што работниците во Министерството за внатрешни работи потпишуваат изјава со која потврдуваат дека се запознаени со основните принципи на однесување и работење содржани во Етичкиот кодекс и со тоа изјавуваат дека истите доследно ќе ги почитуваат и ќе се придржуваат

до истите при извршувањето на своите работни задачи, како и надвор од службените задачи и должности.[88]

Оваа изјава се одложува во персоналното досие на работникот (види Слика 7).



Прилог бр. 1

Врз основа на член 3 став (1) од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, ја давам следната:

И З Ј А В А

Јас (име и презиме) _____ на работно место

_____

во _____,

потврдувам дека сум запознаен/запозната со основните принципи на однесување и работење содржани во Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и изјавувам дека истите доследно ќе ги почитувам и ќе се придржувам до истите при извршувањето на работните задачи односно примената на овластувањата, како и надвор од работните задачи и службени должности.

Име, презиме и потпис

_____

Примил и проследил непосреден раководител (име, презиме и потпис)

_____ на работно место _____

Доставено до:
- организациска единица за управување со човечки ресурси

Слика 7: Изјава на работниците во Министерството за внатрешни работи

[88] Образец 1 од „Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија“,донесен од страна на Министерот за внатрешни работи на 19.11.2020 година врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во второто поглавје, кое е составено од деветнаесет члена, се разработени „Основните принципи и професионални стандарди на работниците во Министерството за внатрешни работи“. Во член 4 се дадени основните принципи по кои треба да се раководат работниците при вршење на своите работни задачи и тоа:

1. Законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето;
2. Политичка непристрасност и неутралност;
3. Некористење на материјална и нематеријална корист;
4. Избегнување на судир на интереси;
5. Невршење на работи и дејности што се во судир со внатрешните, односно полициските работи;
6. Постапување согласно овластувањата и статусот;
7. Доверливост на службените информации;
8. Ефикасно и економично користење на средствата;
9. Грижа за интегритетот и угледот на Министерството. [89]

Од член 5 до член 11 во Кодексот предвидени се принципите на законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето на работниците во Министерството, каде е потенцирано дека при донесувањето на конкретни одлуки работниците мора да се раководат од правилна и разумна оцена на фактичката состојба во конкретен случај. Работните задачи треба да ги извршуваат со висока професионалност, совесно, чесно, ефикасно, ефективно, навремено и одговорно. Континуирано да го усовршуваат своето стручно образование и психофизичка подготвеност, да го почитуваат Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори и да пријават било какво неетичко однесување и непочитување на одредбите од овој Кодекс.

Во членот 12 опфатени се принципот на непристрасност и политичка неутралност во извршувањето на работните задачи, односно забрането е истакнување или ставање до знаење за припаднос кон одредена политичка партија. Членовите 13 и 14 се однесуваат на некористењето на материјална или нематеријална корист со цел воздржување од спроведување на обврските во својата надлежност. Со членот 15 се даваат насоки при извршување на работните задачи да се избегнуваат ситуации кои можат да доведат до

[89] чл.4 од „Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија“, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19).

судир на интереси. Во член 16 до член 20 предвидени се принципите на ефикасност, економчност и доверливост на службените информации, како и забраната дејности кои се во судир со полициските работи. Исто така, се даваат насоки за постапувањето на работниците да биде согласно овластувањата и статусот како и грижа за угледот и интегритетот на министерството. Третото поглавје во членовите 21 и 22 го регулира односот со граѓаните, соодветната помош и грижа за специфичните категории на лица, како и пристапот и начинот на комуникација со граѓаните. Останатите членови во овој дел се однесуваат на употребата на средства за присилба и огнено оружје, недискриминизацијата во вршењето на службените задачи, користењето на социјалните мрежи, меѓусебните односи на работниците како и начинот на облекување на униформираните и не униформираните (цивили) работници. Примената на одредбите од Кодексот се во четвртото поглавје, а петтото поглавје, коешто е и последно, се однесува на завршните одредби и влегувањето на сила на овој Кодекс.

Кодексот има за цел да го зачува и унапреди достоинството и угледот на работниците во Министерството, притоа подигајќи ја нивната свесност за важноста и почитувањето на етичките принципи и стандарди, со стремеж за зајакнување на довербата на граѓаните во работата на Министерството за внатрешни работи. Кодексот ги регулира одредени организациски принципи и функционирањето, односно меѓусебните односи на работниците, односот со граѓаните, државните органи и други институции, невладините организации и правни лица, сè со цел да се постигнат принципите за почитување на меѓуетничките разлики и да се поддржи владеењето на правото.

За разлика од Европскиот кодекс на полициска етика, кој покрај регулаторен, има и едукативен предзнак, новиот Етички кодекс на работниците во Министерството за внатрешни работи припаѓа на групата регулаторни кодекси, и ги појаснува само основните етички вредности: совесност, толерантност, одговорност, комуникативност, искреност, транспарентност, љубезност како и принципи на однесување и тоа: законитост, непристрасност, стручност, професионалност во работењето, политичка непристрасност и неутралност, ефективност, ефикасност и други. Дисциплинските мерки и санкции за несоодветното постапување на работниците во Министерството и непочитувањето на пропишаните правила во Кодексот не се предвидени во содржината на истиот бидејќи тие се регулирани со други правни прописи и закони на државата. Родовата еднаквост во содржината на Кодексот не е директно посочена, меѓутоа истата е застапена бидејќи текстот е пишан во множина и се однесува на сите работници

односно важи и за мажи и за жени. Следењето на примената на одредбите од Кодексот е регулирано со внатрешна контрола на полицијата кој е орган на Министерството за внатрешни работи додека во Европскиот кодекс дадени се препораки за контрола на работата од независни органи и тела надвор од полициската организација.

3.3. Кодекс на полициска етика (Србија) – анализа

Кодексот на полициска етика во Република Србија е донесен на 3 март 2017 година, а објавен во Службен весник на 6 март 2017 година (Службен весник на Република Србија, бр. 17/2017) и со неговото влегување во сила престанува да важи Српскиот кодекс на полициска етика (Службен весник на Република Србија, бр. 92/2006), кој го наоѓаше својот правен основ во Српскиот закон за полиција (Службен весник на Република Србија, бр. 101/2005, 63/2009 и 92/2011). Согласно стариот Кодекс, вработените во српската полиција требаше да се придржуваат и до Државниот етички кодекс за службените лица (Службен весник на Република Србија, бр. 29/2008). Спротивното однесување од принципите на овој законик беа предмет на дисциплински мерки.

Прирачникот за полициска етика на ОБСЕ (2014 година), врз основа на детална анализа, наведува дека Српскиот кодекс на полициска етика овозможува достигнување на високи национални и меѓународни стандарди во оваа област, со што ѝ се овозможува на полицијата службениците да ги извршуваат своите должности во согласност со законот и меѓународните стандарди и во согласност со целите на полицијата во демократско општество според принципите на владеењето на правото. Српскиот кодекс на полициска етика е потпишан од претседателот на Владата на Република Србија. Тој содржи 16 члена, за разлика од претходниот кој беше составен од 11 поглавја и 49 членови. Во членот 1 е наведено дека одредбите во Кодексот се во директна корелација и целосно ги поддржува препораките од Европскиот кодекс на полициска етика, и припаѓа во групата на инспиративни кодекси, за разлика од претходниот, кој беше составен во трето лице множина и припаѓаше на групата кодекси со регулаторна филозофија.

Кодексот има за цел да го зачува и унапреди достоинството и угледот на полициските службеници, притоа подигајќи ја нивната свесност за важноста и почитувањето на етичките принципи и стандарди, со стремеж на зајакнување на довербата кај граѓаните во работењето на Министерството за внатрешни работи, и

истиот претставува збир на правила за етичко однесување на полициските службеници во Министерството, кој го поддржува владеењето на правото и е во согласност со Европскиот кодекс на полициска етика и другите меѓународни акти што се однесуваат на работата на полицијата. Кодексот ги регулира одредените организациски принципи и функционирањето на полицијата, односно односите меѓу полициските службеници, како и нивните односи со граѓаните, државните органи и други институции, невладините организации и правни лица, се со цел постигнување на меѓуетничките принципи за полициското однесување и да се поддржи владеењето на правото.

Носењето на новиот Кодекс на полициска етика беше инспириран од препораките дадени во техничкиот документ за анализа на Српскиот кодекс на полициска етика, изготвен во јануари 2015 година од страна на Роберт Шуми – експерт за полициски работи од Советот на Европа со поддршка на Европската Унија. Препораките беа дадени за да може со измените, Српскиот кодекс на полициска етика да биде целосно компактибилен во согласност со меѓународните стандарди и добрата практика.

Прво, беа дадени препораки српската полиција да размисли за промена на пристапот во содржината на Кодексот и истиот да премине од регулаторен во инспиративен, а регулативите можат да се формулираат во форма на полициски правила. Дисциплинските санкции за кршење на одредбите на Кодексот и така се регулирани со други законски акти и тие не мора да бидат вклучени во самиот Кодекс. Затоа, би било многу посоодветно и поефикасно доколку етичкиот кодекс се фокусира исклучиво за мисијата, вредностите, етичките принципи, интегритетот и инспирацијата или мотивација за полициско работење.

Второ, дел од препораките беа да се стави поголем акцент на етичкото однесување во контекст на професионално однесување, а исто така и Кодексот да вклучи дел за организацискиот интегритет, лидерство и меѓусебни односи кои не се регулирани во постојниот кодекс на полициска етика. Третата препорака е Кодексот да биде напишан во прво лице множина, едноставно затоа што е така многу полесно и поефикасно за полициските службеници да се идентификуваат со неговата содржина. Аргументите за поддршка на овие препораки се:

а) Кодексот на полициска етика треба да се фокусира на подигање на свеста на полициските службеници за важноста на вредностите, етичките принципи и моралното однесување во секојдневната полициска пракса;

б) Најефективниот етички кодекс е инспиративен по природа;

в) Инспиративни етички кодекси ја нагласуваат полициската мисија во општеството, личниот и организациски интегритет, добрите меѓучовечки односи и организациската клима;

д) Со оглед на фактот дека не може ефективно да се бара етичко однесување на вработените, туку само очекување, најефективната долгорочна мерка против неморалното однесување е високата морална одговорност на секоја индивидуа;

Доколку споменатите предлози се искористат за изготвување на новиот етички кодекс, сигурно ќе се добие документ кој ќе ги задоволи сите меѓународни критериуми. Содржината треба да ги вклучи сите важни вредности и доблести што ги рефлектираат европските перспективи, од една страна, и културниот белег на српското општество, од друга страна. Неопходно е да се постигне општ консензус во рамките на полициската организација, со соодветно вклучување на целата полиција и официјалните лица да се договорат за содржината на ревидираниот етички кодекс. Кога ќе се постигне консензус, тогаш следната фаза ќе биде соодветниот вид на подготовка, имплементација, обука и соодветно следење и однесување на вработените во согласност со етичките норми. Навистина е многу важно да постои свест за тоа, и да се направат напори етички кодекс да не влијае негативно на однесувањето на вработените, туку вработените да ја разберат и да се согласат со содржината и целта на Кодексот. Тоа значи дека само подготовката и усвојувањето на етички кодекс не е доволно. Незаменлив дел е фазата на имплементација или примена на етичкиот кодекс, унапредување и соодветен надзор на однесувањето на вработените, во согласност со неговите одредби.

Содржината исто така треба да биде предмет на посебна програма за зајакнување на образованието и интегритетот на полициските службеници што српската полиција треба да ги спроведува во иднина. Затоа, стручниот тим ѝ предложи на српската полиција да ја разгледа можноста за подготовка на нова содржина на Кодексот во тесна соработка со Полицискиот синдикат и, доколку постои можност, да се издаде Кодексот како посебна публикација и достави до секој вработен во полицијата. Конечно, за можно спроведување на овие препораки, посочено е дека е од голема корист намерата на српската полиција да формира посебна група за ревидирање на постоечкиот етички кодекс - оваа идеја беше презентирана од раководителот на секторот за внатрешна контрола во Министерството за внатрешни работи. Членовите на таквата група треба да имаат одлична лична и професионална репутација меѓу нивните колеги и треба да ги претставуваат сите највисоки хиерархиски нивоа и основни организациони единици на полицијата. Само група со таква структура, овластена да донесе конечна одлука, може

да ги разгледа дадените предлози и насоки и да донесе најсоодветно решение за српската полиција.

Со донесувањето на новиот Кодекс на полициска етика, во кој Република Србија ги имплементираше препораките од Советот на Европа во целост ги прифати меѓународните принципи, препораки и стандарди од Европскиот Кодекс на полициска етика, а произлезени од одредбите на Европската конвенција за заштита на човековите права и Универзалната декларација на ООН за заштита на правата и слободите на човекот.

3.4. Кодекс на полициска етика (Хрватска) - анализа

Согласно член 30 став 2 од Законот на полиција на Хрватска (Службен весник, бр. 34/2011), на 29.05.2012 година со бр.511-01-152-57112-2011 во Загреб од страна министерот за внатрешни работи беше потпишан Хрватскиот кодекс на полициска етика.

Хрватскиот кодекс на полициска етика е релативно краток и содржи 14 члена, од кои првите два члена ги опфаќаат општите одредби од Кодексот кои ги претставуваат моралните и етичките стандарди на полицијата преку изразување на волјата и желбата на полициските службеници за законски, професинонален, фер, пристоен и хуман третман со сите граѓани. Главна цел на Кодексот е подигнување на свеста на полициските службеници за важноста од почитувањето на етичките принципи и зајакнување на етичкото и моралното однесување во практичниот живот. Во овој Кодекс терминот полицаец и полициски службеник е употребен и за двата пола, односно се користи и за жени и мажи. Полициските службеници при нивното работење потребно е да обезбедат заштита и почитување на човековите права и основните слободи, а кога законски ги ограничуваат слободите и правата, потребно е да го почитуваат достоинството, угледот и честа на секоја личност кои ќе бидат заштитени со спречување на било какво насилство, злоупотреба, нехуман третман и други дела понижувачки за луѓето. Од член 3 до член 10 се регулирани основните принципи, поточно: почитување на еднаквоста пред законот, заштита на репутација, јавност на работата, професионализам, експертизам и независност, заштита на доверливоста на податоците, меѓучовечките односи и придржување кон етичкиот Кодекс. Во членот 11, 12, 13 и 14 се регулирани завршните одредби на овој Кодекс. Во Република Хрватска од битно значење е и Кодексот за етика на државните службеници, кој важи и за полицијата како

орган на државата, и заради тоа конкретно во Член 11 од Кодексот на полицијата е прецизирано дека „Кодексот за етика за државните службеници се однесува на сè што не е регулирано со одредбите на овој етички кодексз“. Во член 12 е конкретизирано дека принципите на Кодексот на етика се применуваат во сите безбедносни ситуации, а во член 13 е регулирано дека одредбите на овој Кодекс за етика се вклучени во програмите за образование, обука и развој на полициските службеници.

Во овој Кодекс се содржани голем дел од одредбите и препораките на Европскиот кодекс на полициска етика, иако во самата содржина на Кодексот директно не е посочено дека истиот ги содржи одредбите на Европскиот полициски кодекс и Европската Конвенција за човекови права. По својата содржина и по предвидените одредби, Хрватскиот кодекс многу потсетува на Словенечкиот Кодекс на полициска етика. Разликата меѓу нив е многу мала, а се однесува на тоа што Словенечкиот Кодекс е напишан во прво лице множина, додека Хрватскиот во трето лице множина. Дисциплинските мерки и прописи кои ја регулираат казнената политика за непочитување на одредбите од Кодексот, не се опфатени со содржината бидејќи истите се регулирани и се составен дел на други закони во државата.

Додаток на самиот Кодекс се „Вредности и доблести кои ја искажуваат целта на полицијата“, односно да им служат на луѓето, да ги штитат животот и имотот, да ги штитат слабите од силните, да се грижат сите луѓе да уживаат уставни и законски права под исти услови, да имаат високо ниво интегритет, да не ги поистоветуваат лични прашања со професионалните, да бидат храбри и решителни дури и во ситуации опасни по нивниот живот, да се свесни дека идентификацијата на полицијата значи одговорност и доверба на јавноста во полицијата, да ја чуваат доверливоста, да не ги злоупотребуваат податоците и информациите и секогаш да постапуваат на етички, законски и професионален начин, кој е во прилог на кодексот и е идентичен на Словенечки Кодекс.

3.5. Кодекс на полициска етика (Словенија) - анализа

Кодексот на полициска етика на Република Словенија е донесен на 9 октомври 2008 година и е стапен на сила од денот на неговото донесување. Тој ги дефинираа односите меѓу полициските службеници и односот на полициските службеници кон народот, државните органи, невладините организации и други институции. Истовремено ги претставува моралните и етичките стандарди на полицијата и надградбата на Кодексот на однесување за државните службеници. Истиот има за цел подигнување на

свеста на полициските службеници за важноста на почитувањето на етичките принципи и засилувањето на етичката и моралната пракса. Карактеристично за Словенечкиот кодекс е што има анекс на кодексот, поточно список на вредности и доблести кои ја искажуваат работата на полицијата.

Словенечки Кодекс на полициска етика содржи 14 членови, од кои првите два члена ги опфаќаат општите одредби од Кодексот преку изразување на волјата и желбата на сите полициските службеници за правна, професинонална, фер и љубезна работа и човечко однесување. Притоа, полициските службеници е потребно да обезбедат почитување на основните слободи и права при нивното работење, и исто така спречување на какво било насилство, нехуман третман и други акти кои се деградирачки кон луѓето. Полициските службеници задачите ги извршуваат според аргументот на моралот, а не според аргументот на моќта.

Во Словенечкиот полициски Кодекс терминот полицаец и полициски службеник се користи и за женско и за машко лице. Од член 3 до член 11 се регулирани Фундаменталните принципи, односно почитување на еднаквоста пред законот, заштита на угледот, јавните работи, професионализам, експетризам и независност, заштита на доверливоста на податоците, меѓучовечките односи, придржување кон одредбите од Кодексот, усвојување, изменување и дополнување на неговите одредби. Понатаму во членовите 12, 13 и 14 се регулирани завршните одредби на овој Кодекс, каде во член 12 е конкретизирано дека принципите на Кодексот на етика се применуваат во сите безбедносни ситуации, додека во член 13 е регулирано дека одредбите на Кодексот за етика се вклучени во образовните програми, полициските обуки и развој на полициските службеници. Словенечки Кодекс на полициска етика (2008), припаѓа во категоријата инспиративни етички кодекси. Тој ги одредува односите меѓу полициските службеници, како и со други службени лица и граѓани, со државни органи, со невладини организации и со други институции. Воспоставува морални и етички стандарди на полицијата и претставува надградба на Кодексот на однесување за државните службеници во Словенија.

Кодексот е многу краток и се состои од општи и крајни одредби и основни принципи (почитување еднаквост пред законот, заштита на угледот, мито, публицитет во работата, професионализам и независност, доверливост, меѓусебни односи и сл). Има вкупно само четиринаесет члена. Главната цел на Кодексот е да ја подигне свеста на полициските службеници за важноста од почитување на етичките принципи и зајакнување на етичкото и моралното однесување во пракса. Кодексот е напишан во

прво лице множина токму заради зајакнување на свеста за полициската работа и можноста да ги инспирира сите полициски службеници на специфичен начин. Дисциплински мерки и прописи не се вклучени бидејќи истите се предвидени и се составен дел на други закони што ја регулираат работата на полицијата.

И во овој Кодекс, исто како и во Македонскиот и Хрватскиот, во самата содржина директно не е посочено дека прописите произлегуваат од препораките на Европскиот кодекс на полициска етика, но по одредбите и принципите што се образложени, можеме да заклучиме дека се во согласност со Европскиот кодекс и Европската конвенција за човекови права. Посебен придонес на овој Кодекс претставува списокот на вредности и доблести што ја изразуваат работата на полицијата и на словенечки полицајци:

Вредности и доблести кои ја искажуваат целта на полицијата: [90]

- *Ние им служиме на сите луѓе;*
- *Ги заштитуваме животите и имотот на луѓето;*
- *Ги штитиме послабите од посилните;*
- *Ги гарантираме Уставните и законските права за сите луѓе под еднакви услови;*
- *Имаме високо ниво на интегритет;*
- *Ние ги одделуваме приватните од службените работи;*
- *Ние сме храбри и одлучни, дури и кога ни е животот во опасност;*
- *Свесни сме дека полициската значка значи одговорност и доверба на јавноста во полицијата;*
- *Ја чуваме доверливоста и не споделуваме податоци и информации;*
- *Секогаш дејствуваме етички и законски.*

Овој список со вредности на полициските службеници во Република Словенија претставува кратко резиме на содржината на Кодексот на полициска етика и е негов составен дел, отпечатен е на задниот дел од Кодексот и заедно со него задолжително се поставува на видно место во сите организациони единици во рамките на полицијата.

3.6. Кодекс на полициска етика (Црна Гора) - анализа

[90] file:///F:/mag/slovenija/Kodeks/slovenija.pdf

Согласно член 15 став 2 од Законот на полиција на Црна Гора (Службен весник, бр. 44/2012 и бр.36/2013), на 23.09.2013 година со бр.011/13-21683/3 во Подгорица од страна на министерот за внатрешни работи беше потпишан Кодекс на полициска етика на Црна Гора. Овој Кодекс е составен од 23 члена, од кои првите два ги опфаќаат општите одредби од Кодексот кои ги претставуваат моралните и етичките стандарди на полицијата преку изразување на волјата и желбата на полициските службеници да постапуваат, согласно принципите утврдени во Уставот на Црна Гора, Законот за полициските работи и меѓународните договори. Целта на Кодексот е да се зачува, афирмира и промовира достоинството и угледот на полициските службеници и да се зајакне довербата на граѓаните во работата на полициската управа односно полицијата.

Во Црногорскиот полициски кодекс употребата на родово-сензитивен јазик е регулирано во член 3, каде терминот полицаец и полициски службеник се користи и за жени и мажи. Од член 4 до член 20 се регулирани основните принципи на полициската работа односно, постапките во вршењето на полициските работи, недискриминацијата, заштитата на репутација, професионализмот, користењето на информации, однесувањето на јавни настани, употребата на присилни средства, поднесувањето на имотната состојба, политичката неутралност, меѓусебните односи, заштитата на имотот, раководство на организациона единица, пријавувањето неетичко однесување, повредата на полицискиот кодекс, како и надлежностите на Комитетот за етика. Во членот 21, 22 и 23 се регулирани завршните одредби на овој кодекс, каде конкретно во член 21 е прецизирано дека полицискиот началник или службеник овластен од него е должен да го запознае со одредбите од овој Кодекс секое лице што за првпат заснова работен однос како полициски службеник. По запознавањето со Кодексот лицето потпишува изјава за усогласеност со истиот. Кодексот е дополнет на 4 јули 2016 година со два става, кои се однесуваат на однесувањето на полициските службеници во приватниот живот како и нивните активности на социјалните мрежи, каде е наведено дека и во двата случаи не смеат да дозволат нарушување на личниот углед и интегритетот на полицијата во целина, како и тоа дека со своите лични ставови и уверувања не смеат да предизвикаат омраза или нетрпеливост по било кој основ.

За Црногорскиот кодекс на полициска етика е карактеристично тоа што при повреда на одредбите постои Етички одбор, кој ја следи примената на Кодексот. Овој Етички одбор е формиран 26 февруари 2006 година, а во постоечкиот состав е со решение од Министерот за внатрешни работи 01 број 113/18-39788 од 18 октомври 2018

година. Со негово дополнување од 13 ноември 2018 година во состав на Етичкиот одбор влегува и претставник на Невладините организации.

Етичкиот одбор е составен од вкупно седум членови и секретар на одборот, од кои четири члена од Управата на полицијата, еден претставник од Министерството за внатрешни работи, еден претставник од Невладиниот сектор и еден од Синдикатот на полицијата. Етичкиот одбор го именува Министерот за внатрешни работи за период од четири години и неговата работа е утврдена со Деловник за работа. Надлежноста на овој одбор е согласно препораките и одредбите од Европскит кодекс на полициска етика, да дава свое мислење за примената на Кодексот на полициска етика, да го следи неговото спроведување во пракса, да иницира измени на регулативата од областа на полициската етика и да промовира етички стандарди и правила на однесување на полицијата.

3.7. Кодекс на полициска етика (Босна и Херцеговина) - анализа

Бидејќи Босна и Херцеговина како држава има специфична политичка структура, односно создадена е од два субјекти Федерација на Босна и Херцеговина и Република Српска, и десет кантони со сопствени кантонални уредувања и свои полициски организации, и Брчко Дистрикт Б и Х како територија со посебен статус, во овој труд ќе биде разработен Етичкиот кодекс на полициските службеници во Државната агенција за истраги и заштита. Овој Кодекс е донесен на 7 октомври 2010 година со број 17-10-02-3319-1/10, потпишан од страна на директорот на Државната агенција за истраги и заштита, а стапува на сила наредниот ден од неговото донесување. Кодексот на полициска етика содржи 11 поглавја. Во воведниот дел од Кодексот потенцирано е дека истиот е усогласен со кодексите на сите полициски организации и е во директна корелација и целосно ги поддржува препораките од Европскиот кодекс на полициска етика.

Основната цел на кодексот е да појасни што се очекува од полицискиот службеник во одредени околности и што може да се случи доколку не ги почитува пропишаните правила, да го предвиди однесувањето на полицискиот службеник во специфични ситуации, да ја унапреди заштитата на човековите слободи и права низ колективна и индивидуална одговорност, да ги промовира односите помеѓу полицијата и граѓаните преку ефикасна соработка со другите државни органи, локалната самоуправа, невладинот сектор и правните лица. Исто така, уште во самиот вовед потенцирани се правилата на однесување бидејќи јавноста од полицискиот службеник

очекува законско постапување, професионалност, непристрасност и почитување. За да се зачува довербата кај граѓаните, важно е да се изолира секој сомнеж дека во работата на полициският службеник постојат други мотиви, како и правилата на однесување надвор од работното време кои исто така се дефинирани во Кодексот. Овие правила на однесување се распоредени во сите поглавја.

Во првото поглавје потенцирана е одговорноста на полициските службеници за придржување кон законите и Кодексот. Од полициският службеник се бара лична одговорност и се очекува да ја извршува должноста професионално и со интегритет, продуктивно да го користи работното време, да има коректен однос со колегите и граѓаните почитувајќи ја личноста, да ги чува службените информации и да не ги користи за сопствени придобивки, да се придржува кон етичките стандарди и да се запознае со содржината и правилата на Кодексот, а со потпишување на Изјава (образец 1) потврдува дека ги прифатил и разбрал правилата во него.

Во второто поглавје се регулираат односите со граѓаните и задачите на полициските службеници. Како основни задачи на полицијата, предвидени во овој кодекс, се: одржување на јавниот ред и мир и спроведување на законот во заедницата, заштита и почитување на основните права и слободи предвидени со Европската конвенција за човекови права, спречување и борба со криминалот, како и негово откривање и обезбедување помош и сервисна функција на граѓаните. Исто така, во овој дел предвидени се и стандардите за носењето униформа и изгледот на полициският службеник.

Во третиот дел се дадени општите насоки за меѓусебните односи на полициските службеници, како и односите со припадниците на другите државни органи.

Четвртото поглавје е посветено на начинот на постапување на полициските службеници при преземање на службени дејствија, каде што е предвидено дека со секоја полициска активност, потребно е да се почитува правото на живот, да не се предизвикува или толерира никаков акт на тортура и нехумано однесување, сите превземени активности да бидат согласно законските процедури, полициският службеник да се воздржи од извршување на незаконски наредби, почитувајќи ги основните човекови права и слободи и задолжително да се внимава со лицата кои припаѓаат на ранливите групи.

Во петтото поглавје, кое се однесува на образованието и стручното усовршување, предвидено е дека секој полициски службеник во текот на својата работа должен е стручно да се оспособува и усовршува, да ги развива своите лични способности

за правилно расудување и развивање на комуникациски вештини, согласно меѓународните стандарди и процедури.

Шестиот дел се однесува на забраната за примање на поклон или награда, што е од особено значење за постигнување рамнотежа помеѓу услугите кон граѓаните и високите морални стандарди на полицските службеници, освен во исклучителни ситуации, кога се добива подарок на јавни настани, а одбивањето би предизвикало непријатна ситуација.

Во седмото и осмото поглавје се дадени општите насоки за непристрасност, избегнување конфликт на интереси, неспоивост на функциите со должностите на полициските службеници, како и однесувањето во врска со парични средства. Овде е потенцирано дека во извршувањето на своите работни задачи полицискиот службеник е должен да ја избегнува секоја ситуација која ќе ја доведе во прашање неговата непристрасност или ќе предизвика сомнеж за постоење конфликт на интереси. „Приватни интереси“, согласно овој Кодекс, се имотната состојба на полициските службеници, но и на членовите на нивните семејства, личните пријатели на полицискиот службеник, клубови или друштва во кои учествува полицискиот службеник, останати личности, групи или здруженија со кои полицискиот службеник има лични или социјални врски. Исто така, потенцирано е дека припадниците на полицијата мора да се воздржат од било какви политички активности и членства во органи на политички партии, и дека имаат обврска како и сите граѓани во заедницата за плаќање даноци и други финансиски обврски.

Деветтото поглавје се однесува на доверливоста и користењето на службените информации, како и воздржувањето од давање непримерни јавни коментари, особено за: коментари или изразување негативно мислење за политичката ситуација во државата, коментари за програми во чија изработка или спроведување учествува полициски службеник, изјава или мислење која може да се толкува како официјален коментар и критика за начинот на работа на агенцијата и нејзиното раководство.

Десеттото, а воедно и претпоследно поглавје од овој Кодекс, се однесува на работното опкружување, здравјето и сигурноста во работата, злоупотребата на наркотици, како и користењето на алкохол и цигари.

Последното 11 поглавје, покрај завршните одредби, потенцира и дека терминологијата, која е употребена во Кодексот, се однесува на двата пола.

Посебна карактеристика е изјавата со која работникот потврдува дека го примил и разбрал полицискиот Етички кодекс (образец 1), како и шесте прилози на Кодексот од

кои изјава за покренатa кривична или прекршочна постапка против работникот кој е должен да ја пополни и да извести за истата (образец 2), изјавата за изречени пресуди (образец 3), образец 4 е изјава која содржи пет точки, кои е потребно работникот да ги примени во случај на давање поткуп, извештајот за примен или понуден поклон (образец 5), извештајот за конфликт на интереси (образец 6) и изјавата за неспоивост на функциите (образец 7).

3.8. Европски кодекс на полициска етика

Европскиот кодекс претставува надградба на Декларацијата за полиција. Европскиот кодекс на полициска етика опфаќа насоки за полициска интервенција и употреба на сила во извршувањето на полициските задачи. Според овој кодекс, примената на сила може да се употреби само врз основ на легитимен акт, т.е. закон и било која арбитрерна употреба на сила не смее и не може да биде прифатена. Кодексот има одредби кои се однесуваат на практична обука на полицијата за употреба на сила вклучувајќи ги начелата на Европската конвенција за човекови права, како и релевантните одлуки на Европскиот суд за човекови права од Стразбур. Со таа одредба се дава големо значење на ставовите на Судот за употреба на сила и се создава право кое гради стандарди кои полицијата при примена на сила мора да ги почитува[91]. За да ја стекнат довербата на граѓаните, полициските службеници мора да покажат професионализам, висок степен на интегритет во работата, да им одолеат на искушенијата за злоупотреба на полициските овластувања, како и да се придржуваат до правилата содржани во Кодексот.

Европскиот кодекс е донесен помеѓу 1998 и 2001 година во Советот на Европа на полициска етика. Кодексот е предложен од страна на Комитет на експерти за полициска етика и раководството во полицијата и полициски експерти, што е новина во работата на Советот на Европа. Пред формирањето на овој Комитет на експерти, Европската Унија се придржуваше кон правилото дека полицијата во Советот треба да е застапена од претставници на Министерствата за внатрешни работи и правда или други високи државни службеници, но никогаш директно од полицајци. За донесувањето на овој

[91] „Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања“, Правна анализа 2010 година, стр.11

кодекс Комитетот на експерти подолго време ја истражуваше основата на полициската работа. Содржината на кодексот е произлезена од практичната работа на полицијата, што се гледа и во самата содржина на Кодексот. Донесувањето на Европскиот кодекс на полициска етика не се однесува само за полициските организации и полициските службеници, туку и за синдикати и други тела во владите кои имаат директно влијание врз организацијата и работата на полицијата. Основната рамка на Кодексот го појаснува начинот на организирање и работа на полициските организации во едно современо демократско општество. Европскиот кодекс на полициска етика е само препорака на Советот на Европа за земјите членки и претставува морално обврзувачки документ, што не значи дека нема да има последици по некоја земја доколку се спротивстави или не ги примени препораките од Кодексот.

Советот на Европа е институција со висок морален авторитет, која има големо влијание и во Европа и во светот. Во Европа, Кодексот е прв документ со кој се дефинира единствена рамка за дејствување и организирање на полицијата. Поради ова, барањата кон одделни членки на Советот на Европа треба да бидат во согласност со Препораката за трансформирање на Европскиот кодекс на полициска етика во Конвенција на Советот на Европа, со што би станал правно-обврзувачки документ за земјите потписнички. Европскиот кодекс на полициска етика во форма на Препорака беше усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа, 19 септември 2001 година на 765-тиот состанок на замениците на министрите. Овој Кодекс е документ заснован на образовна филозофија. Како прв од ваков вид во Европа, Кодексот дефинира заедничка рамка за функционирање и организација на полицијата во современо демократско општество, и затоа е од големо значење. Исто така, дава важни етички упатства, не само за полициските службеници, полициското раководство и полициските организации, туку и за владите, синдикатите и другите тела што имаат влијание врз полициската организација и функционирањето во општеството.

Со цел да се постигне поголемо единство помеѓу земјите членки и да се спроведе владеење на правото, што е основа на секоја вистинска демократија, во која системот на кривична правда преку улогата на полицијата има клучна улога во општеството во борбата против криминалот, како на национално, така и на меѓународно ниво, Комитетот на министри го усвои Кодексот на полициска етика. Бидејќи во повеќето европски полициски организации полицијата, покрај спроведување на законите, извршува и други социјални функции во општеството, а довербата на јавноста во полицијата е тесно поврзана со почитувањето на човековото достоинство и основните

права и слободи кои се утврдени во Европската конвенција (како и принципите во Кодексот на однесување на службениците за безбедност од ОН), овој Кодекс на полициска етика има за цел да утврди заеднички европски принципи и упатства за полициската работа на државите членки, нивните заеднички цели во заштитата на основните слободи и права, како и заедничката борба против организираниот криминал и корупција.

Кодексот се однесува на полицијата и полициски служби, чија главна цел е обезбедување на јавниот ред и мир во општеството, и за таа цел имаат овластувања од државата за употреба на сила. Како што веќе беше наведено и утврдено според природата на неговата содржина, Европскиот кодекс на полициска етика е едукативен кодекс. Поделен е во седум поглавја кои заедно содржат 66 члена, секој со нивните коментари. Тоа е сеопфатен документ кој разработува неколку различни области. На почетокот од Кодексот се разработени целите на полицијата, правната основа за нејзино функционирање во согласност со принципите на владеењето на правото, полицискиот и кривично-правниот систем, организациските структури на полицијата (со делови за квалификации, обука, регрутирање и задржување на полициски службеници, правата на полициските службеници), упатства за полициска интервенција - акција (со делови за општи принципи, полициска истрага, апсење и лишување од слобода), одговорност и контрола на полициските сили, истражувања и меѓународна соработка.

Во самиот почеток на Препораката, Кодексот има дефиниција за употребливост која е многу „лабава“ за да може Кодексот да одговара на што е можно повеќе „традиционални“ полициски сили во земјите членки, бидејќи секоја држава е во различна фаза на развој и организациска полициска структура. Поради оваа причина, обемот на Кодексот ги содржи само најважните карактеристики на полициските органи во Европа а тоа се: овластувањата на употреба на сила при одржување на јавен ред и мир и превенција и откривање на кривични дела. Кодексот се однесува на сите полицајци кои се одговорни за извршување на полициските задачи во граѓанското општество. Кодексот не се однесува за категориите: воената полиција, судската полиција, полицијата во казнено-поправните установи и агенции за обезбедување.

- **Првото поглавје** содржи избор на најважните цели на полицијата во демократско правниот систем. Како што е добро познато, одржувањето на јавниот ред и мир во општеството е основна цел за која е надлежна полицијата, тоа опфаќа широк спектар на полициски активности, како што се: заштита на безбедноста на индивидуата, заштита на имотот, спроведување на законите. Од друга страна, почитувањето на

основните слободи и права, како што е утврдено во Европската конвенција за човекови права, е веројатно најважната улога на полицијата за владеење на правото во општеството. Оваа цел на полицијата не наметнува само должност на граѓаните дека правата мора да се почитуваат, туку дека постојат и граници за исполнување на целите. Различни земји членки на Унијата имаат различен пристап кон спречување на криминалот, што во суштина е одговорност на сите државни органи, а не само на полицијата. Превенцијата од криминалот вообичаено е поделена на превентивна и оперативна но и двете форми спаѓаат во задачите и целите на полицијата. Согласно препораките што се усвоени од Советот на Европа за ефективна превенција на криминалот, неопходно е учество и на поширокатa заедница вклучително и на целокупната јавност. Во превенцијата на криминалот мора да постои координација помеѓу полицијата и другите јавни служби, иако откривањето на криминалот најчесто е дел само на полицијата. Ефикасното откривање на криминалот само по себе има позитивен ефект и претставува клучна алка во зајакнување на довербата на граѓаните во полицијата и воопшто во првниот систем на државата. Иако откривањето на криминалот во различни земји различно е организирано (во некои држави надлежноста ја имаат специјалните полиции, во некој криминалистичката или судската полиција), сепак најголемите проблеми во откривањето на криминалот со кои се соочуваат полициските сили во државите во Европа сè помалку или повеќе слични. Покрај борбата со криминалот, Кодексот го нагласува фактот дека ефикасноста на полицијата и довербата на јавноста во полицијата се зајакнува и од почитувањето на основните човекови права и слободи од страна на полицијата, од заштитата на засегнатите лица во криминалот како жртвите и сведоците, како и од почитување на принципот за презумпција на невиност. Јавната помош е исто така одлика на повеќето полициски служби, иако во оваа полициска функција има повеќе варијации од една до друга држава членка. Постои јасен тренд во Европа подолго време за зајакнување на поврзаноста помеѓу полициските служби и граѓанското општество. Полицијата како орган на јавната служба извршува многу задачи за поширокатa јавност. На пример, услужната улога на полицијата е премногу застапена во државите членки иако јасно е дека полицијата не треба да биде премногу оптеретена со услужни задачи во општеството.

- **Второто поглавје** ја утврдува правната рамка на полициските институции и нивното функционирање во правната дражава. Полицијата како институција е јавно тело и не може да биде трансформирана во приватна сопственост. Полициските организации мора да бидат основани со закон, што значи дека полицијата ја има својата основа во

Уставот. Полициските операции-интервенции содржат принципи на работа кои мора секогаш да бидат законски, во согласност со домашното законодавство и релевантните меѓународни правни стандарди. Секој граѓанин во државите членки треба да ги знае своите права и може да ги бара при преземање на полициските овластувања, што значи дека правилата и прописите треба да бидат широко достапни за јавноста и без разлика на тоа дали се работи за законски или подзаконски акти истите мора да бидат јасно дефинирани. Ова е битно за да може секој граѓанин јасно да ги предвиди личните последиците, што врз него може да ги има законската регулатива. Бидејќи последиците не може да се проценат со апсолутна веројатност, во препораките на Европскиот суд за човекови права постои терминот „доволно јасен“, што значи дека мора да постои соодветна рамнотежа помеѓу законските прописи и флексибилноста на полициското постапување. Принципот на владеење на правото важи подеднакво за сите граѓани, вклучително и за оние што го спроведуваат законот, како што се полициските службеници, освен во ситуации со закон се дозволени отстапувања заради извршувања на полициските задачи. Европскиот суд за човекови права има воспоставено судска пракса, која прави разлика помеѓу дисциплинските и кривичните работи, односно не е можно државата да стори нешто што ќе го означи како дисциплинска работа, а истото тоа дело според меѓународното право да се смета за кривично дело. Тоа би ја нарушило процедуралната заштита која е предвидена во член 6 од Европската конвенција за човекови права.

- **Во третото поглавје** од Европскиот кодекс на полициска етика е разработен полицискиот правен систем. Во Преамбулата се вели дека полицијата е еден од четирите членови во кривично-правниот систем во државата, покрај обвинителството, судовите и органите за спроведување на кривичните санкции. Иако во ваквиот кривично правен систем секој член е независен во делот на своите надлежности, потребно е да се предвидат различни механизми за контрола со цел воспоставување на законска рамнотежа на овие институции. Со ваков модел на кривично-правен систем, каде што секој има одреден степен на независност и автономност, подобро се штитат правата на граѓаните. Полицијата мора строго да ја почитува независноста и непристрасноста на судовите, без да се спротивставува на законските судски одлуки и да го попречува нивното спроведување. Независноста и непристрасноста на судството се клучни основи за владеење на правото во општеството, од друга страна судскиот систем мора да ја почитува улогата на полицијата како специјално тело и не треба да се меша во нејзините професионални одлуки. Полициските организации мора да овозможат спроведување на

сите судски пресуди и одлуки. Полицијата може да има овластување да извршува судски функции и да спроведе судски постапки, но само во ограничена мерка и обично во случаи на помали прекршоци и кога нема комплицирани факти, односно ако сторителот се изјасни за виновен, а санкциите се ограничени и стандардни. И покрај тоа согласно член 6 од Европската конвенција за човекови права каде е предвидено дека секој има право на фер судење пред суд, секоја полициска одлука може да биде оспорена пред судовите. Соработката помеѓу полицијата и Јавното обвинителство треба да биде безпрекорно функционална, особено во земјите каде полицијата е под јурисдикција на Јавното обвинителство. Полицијата мора да го информира овој надлежен орган за спроведување на законот и да го известува за напредокот на кривичните истраги. Препораките од кодексот му даваат на обвинителството две главни функции во однос на полицијата: да ја следи законитоста на полициските истраги и да го следи почитувањето на човековите права. Државите мора да се осигураат дека постои одлична соработка помеѓу полицијата и обвинителството. Една од основите за владеење на правото е сите да ја имаат истата можност за правна и судска заштита. Полицијата мора да ја почитува улогата на правните застапници во кривичната постапка, што значи дека не смее да навлегува во нивната работа без законско овластување. Согласно препораките од Кодексот полицијата не ја презема улогата на затворски персонал освен во итни случаи.

- **Четвртото поглавје** ги опфаќа организациските структури на полицијата. Организацијата на полициските структури во државите е имплементирана на тој начин да овозможува услуги за јавноста и спроведување на законот, со цел да ја зголеми својата репутација во јавноста или во општеството, што е од суштинско значење за идентитетот на полициската организација во една демократска држава. Високото ниво на професионалност во полицијата е најбитен елемент за поддршка на полициските интервенции во јавноста. Вториот елемент е транспарентноста на полицијата за да може граѓаните да ја прифатат како услужна организација достапна за јавноста. Во правната држава активностите на полицијата се димензионираат со акцент на почитувањето на индивидуалните граѓански и политички права. Организациските структури на полицијата во европските држави се разликуваат, на пример, во државите на северна и западна Европа полициските структури се претежно цивилни, во државите на средна и источна Европа одредени делови од некој полициските организации имаат воена структура, додека во некои од државите на јужна Европа постојат и двата модели истовремено. Но секаде трансформациите на полициските организации се ориентирани заради приближување на полицијата кон заедницата. Земајќи ја во предвид историјата и

традицијата на земјите членки полициското работење во општеството какво и да е ги применува надлежностите на цивилните власти. Јавноста мора лесно да ја препознае полицијата преку униформата, опремата и возилата, и таа мора да биде различна од сите други организациони тела во државата. Ова е многу битно заради брзиот пристап на полицијата во итни случаи. Полициските организации се секогаш дел од извршната власт во државата. Бидејќи законските регулативи се добиени од власта, работата на полицијата не може да биде целосно независна. Поради тоа, во своето постапување полициските службеници мора да применат мерки што ќе бидат усогласени помеѓу законот и нивните овластувања и ќе постигнат рамнотежа. Оперативната независност на полицијата бара таа да биде целосно одговорна за своите постапки и пропусти. Хиерархиската поставеност во полициските структури овозможува лесно утврдување на одговорноста или пропустите во нивното работење. Кодексот им препорачува на државите во делот на организацијата на својата полиција да го земат предвид фактот дека полицијата е составен дел од општеството, и нејзината ефикасност ќе биде толку голема, колку што е поголема соработката помеѓу полицијата и граѓаните. Постојат различни модели на полициска соработка и приближување до заедницата, најчесто тоа е децентрализација на полициската организација, но ова зависи од степенот на демократски развој на локалната власт во државата. Објективното информирање (без откривање на доверливи информации во јавноста), како и конструктивната соработка со медиумите ја прават полицијата транспарентна во јавноста и на тој начин ја зголемува својата репутација и доверба. Ваквата комуникација помеѓу полицијата и медиумите понекогаш е многу тешка и заради тоа во Кодексот се препорачува полицијата да усвои упатства за контакти со медиумите. Исто така, зајакнувањето на полициската култура и личниот интегритет на полициските службеници се една од мерките кои го гарантираат професионалниот однос на полициските службеници и нивниот личен ангажман во спроведување на законите и заштита на човековите слободи и права. На овој начин се воспоставува вистинска професионална култура во рамките на полициската организација. Во однос на корупцијата, согласно Кодексот не постои општа меѓународна дефиниција за корупција. Според Европската конвенција за кривично право за корупција (усвоена од Советот на Европа во 1999 година), иако не содржи дефинирана дефиниција за корупција, сепак, целта е да се воспостават заеднички критериуми за акти поврзани со корупција. Општото разбирање за „полициска“ корупција како термин по автоматизам значи злоупотреба на службената положба на полициските службеници и претставува постојана закана за интегритетот на полициската организација, заради тоа

Кодексот нагласува дека сите држави членки треба да воведат ефективни внатрешни мерки за борба против полициската корупција, бидејќи во последните години тоа претставува вистинска закана за демократијата, владеење на правото и заштита на човековите слободи и права. Советот на Европа, како клучна европска институција има донесено антикорупциски документи, како на пример:

- Резолуција од дваесет упатства за борба против корупцијата;
- Препорака за статусот на државните службеници во Европа;
- Кодекси на однесување за државните службеници;
- Конвенција за кривично право, како и
- Конвенција за граѓанско право и корупција.

Сите овие антикорупциски документи важат и за полицијата. Во 1998 година беше формирана и група од државите членки (ГРЕКО) со цел да се следи корупцијата. Во однос на обуката и регуртирањето на полициски персонал, Кодексот дава насоки дека мора да има процес на селекција врз основа на објективни критериуми, односно лични карактеристики и способности на кандидатот, образование и животно искуство, знаење и вештини. Исклучени се назначувања од политички причини. Полициските службеници треба да бидат лица отворени, искрени, вешти во комункација и способни за разумна процена. Овие карактеристики се многу важни за оперативниот персонал во полициските организации. Постапката за вработување мора да биде објективна и без дискриминација. Право на вработување имаат и мажите и жените, лица од различно социјално потекло, како и припадници на етничките малцинства. На тој начин, преку структурата на вработените се рефлектира општествениот статус на државата. Постапките за вработување треба да бидат објективни за сите граѓани, без разлика на пол, религија, раса и етничко потекло. Во препораките од кодексот се забележува дека жените, како и припадниците на етничките малцинства се не доволно застапени во раководните структури на полициските организации. Затоа Кодексот ги поттикнува државите членки да вложат напори да ја постигнат оваа цел. Полициската обука мора да биде заснована врз основните вредности на демократијата, владеење на правото и заштита на човековите слободи и права. Од тој аспект демократските вредности за полициската етика и почитувањето на човековите права треба да заземе битно место во делот на обуката на полициските службеници. Исто така, општата обука на полициските службеници треба да се изведува во нормални околности и да содржи многу практични примери од фактичката состојба во општеството, односно треба да се изведуваат

практични обуки во ситуации кои треба да бидат што е можно поавтентични. Освен примарната и општата обука на вработените, мора да се води сметка за воведување на дополнителна специјалистичка обука за специфични задачи, со цел на крајот да се добие поквалитетен производ, односно обучени работници кои без проблем ќе се вклопат во системот на полициските организации. Полициските службеници ги имаат истите граѓански и политички права и одговорности како и другите граѓани. Ова е важен елемент во владеење на правото и има за цел да прикаже дека полицијата е дел од општеството на кое му служи. Друга препорака која е содржана во Кодексот и која е нагласена дека државите членки треба да им овозможат на полициските службеници максимални привилегии во економските и социјалните права, како и придобивки и социјална сигурност заради нивната специфична природа на работата, како и право на посебно здравје и безбедност. Начинот на организирање на полициските службеници или учество во синдикати во европската социјална повелба не е специфично објаснет со што им дозволува на државите членки сами да одлучуваат за ова право. Исто така, нагласено е правото на сооодветна плата и посебни здравствени безбедносни мерки заради природата на полициската работа, односно непредвидливите задачи кои ги има полицијата и нередовното работно време, како и опасностите и ризиците со кои полициските службеници се соочуваат секој ден во спроведување на законите се морална обврска на државата со посебен акцент на оваа група на граѓани. Во полициската работа многу често се случува пречекорување на надлежностите и поради тоа Кодексот посебно значење дава на контролните механизми на полициското работење. Покрај контролните механизми на внатрешните тела на полицијата, Кодексот дава насоки за формирање на надворешни и независни тела кои ќе имаат можност да одлучуваат за дисциплински санкции на полициските службеници бидејќи и полициските службеници како и сите граѓани, согласно Европската конвенција за човекови права, имаат право на правично судење. Поради природата на нивната работа тие секојдневно се под силен притисок на јавноста при извршувањето на нивните задачи, односно имаат неоправдани притисоци и во тој случај имаат право да бидат заштитени и помогнати од државните органи бидејќи ги спроведуваат целите на државната власт.

- **Во Петтото поглавје** од Европскиот кодекс на полициска етика се опфатени упатствата за полициска интервенција. Упатствата се поделени во два дела: првиот дел се занимава со општите принципи на работа на полицијата и нејзиното постапување во едно демократско општество, кое се однесува на повеќето ситуации, и вториот дел кој дава упатства за полициската интервенција во специфични околности. Во првиот дел се

дадени општите принципи при полициските интервенции, како што се почитувањето на правото на живот кое се го потенцира членот 2 од Европската конвенција за човекови права, како и Протоколот број 6 од оваа Конвенција кој предвидува укинување на смртната казна. Тоа значи дека се забранува намерно одземање на живот на секоја индивидуа, освен во ситуации кога тоа не може да се избегне. Согласно Европскиот суд на правдата, особено се потенцира дека употребата на сила мора да биде пропорционална со опасноста заради постигнување на одредена цел. Исклучително е важна полициската обука во оваа област. Забраната за тортура и понижувачки третман, која е предвидена во Кодексот, произлегува од членот 3 на Европската конвенција за човекови права, а тоа значи дека полицијата во никој случај не смее да предизвика, охрабри или дозволи било каква форма на тортура и обврзана е да стори сè што може да го спречи тоа. Правата и одредбите изготвени од Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман задолжително треба да бидат дел од обуката на полициските службеници. Овој Кодекс ја признава судската пракса на Европскиот суд за човекови права и дозволува полицијата да користи принудни средства, но за нив секогаш мора да има законска основа. Кодексот препорачува националните законодавства задолжително да содржат одредби за употреба на сила врз принципите на пропорционалност и сразмерност. Токму заради ова, не смее да се потценува важноста од сооодветно вработување и обука на полициските службеници. Во содржината на овој Кодекс, исто така, се препорачува полициските службеници да ја проверат законитоста на постапките кои треба да ги спроведат, и исто така се бара сите наредби кои се незаконски да не се спроведат и да се пријават без страв од санкции или било какви други негативни последици. Принципите на непристрасност и недискриминација се исто така вредности кои полицијата мора да ги почитува при извршување на своите должности. Општиот принцип на недискриминација и еднаквост е основен елемент во меѓународните документи за човекови права, и тоа е зацртано во Протоколот 12 на Европската конвенција. Само специфични случаи со нееднаков третман, за кои постојат објективни и оправдани причини не се сметаат за недискриминирачки. Покрај другите работи, Кодексот ги вклучува и правото на приватност, семеен живот, домување и тајност на преписката, како и меѓународните принципи за заштита на податоците. Полицијата има значајна улога во заштитата на овие права, без кои во реалноста демократијата би била само идеја. За да може полициските службеници да придонесат за кридибилитетот на полицијата, не е доволно само да се постапува во согласност со законот, туку мора да се покаже и почит кон

јавноста, професионализам, совесност, љубезност и политичка неутралност. Личните интереси на полициските службеници никогаш не смеат да бидат во судир со нивната работа. Принципот на презумпција на невиност, кој е утврден во член 6 од Европската конвенција за човековите права, е еден од битните елементи во полициската постапка. Поради тоа, во Кодексот е нагласено дека исклучително важен е конструктивниот однос на полицијата со медиумите и потребно е максимално внимание за информациите кои се даваат за време на полициската истрага. Покрај овој принцип, објективноста и правичноста на полициските служби се исто така критериуми кои полицијата мора да ги употребува во процесот на истрагите бидејќи така се обезбедува процес којшто ги почитува основните човекови права и слободи. Во ова поглавје исто така се појаснети постапувањата на полициските службеници со лицата лишени од слиобода, со нивните права, обезбедувањето на медицински услови и исхрана, како и со заштита и поддршка на сведоците за време на истрагата.

- **Шестото поглавје** ја регулира одговорноста и контролата на полициското работење. Бидејќи полицијата за своето работење е одговорна пред државата, постојат државни органи кои ја следат работата на полицијата во сите земји членки. Отчетноста на полицијата пред јавноста е клучен услов за меѓусебна поврзаност и доверба, помеѓу полицијата и граѓаните. Државната контрола над полицијата мора да биде транспарентна и поделена помеѓу законодавната, извршната и судската власт. Законодавната контрола е претставена преку носење на закони со кои се регулира работата на полицијата и нејзините овластувања. Извршниот орган за контрола, односно Владата врши директна контрола на полицијата преку финансирање од буџетот и со носење упатства за правилата и прописите, како и приоритети преку ресорното Министерство. Судскиот надзор ја контролира работата на полицијата преку граѓанските и кривичните постапки иницирани како од властите, така и од јавноста. Покрај овие препораки во Европскиот кодекс за полициска етика, дадени се насоки на земјите членки да развиваат етички кодекси засновани врз вредностите на овој Кодекс. Спроведувањето на препораките од кодексите на етика мора да бидат контролирани од надлежните органи. Тие органи или тела потребно е да бидат независни од полицијата и колку што е можно потранспарентни во јавноста, пример за такво тело е Народниот правобранител.
- **Во седмото поглавје,** кое е последното од Кодексот, потенцирано е значењето на меѓународната соработка на државите во однос на полициската работа. Кодексот ја охрабрува меѓународната соработка во делот на етиката и заштитата на човековите

права. Затоа постојат и меѓународни организации кои се занимаваат со полициското работење, како што се: ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ и други, кои со своја експертиза можат да помогнат во исполнување на демократските вредности во државите членки, како и помош при координација помеѓу државите за глобалните закани. Советот на Европа треба да го следи спроведувањето на принципите на овој Кодекс, кој претставува основен текст за полициското работење и добра основа за унапредување на полициските работи на државите членки. Истиот може да биде дополнет со други законски и подзаконски акти во државите со кои ќе се допрецизира полициското работење во заштитата на човековите права и слободи.

3.8.1. Примери за добра практика во Европа

Овој дел дава мислење за два примера на добра практика во Европа, од Велика Британија и од Словенија, кои се во согласност со филозофијата на Европскиот кодекс на полициска етика.

Првиот пример е Кодексот на пракса за принципите и стандардите на професионалното однесување при работа на *Police of England and Wales* (2014), што е водич за секојдневно етичко однесување и донесување одлуки. Овој кодекс, исто така, претставува поинаков теоретски пристап, отколку што беше случај претходно. Превенцијата доби приоритет пред репресијата, и затоа кодексот е чекор понапред во демократијата. Неговата цел е да му помогне на секој припадник на полицијата во извршувањето на нивните должности со јавноста, во согласност со највисоките професионални стандарди. Тој е мешавина од двата, инспиративни и едукативен кодекс на етика. Кодексот нагласува дека етичкото однесување произлегува од вредностите, верувањата, ставовите и знаењето што тие го поседуваат водени од поединци во нивните судови. Тој опишува девет полициски принципи, напишани во второ лице множина (одговорност, искреност, истрајност, интегритет, лидерство, објективност, отвореност, почитување и несебичност) и десетина принципи со објаснувања, главно во второ лице множина (авторитет, почитување и добрина, еднаквост и разновидност, употреба на сила, команди и упатства, должности и одговорности, доверливост, способност за работа, однесување и спротивставување и пријавување лошо однесување). Полициските принципи ги поддржуваат и зајакнуваат постојните процедури и регулативи, обезбедувајќи стандарди и професионално однесување за полициските службеници, но и за другите вработени во полицијата. Причината за комбинирање на полициските

принципи и стандарди во еден Кодекс требаше да создаде единствен документ што ќе го замени изобилството на постоечки материјал.

Друг пример е Словенечкиот кодекс на полициска етика (2008), кој спаѓа во категоријата инспиративни етички кодекси. Ги одредува односите меѓу полициските службеници и односите меѓу службени лица и граѓани, државни органи, невладини организации и други институции. Воспоставува морални и етички стандарди на полицијата и претставува надградба на Кодексот на однесување на официјалните лица во Словенија. Кодексот е многу краток и се состои од општи и крајни одредби и основни принципи (почитување, еднаквост пред законот, заштита на угледот, мито, публицитет во работата, професионализам и независност, доверливост и меѓусебни односи). Има вкупно четиринаесет члена. Главната цел на кодексот е да се подигне свеста на полициските службеници за важноста на почитување на етичките принципи и зајакнување на етичкото и моралното однесување во пракса. Авторите на Кодексот сакаа да ја зајакнат свеста за полициската мисија и да ги инспирираат сите полицајци на специфичен начин. Затоа Кодексот е напишан во прво лице множина, без вклучување дисциплински прописи кои се составен дел на другите закони што ја регулираат работата на полицијата. Неговиот посебен придонес содржи список на вредности и доблести што ја изразуваат мисијата на полицијата и како полицајците ѝ служат на јавноста. Оваа листа е отпечатена на задниот дел од кодексот. Исто така, дадени се насоки истиот да биде поставен на видно место во објектите во сите единици во рамките на полицијата.

3.9. Европска перспектива во областа на полицијата

Прирачникот за заедничка програма за етика и интегритет во полициското работење, дизајниран од Европската полициска академија (ЦЕПОЛ), наведува дека правните инструменти, како и домашните и меѓународните етички кодекси, поставуваат норми во врска со полициските работи и дека тие мора да бидат вклучени во секојдневниот живот на полициска пракса. Програмата ја нагласува важноста на правилното лидерство, како потенцијално моќна алатка да се подобри полициската етика. Ова значи дека практични примери за правилно применување на одредбите од кодексите е исто толку важно како и квалитетот на самиот кодекс. Ако раководните кадри не се однесуваат согласно кодексот и во согласност со формалните и неформални етички правила, тогаш и другите вработени веројатно ќе го следат нивниот лош пример и тоа ќе го толкуваат како прифатливо однесување во групата. ЦЕПОЛ, исто така, ја

нагласува обуката за етика, која мора да го надмине јазот помеѓу основните европски вредности и упатства (наведени во Европскиот кодекс на полициска етика, Европската конвенција против корупција, национални устави, закони и сл.) и независната етика за донесување одлуки во секојдневната полициска пракса со цел подобрување на ефикасноста на работата на полиција. Упатствата за зачувување на полицискиот интегритет (дизајнирани од Центарот за демократска контрола на вооружените сили - ДЦАФ, 2012 година) го нагласува усвојувањето на нови етички кодекси или однесување кое може да се гледа како попозитивен и попрогресивен пристап кон репресија на недостојните однесувања. Етичкиот кодекс треба да содржи норми и пожелно однесување што ги рефлектираат вредностите и принципите на културата и супкултурата на полициската организација. Прирачникот за самооценување на полициските службеници за спречување на корупцијата и подобрување на интегритетот (Европски совет, 2014 година) дефинира дека секое одделно тело, одговорно за спроведување на законот, треба во пракса да воведе самооценување на своите вработени. Прирачникот ја нагласува важноста на обуката како клучен фактор за обезбедување висококвалитетна работа на полициските службеници и која мора да ја водат обучувачи кои поседуваат соодветни квалификации. Резултатите од обуката треба да се рефлектираат во зајакнувањето на неопходните вредности за полицијата или службите за спроведување на законот, како што се интегритет, и чувство за јавните добра. Овие морални вредности мора да бидат прифатени како клучни документи, заедно со кодексот на етика. Исто така, во прирачникот се наведува дека најискусните полициските службеници (не само раководните) треба да бидат свесни за нивната улога во однос на обезбедувањето добар пример за другите, особено кога станува збор за интегритетот. Таквата средина има многу силно влијание врз младите полицајци (почетници). Прирачникот за полициска етика (ОБСЕ, 2014 година) ги дефинира општите професионални и лични вредности кои постојат во скоро сите етички кодекси на организациите, чија работа се фокусира на интеракција со луѓе. Овие вредности вклучуваат автономија, безопасна интервенција, подобрување на состојбата, интегритет, чесност, посветеност и сигурност, стручност, почитување на правата и достоинството на личноста, грижа за благосостојбата на другите, професионална и социјална одговорност. Прирачникот ги дефинира и елементите на полициската професија:

а) Полициските службеници имаат специфичен спектар на знаења кои не се стекнуваат лесно и бараат посебна обука и едукација;

б) Нив ги карактеризира обврската за посветеност кон услугите на граѓаните и јавноста;

в) Полициските службеници се посветени кон промовирање на заедничкото добро;

г) Полициските службеници имаат заеднички професионални принципи и етички кодекси во кои се бараат повисоки стандарди на однесување отколку во некои други професии.

4. Почитувањето на човековите права и јакнење на соработката меѓу полицијата и граѓаните

Советот на Европа секогаш обезбедува подршка на Владите во државите членки во надминувањето на определени недостатоци и слабости во делот на почитувањето на човековите слободи и права, а кои произлегуваат од меѓународните правила и стандарди. Поддршката се обезбедува преку разни програми, кои вклучуваат претходно изготвени проекти со прецизни препораки за идентификуваните слабости. Ваков проект на Советот на Европа е веќе во тек, а се спроведува со учество на Министерството за внатрешни работи и вклучува повеќе државни институции, како Јавно обвинителство, Судство, Народен правобранител, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и организации од Невладиниот сектор. Проектот е дел од Програмата на Советот на Европа ***„Horizontal Facility“*** за Западен Балкан и Турција. Основна фукција на проектот е заштитата на човековите права во државата да се подигне на повисоко ниво, во согласност со препораките од Советот на Европа и меѓународните стандарди. Со овој проект се очекува постигнување на две цели и тоа:

- Првата цел е воспоставување поефикасна контрола на работата на полицијата преку воспоставување на надворешен контролен механизам;
- Зајакнување на превентивната заштита од несоодветно постапување на полицијата преку ефикасна внатрешна контрола, како и подобрување на заштитата на човековите права и слободи во полициското работење.

Очекувани резултати од овој проект се:

- Воспоставување законска и институционална рамка за надворешниот механизам за контрола на полицијата;
- Развивање на капацитети и персонал на овој механизам за спроведување на ефикасни и независни истраги по преставки против полицијата;

- Овозможување на механизми за континуирана обука на полицијата во согласност со меѓународните стандарди;
- Зајакнување на капацитетите на органите за внатрешна контрола на полицијата во истрагите за несоодветно постапување,

„Horizontal Facility“ е иницијатива за соработка спроведена од Европската Унија и Советот на Европа за Западен Балкан и Турција, која е започната од мај 2019 и ќе трае во период од 36 месеци со буџет од 41 милион евра. Ова е произлезено од изјавата за намери, потпишана на 1 април 2014 година од страна на Генералниот секретар на Советот на Европа и Комесарот за проширување и еврососедска политика на Европската Унија. Оваа фаза од Програмата, која е предвидена до 2022 година, е проширена со нови теми кои ја вклучуваат и слободата на изразување и медиумите. Програмата во следните фази планирано е да покрие активности и во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, како и Турција и на тој начин да ја зајакне регионалната соработка со експертиза и реализација на политики во рамки на системот на Советот на Европа. Оваа програма овозможува да се исполнат реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да ги почитуваат европските стандарди.

„Horizontal Facility“ се потпира на методите на работа на Советот на Европа, при што активностите за техничка соработка се засноваат на заклучоците и препораките на Советот, за областите каде што се потребни подобрувања во законодавството и политиките

Темите опфатени со „***Horizontal Facility“*** вклучуваат:

- Обезбедување правда
- Борба против економскиот криминал
- Борба против дискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи
- Слобода на изразување и слобода на медиумите

Активностите на „Horizontal Facility“ опфаќаат прашања, како што се: вклучување на родовата еднаквост, заштитата на малцинствата и ранливите групи и ангажирање на организации на граѓанското општество во спроведувањето на програмата.

Вакви програми за помош и поддршка на државите, Советот на Европа преку одредени проекти долги години наназад ги поддржува и имплементира со цел подобрување на работата на полициските организации во државите и приближување до Европските норми и вредности. Тематските содржини во самите проекти зависат од

препораките на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), кои следуваат по направените анализи и годишните завршни извештаи што се доставуваат до Европската Унија. Во Република Северна Македонија уште по завршување на безбедносната криза во 2001 година, набљудувачката мисија на ОБСЕ, во соработка со Министерството за внатрешни работи, преку проектот „Степенот на комуникација, доверба и соработка меѓу граѓаните и полициската служба“, изготви шест извештаи за 2002, 2004, 2006, 2008, 2010 и 2012 година. Во септември 2014 година го издаде Наративниот извештај на тема „Истражување на јавното мнение за полициското работење“[92] исто така во соработка со Министерството за внатрешни работи. Во текот на сите овие проекти низ годините се вложија максимални напори за да се интензивира соработката помеѓу полицијата и граѓаните која по завршување на кризната 2001 беше на многу ниско ниво. Концептот „Полициско работење во заедницата“ (Community Policing), кој беше вклучен во овој проект, подразбира приближување на заедницата кон полицијата и заедничко дејствување со цел намалување на криминалот, а во исто време тоа ѝ овозможува на полицијата континуирано да обезбедува квалитетни услуги на граѓаните. Резултатите од последното истражување ни покажуваат дека има евидентен напредок во довербата на јавноста кон полицијата, но потребно е да се вложат уште напори во одредени сегменти, особено во делот на почитувањето на слободите и правата на граѓаните при полициските интервенции. Овие податоци ќе му послужат на Министерството за внатрешни работи за идентификувањето на сферите во кои е потребна дополнителна обука, како и при креирањето на понатамошните стратешки определби и политики.

Заклучок со препораки

Сите анализи укажуваат на фактот дека огромната бројка на закони, подзаконски акти, правилници, уредби и слично, според кои постапуваат полициските службеници при извршувањето на нивните работни задачи, нивната специфичност и разновидност, се оправдани аргументи за предзнакот кој го добива полициската работа, а тоа е „специфична и сложена“. Од сето ова можеме да заклучиме дека при извршувањето на полициските работи, полициските службеници мораат да поседуваат и да демонстрираат одредени морални и етички вредности при постапувањето со граѓаните, правилно да

[92] Истражување на јавното мнение за полициското работење, Наративен извештај, ОБСЕ, Септември 2014,

расудуваат, да покажат комуникациски способности, љубезност, транспарентност и разбирање за барањата и потребите на граѓаните. Покрај наведеното, полициските службеници треба да поседуваат и соодветно познавање на прашања од областа на социјалата, културата и заедницата.[93] Со цел да се воспостави вистинска комуникација помеѓу полицијата и јавноста, потребни се јасни и недвосмислени законски решенија со јасно дефинирани елементи и сразмерност на казнената политика со последиците.

Од современата практика, современите морални принципи и вредности во работата на полицијата, отворено им помагаат на граѓаните и на јавноста во општеството да го разберат начинот на работа на полицијата, помагаат да се оцени успехот на полициското дејствување во заедницата и придонесуваат вработените да ги разберат вистинските цели и вредности на полициската организација. За да може еден полициски службеник да ги поседува и применува вистинските морални и етички вредности и принципи, произлезени од општата филозофија за животот, неопходно е животно искуство и квалитетна обука во текот на образовниот процес за полициската работа. Секој човек за време на својот живот постојано вреднува разни елементи и манифестации на реалноста, како во приватниот, така и во професионалниот живот.

Човекот се развива во морална личност во текот на образованието. Како резултат на тоа се оформува моралниот карактер на една личност. Оформениот морален карактер подразбира трајна одлика, стекната преку долготраен и квалитетен процес на образование.[94] Основен метод за вреднување е класификацијата на елементи со долунаведените поими:

- вистинито и невистинито;
- добро и лошо;
- убаво и грдо;
- праведно и неправедно;
- свето (духовно/религиозно) и секуларно (недуховно/нерелигиозно), итн.

Најголем број од полициските службеници својата професионална кариера ја започнуваат со голем ентузијазам и мотивираност. Меѓутоа, штом започнат прекумерно да се вложуваат во работата и да се идентификуваат со нивната професионална улога и во приватниот живот, постепено почнуваат да го заменуваат личниот идентитет со

[93] Европски кодекс на полициска етика. Препорака (2001)10 усвоена од Комитетот на Министри на Советот на Европа. Точка 22

[94] Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ), Прирачник за спроведување обука за полициски интегритет стр.62

полициската улога, улога врз која немаат контрола. Од една страна, ова ја зајакнува колегијалноста во работата на самата полициска организација, но може да предизвика омраза и презир кон работата, која толку многу ја посакувале и комплетно се вложиле во неа. Поради тоа, потребно е да се постави јасна разлика помеѓу професионалноста и приватниот живот.

Битно е да се напомене дека полициските службеници во нивниот професионален живот имаат апсолутна контрола само на личните карактерни особини и морални и етички вредности кои ги поседуваат, додека сите останати аспекти од нивната професионална улога не се во нивни раце. Правилата и прописите на полициските организации, буџетот, опремата, кодексот на однесување, законските регулативи, нередовното работно време, полициските интервенции и разни други секојдневни и долгорочни активности и задачи не се во нивни раце и не постои можност самите да одлучуваат за нив. Ова придонесува полициските службеници по извесно време да изгубат контрола над нивниот приватен живот посветувајќи се на работата. Поради тоа само лица со јаки карактерни особини, високоразвиен личен интегритет, морални и етички вредности, можат да се носат со предизвиците кои ги бара полициската професија. Затоа образовниот процес е од огромно значење за произведување на квалитетни кадри во полицијата. Но тука се поставува прашањето каков треба да биде процесот на образование за да може на крајот да произведе кадри кои навистина ќе бидат изградени личности кои ги поседуваат сите вредности што ги бара полициската работа.

Во Република Северна Македонија образовниот систем за полициски службеници е имплементиран согласно насоките и препораките на ОБСЕ, кои во процесот на образование, преку неколку модули покрај законските регулативи во државата, ги имаат вметнато и сите други потребни елементи вклучително и принципите и препораките на меѓународното право кои се произлезени од разни декларации, конвенции, протоколи и препораки (кои се или морално или правно обврзувачки за државите членки на Меѓународните организации), и како такви се прилагодени во домашното законодавство. Тоа значи дека образовниот процес е поставен на здрави темели, а и литературата која се користи во текот на образованието на кадри за полициски службеници е прилагодена согласно постоечката законска регулатива во Република Северна Македонија и препораките од ратификуваните Меѓународни договори.

Поради сето погоренаведено, се поставува прашањето во однос на наставниот кадар, дали образовниот кадар е доволно квалитетен и компетентен за реализирање на

процесот на образование на полициски кадри, дали наставниот кадар се лица кои се произлезени од полициската професија, дали имаат доволно големо полициско искуство во својата професионална кариера, какви лични квалификации поседуваат овие лица, дали имаат завршено одредени курсеви и семинари за менторирање, обучување и изведување на настава. Овие прашања се многу битни бидејќи полициското искуство кое го имаат овие кадри колку и да е големо, само по себе не е доволно за изведување на процесот на образование. Потребни се и други лични квалификации, високо ниво на интегритет, етички и морални вредности и сл. кои треба да ги поседуваат овие лица за кои според мое мислење не се води доволно сметка при изборот на наставниот кадар. Исто така, многу битна работа е во текот на образовниот процес поголемо внимание да се посвети на практичната работа, односно праксата треба да биде организирана во сите сегменти од полициското работење и со неа да менторираат не само „искусни“ полициски службеници, туку службени лица кои покрај искуството, треба да поседуваат и други квалификации од гореспоменатите, што претставува уште една тема која би можела да ни послужи за идни истражувања.

Покрај образованието, друг многу важен елемент во полициската работа е можноста за контунуирани обуки и доквалификации во текот на службата, кои треба да бидат достапни во сите сфери на полициското работење и за сите припадници во полицијата. Обуките мора да ги содржат принципите и вредностите на демократското полициското работење.[95] Ова значи дека, во контекст на оперативната работа, полицијата треба да биде обучена за примена на законите, полициска етика, кодексот на однесување и стандардите за човекови права. Но, за време на обуките не е доволно само да се зборува за етичките и морални норми како апстрактни поими. Истите треба да содржат реални и конкретни полициски дилеми кои ќе бидат презентирани во вид на вежби, сценарија или симулации многу блиски до реалните. Потребите за обука треба да се идентификуваат од страна на оперативниот кадар во Министерството и за сите реализирани обуки треба да постојат постапки за ревизија. Преку обуките полицајците треба да станат свесни за последиците од прекршување на правилата, но и за демократските вредности и меѓународните стандарди за полициско работење кои во прв план ги стават човековите слободи и права.

[95] Види Совет на Европа, Декларација за полицијата (цит.дел. бел.5), дел Б, §3. Тревис, Полициско работење во транзиција (цит.дел. бел.4), стр.3

Сите луѓе во текот на својот живот повеќе пати се соочиле со ситуации во кои имале одредени ограничувања на нивните права и слободи од страна на полициските службеници, иако тие права им се законски загарантирани. Општо е сфаќањето дека граѓаните недоволно се запознати со своите права. Заради тоа, потребно е уште во текот на основното и средното образование да се воведат некаков вид на предавања, работилници или друг вид на едукативен процес, пред сè младите да добијат основно познавање со правата кои им ги гарантираат државните органи од една страна, но исто така да ја запознаат и препознаат улогата на полицијата и полициските работи во општеството и законските можности што ги има полицијата во делот на ограниничувањата на нивните слободи и права. Исто така и граѓанскиот сектор преку разните форми на здружување треба да биде максимално вклучен во ваков едукативен процес во кој ќе има проактивна улога, пред сè бидејќи истиот е одличен контролор и коректор во спроведувањето на законите од страна на државните органи и одличен заштитник на правата и слободите на граѓаните.

Уште едно согледување кое според мое мислење може многу да придонесе за подобрување на животот во општеството, а кој се однесува на полицијата и полициското работење е, покрај внатрешната контрола на полицијата, да се размисли за воведување на надворешен и независен контролен механизам, кој ќе ја следи работата само на полицијата, независно од постоечките тела (народен правобранител, судскиот систем, антикорупциска комисија, парламентарни тела и други).

Ова размислување е од едноставна причина, имено во Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој е контролен механизам на работата на Министерството за внатрешни работи, работат полициски службеници. Тие како и сите други полициски службеници во своето професионално работно искуство низ институциите на Министерството, стекнале и имаат помалку или повеќе блиски релации со останатиот дел од вработените. Поради тоа, во определени случаи кои ги води Одделот постои можност за нецелосно согледување на фактите при носење на одлуки и мерки кои треба да произлезат од претставки на граѓани, од несовесно работење во службата, од прекршување на прописите, непочитување на законските одредби и сл. Поради тоа понекогаш се доведува во прашање релевантноста на донесените одлуки и можноста за нивна ревизија. Мислењето е дека постоење на вакво надворешно и независно тело би бил уште еден механизам за контрола на полицијата, кој ќе придонесе за поголема транспарентност на полициската работа, а со тоа ќе се создадат услови за

поголема соработка со јавноста и ќе се зголеми и зацврсти довербата на граѓаните во полициската организација.

Слободно можам да заклучам дека овие предлози за подобрување на полициското работење се донесени врз основа на моето долгогодишно искуство и професионално работење стекнато во специјалните полициски единици на Министерството за внатрешни работи, и се надевам дека можат позитивно да придонесат за подобрување на работата на полицијата, со цел подобар и побезбеден живот за сите граѓани во државата.

Користена литература

1. „Formerd police units(FPUs) / United Nations Police“- police.un.org,
2. „FPU assessment – FPU exam/ Be a peacekeeper“ - www.beapeacekeeper.com,
3. „Individual Police Officers / United Nations Police“ - police.un.org,
4. „The mission of UN police / United Nations Police“ - police.un.org,
5. „United Nations Official Document - www.un.org,
6. „United Nations Security Council“- www.un.org,
7. „Иницијатива на Комонвелтот за човекови права“, (Њу Делхи, 2005),
8. „Истражување на јавното мнение за полициското работење“, Наративен извештај, ОБСЕ, септември 2014,
9. „КБСЕ“, Париска повелба (1990),
10. „Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања“, Правна анализа за 2010 година,
11. „Одговорно полициско работење, ризици од корупција во Министерство за внатрешни работи“, USAID, ноември 2019 година,Скопје,
12. „Основни принципи за употреба на сила и огнено оружје од полициски службеници“- Осми конгрес на ООН, 27.08-07.09.1990, Хавана
13. „Полициско работење во мултиетничко општество“, Ротердамска повелба.
14. file:///F:/mag/slovenija/Kodeks/slovenija. pdf,
15. http://mvr.org.gov/,

16. http://www.lse.ac.uk Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ)
17. https://mk.wikipedia.org -Човекови права
18. www.living-democracy.mk„Повелбата заобразование за демократско граѓанство“
19. Богољуб Милосављевиќ (2005). Људска права и полиција“, Центар за антиратну акцију, Белград
20. Босаер, Д., Демке, К. (2005). Предизвикателства към морално-етичните норми на поведение в държавите членки на Европейския съюз. Превод од англиски Bossaert, D., Demmke, C. (2005). Mein Challenges in the Field of Ethics and Integrity in the EU Member States. European Institute of Public Administration. Mastricht.
21. Дејвид Брус/Рејчел Нилд (2005). „Полиција каква што сакаме“
22. Дракулевски, Љубомир (2002). Меѓународен менаџмент, Стратегиски аспекти на меѓународниот менаџмент, Економски факултет, Скопје
23. Женевски центар за демократска контрола на вооружените сили (2015). „Прирачник за спроведување обука за полициски интегритет“, Женева
24. Лиу, Кутсај Том, и Еуген Г. Савиџ. (1996). „Перцепција на граѓаните околу влијанието на полициското работење во заедницата.“ Вол. 20, Бр. 2
25. Мајк Брогден и Преети Нијхар (2013). „Полициско работење во заедницата“,
26. Меѓународна полициска оперативна група на Обединетите нации (1996). „Упатство на комесарот за демократско полициско работење во Федерацијата Босна и Херцеговина“, Сараево
27. Милосављевиќ, Б. (2004). „Људска права и полиција“. Београд: Центар за антиратну акцију.
28. Нурединоска, Е., Саздевски, М., Ѓузелов, Б. (2014). „Извештај за проценка на корупцијата во Македонија“,
29. Обединети нации (1966) „Меѓународен договор за граѓански и политички права“
30. Обединети нации, (2004). „Спречување на урбан криминал“
31. Обединети нации (2002). „Упатства за превенција на криминал“, Анекс: „Постапка за промовирање на ефективно спречување на криминал“
32. ОБСЕ (2002). „Улогата на полициското работење во заедницата при градењето доверба во малцинските заедници“. Финален извештај, Виена,
33. Полициска етика и човекови права (2008). „Прирачник за демократско полициско работење“ ОБСЕ, Виена
34. Совет на Европа (1979). „Декларација за полиција“

35. Совет на Европа, Препорака (2003) 21 во врска со „Партнерствата за превенција на криминалот“
36. Совет на Европа, Препорака 20 (2000) за „Улогата на навремена психолошка интервенција во превенција на криминалитетот“ (2000),
37. Совет на Европа, Препорака 8 (2006) за „Помош на жртвите на криминал“ (2006),
38. Совет на Европа, Препорака бр. R (87) (1987) за „Организирање на превенција на криминалот“
39. Совет на Европа, Резолуција 690 (1979) на „Декларацијата за полиција“
40. Тројановиц, Роберт К. и Д, Картер. (1998). „Филозофијата и улогата на полициското работење во заедницата“. Источен Лансинг,
41. УНОДК (2011). „Прирачник за полициска отчетност, надзор и интегритет“ Виена: Обединети нации

Закони, конвенции, протоколи, декларации и други документи:

1. „Втор Факултативен протокол од МПГПП“, Усвоен со Резолуција 44/128 на 15 декември 1989 год. Стапи на сила на 14 јули 1991 година,
2. „Декларација за елиминирање на насилство врз жени“ (1994)
3. „Декларација за елиминирање на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз верска основа или верување“ (1981)
4. „Декларација за заштита на сите луѓе од принудени исчезнувања“ (1992)
5. „Декларација за полиција“ Резолуција 690/1979 Совет на Европа,
6. „Декларација за правата на лица кои им припаѓаат на национални, етнички или јазични малцинства“ (1992)
7. „Декларација за правата на хендикепираните лица“ (1975)
8. „Декларација за правото на развој“ (1986)
9. „Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија“,
10. „Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи“,
11. „Европска социјална повелба“ (ревидирана во 1996)
12. „Европски кодекс на полициска етика (2001)
13. „Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија“ донесен од страна на министерот за внатрешни работи на 19.11.2020 година,

14. „Закон за полиција“, пречистен текст, чл.28, март 2015, Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06)
15. „Закон за спречување корупција и судир на интереси“ – („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019)
16. „Истамбулски протокол“ 09.08.1999 година,
17. „Кодекс за однесување на службениците одговорни за примена на законот“ – 1979 година, ООН
18. „Конвенција за елиминирање на расна дискриминација“- (КЕРД), Усвоена со Резолуција на Генералното собрание на ОН 2106 А (XX) од 21 декември 1965 година. Стапи во сила на 4 јануари 1969 година
19. „Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените“ (КЕДЖ), Усвоена и отворена со Резолуција 34/180 на Генералното собрание на ОН на 18 декември 1979 година. Стапи во сила на 3 септември 1981 година
20. „Конвенција за правата на детето“ - КПД, Усвоена со Резолуција 44/25 на Генералното собрание на ОН од 20 ноември 1980 година. Стапи во сила на 2 септември 1990 година
21. „Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки“- КПМ, Усвоена со Резолуција на Генералното собрание на ОН 39/46 од 10 декември 1984 година. Стапи во сила на 26 јуни 1987 година
22. „Меѓународен пакт за граѓански и политички права“ 1976 година,
23. „Постапката (процедура) 1503“
24. „Правилник за вршење на полициските работи“ (Службен весник на РМ бр.149 од 10.12.2007)
25. „Препораки за полициско работење во мултиетнички општества“ (Хаг, 1994),
26. „Прирачник за демократско полициско работење“ од Вишиот советник на генералниот секретар на ОБСЕ (2008),
27. „Прирачник за надзор на полицијата во Јужна Африка“ (Центар за изучување на насилство и помирување, ДС Принт Медија, Јоханесбург, 2005),
28. „Универзална декларација за човекови права“, (Париз 1948 година),
29. „Устав на Република Северна Македонија“, Одлуки за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV I XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, Сл.весник бр.06/2019 година од 11 јануари 2019 година,

30. „Факултативен протокол за вклучување на деца во оружени конфликти“, Во мај 2002 год. Генералното собрание усвои резолуција 52/263 која го вклучува текстот на овој протокол кон конвенцијата за правата на детето,
31. „Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција, детска порнографија“, Во мај 2002 Генералното собрание со Резолуција 54/263 го усвои текстот на овој протокол,
32. „Факултативен протокол кон Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки“, Усвоен на седница на Генералното собрание во 2002 година, (Резолуција 57/199)
33. „Факултативен протокол на КЕДЖ“, Усвоен од Генералното собрание на ОН со Резолуција А/54/4 на 6 октомври 1999 год. Стапи во сила на 22 декември 2000 година,
34. „Факултативен протокол од МПГПП“, Усвоен со Резолуција на Генералното собрание на ОН 2200 А (XXI) од 16 декември 1966 година.